Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# ЗА 2019 ГОДИНА

март, 2020 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД....4

РЕГУЛАТОРНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2019 ДО 2023 ГОДИНА ....8

МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ....9

РЕАКЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ВО ВРСКА СО ИЗМЕНИ НА ЗААВМУ ....12

ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ....13

ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ....27

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ....28

ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ....29

СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ....32

ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ....38

РОДОТ ВО МЕДИУМИТЕ ....45

ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО И РАДИО ЕМИТУВАЊЕ....47

ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ....48

ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ....49

НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ....52

ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ....53

АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА....59

ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ....61

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....65

ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА....73

ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ....77

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА....84

МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ....84

ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ.... **Error! Bookmark not defined.**

ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ .... **Error! Bookmark not defined.**

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2019 ГОДИНА **Error! Bookmark not defined.**

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2019 ГОДИНА .... **Error! Bookmark not defined.**

# ВОВЕД

Согласно одредбите од член 8 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), во овој Извештај се опфатени активностите што во 2019 година Агенцијата ги презеде за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за 2019 година и на Годишниот план за програмски надзор за 2019 година, како и активностите коишто не беа предвидени со Програмата за работа, но во текот на годината се јави потреба да бидат преземени.

Надлежностите на Агенцијата се утврдени во членот 6 од ЗААВМУ, според кој таа: *„се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите, ја поттикнува слободата на изразување; се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите; се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица; ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон; се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација; одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување; презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од овој закон; донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија; поттикнува медиумска писменост; врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од овој закон; ги води регистрите утврдени со овој закон; спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија и врши и други работи утврдени со овој закон“.*

Надлежности за Агенцијата се утврдени и во Законот за медиуми. Имено, врз основа на овој закон Агенцијата спроведува административен надзор над радиодифузерите, и тоа само од аспект на исполнувањето на обврската за објавување импресум и обврската за обезбедување јавност во работата, а врши и исклучиво административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми и тоа само над исполнувањето на обврските за обезбедување на заштита на малолетни лица, обврската за именување одговорен уредник, обврската за објавување импресум и обврската за обезбедување јавност во работата. Како што е утврдено во членот 1 став 2 од Законот за медиуми, предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиумите и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините.

Дополнително, надлежности за Агенцијата се утврдени и во Изборниот законик, според кој таа е должна да го следи изборното медиумско претставување на програмските сервиси на радиодифузерите од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

Во текот на 2019 година, Советот на Агенцијата одржа вкупно 48 редовни седници. Покрај тоа, а согласно со обврската од членот 23 беа одржани и осум јавни седници, на коишто им беше овозможено на претставниците на медиумите на коишто им беше изречена мерка одземање на дозволата или бришење од регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги или од регистарот на радиодифузери, да ги образложат и да ги аргументираат постапките и причините за постапувањето на медиумот.

Една од најзначајните активности на Агенцијата во извештајната година беше усвојувањето на „Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023

година“ – документ во којшто медиумскиот регулатор ги утврди насоките на своето работење во периодот од следните пет години, и во којшто утврди конкретни активности што ќе ги преземе во овој период во насока на: поттикнување на разновидноста на програмските содржини; заштита и негување на културниот идентитет и на културната и јазичната разновидност во програмите; поттикнување на плурализмот на политичките гледишта во медиумите и на независноста на медиумите од политички влијанија; поттикнување на функционирањето на системите на саморегулација и корегулација; заштита на човековите права и слободи во медиумските содржини, односно поголема одговорност на медиумите за заштитата на слободата на мислење и изразување, заштита од дискриминација, овозможување непречен развој на малолетните лица, обезбедување пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост, зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања во медиумите и почитување на забраните за дискриминација и говор на омраза; поттикнувањето на развојот на пазарот и конкуренцијата, а особено можностите за нови извори на приходи што ги овозможува дигиталното опкружување, како и создавање еднакви услови за сите учесници на пазарот; обезбедување регулаторна рамка која овозможува развој на медиумите и понатамошен развој на медиумската писменост на медиумите.

Во 2019 година, многу важен ангажман на Агенцијата беше мониторингот на медиумското покривање на изборите за претседател на државата и на изборите за градоначалници на општините Дебар, Ново Село и Охрид. Според Изборниот законик, активностите на Агенцијата за следење на програмите на радиодифузерите започнуваат од денот на распишувањето на изборите и траат сè до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Сепак, подготовките започнуваат најмалку еден месец пред распишувањето на изборите со преразгледување на изборната регулатива, избор и обука на соработниците за мониторинг, обезбедување технички услови и други организациски прашања, а во зависност од бројот на медиумите што се предмет на мониторинг, активностите може да завршат и неколку месеци по завршување на изборите, додека се проверат податоците и се објават сите извештаи кои Агенцијата има обврска да ги направи. Вака беше и за изборните процеси во 2019 година, кога ангажманот на Агенцијата се рашири на целата прва половина од годината, а започна со активности поврзани со правната рамка за медиумско покривање на изборите.

Во текот на целата година Агенцијата го следеше исполнувањето на програмските и другите обврски на радиодифузерите преку спроведување програмски, административен и стручен надзор. Беа реализирани сите надзори врз радиодифузерите планирани во плановите за програмски и административен надзор, а покрај нив и повеќе вонредни надзори по службена должност или иницирани од претставки на физички лица, како и контролни надзори по изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања, што се реализираат по истекот на рокот утврден во решението за изрекување мерка.

За да обезбеди поголема транспарентност на сопственоста на радиодифузерите Агенцијата изработи посебни бази на својата веб страница во коишто се содржани податоци за физичките и правните лица кои се јавуваат како сопственици на телевизиите и радиостаниците, податоци за уделите што тие ги поседуваат, како и за крајните сопственици, односно за физичките и правните лица кои имаат удели во правните лица кои учествуваат во сопственоста на радиодифузерите. Покрај тоа, беше изработен и посебен документ „Извештај за медиумската сопственост (со промените во сопственоста и медиумската концентрација во 2018 година)“.

Во насока на заштита на плурализмот на сопственоста, Агенцијата постапуваше по поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите, ги следеше промените на сопственоста на радиодифузерите, како и почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречување недозволена медиумска концентрација од страна на радиодифузерите.

Оваа година, Агенцијата беше исклучително активна на полето на поттикнување на медиумската писменост. Беше изработен посебен документ - „Политиката за медиумска писменост“, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше реализирано истражувањето „Мапирање на нивоата на медиумска писменост во РС Македонија – кај популацијата на возраст над 16 години“, а под мотото „Застани, размисли, провери!“ во периодот од 22 октомври па се до 15 ноември, во организација на Мрежата за медиумска писменост се одржаа „Деновите на медиумска писменост 2019“. На овој начин, земјава се вклучи во одбележување на Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО. Во текот на четири седмици, граѓаните ја имаа можноста да се вклучат во триесетина работилници, дебати, вебинари, отворени денови и други настани фокусирани на различни аспекти од медиумската писменост реализирани од десетина членки на Мрежата, како и од други организации.

Во јануари Агенцијата стана членка на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите, формирана на иницијатива на Советот за етика во медиумите на Македонија, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во текот на целата година, за прашањата на професионалните стандарди и за посебните забрани, Агенцијата постапуваше во две насоки: спроведуваше надзори над програмите на радиодифузерите и реализираше едукативни активности.

Во 2019 година беше доделена една дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански јазик и на македонски јазик, на државно ниво и две дозволи за телевизиско емитување, од кои една за програмски сервис од општ формат, во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на државно ниво за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс и една за програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво.

Редовните надзори над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и над давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се спроведуваа согласно со Годишниот план за вршење програмски надзор за 2019 година, а вонредните надзори по добиена претставка или сопствени сознанија за евентуални прекршувања. Во текот на годината беа спроведени и повеќе контролни надзори над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Врз основа на претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставените пријави за регистрација на програмски сервиси, се издаваа потврди за нивна регистрација.

За констатирани прекршувања на Изборниот законик, сторени за време на изборот на претседател на државата и за предвремените избори за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар, во 2019 година беа покренати четири прекршочни постапки пред надлежен суд против радиодифузерите и одговорните лица на радиодифузерите. Во текот на 2019 година, за констатирани непочитувања на одредбите од ЗААВМУ, Законот за медиуми и на подзаконските акти, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа беа преземени вкупно 136 мерки, од кои: 112 решенија за преземање мерка – јавна опомена (103 решенија за преземање мерка – јавна опомена за радиодифизерите и девет решенија за јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи); 12 прекршочни постапки (осум против радиодифузери и одговорни лица на програмата во правните лица и четири против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и одговорните лица на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа); пет одлуки за одземање на дозвола и седум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Агенцијата беше активна на полето на меѓународната соработа и тоа преку учество во работата на асоцијациите на регулаторни тела од аудиовизуелната област – Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела во регионот. Покрај тоа, во процесот на европска интеграција Агенцијата учествуваше во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2019 и во работните групи формирани за оваа цел, изготвуваше извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област, учествуваше на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика и на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, а даде и свој придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија.

Транспарентноста во работењето Агенцијата ја обезбедуваше преку организирање јавни состаноци, комуникација со јавноста, како и преку редовно ажурирање на својата веб страница и тоа на македонски, албански и англиски јазик и унапредување на Јутуб-каналот преку којшто во живо се пренесуваат сите седници на Советот и јавните состаноци на Агенцијата.

## РЕГУЛАТОРНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2019 ДО 2023 ГОДИНА

Тргнувајќи од потребата да го заснова континуитетот и доследноста на своето постапување врз стратешки обмислен документ, Агенцијата, во март 2019 година, ја усвои „Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година“[1].

На нејзиното усвојување и претходеше широк и сериозен процес на консултации со голем број на релевантни чинители во дејноста. Со цел Стратегијата да ги опфати и соодветно адресира сите клучни прашања за засегнатите страни во медиумската дејност, во неа најпрво се мапирани и анализирани состојбите во повеќе области и врз основа на добиените сознанија се предвидени конкретни активности со коишто Агенцијата јасно ќе ја позиционира својата улога како регулатор во поттикнување на развојот на дејноста. Покрај податоците од истражувањата и анализите на Агенцијата и на други релевантни субјекти во дејноста (невладини организации кои дејствуваат во областа на медиумите, новинарските здруженија и др.), заради обезбедување посеопфатни сознанија беа спроведени и поголем број длабински интервјуа со претставници на телевизиската и радиската индустрија, како и со претставници на рекламните агенции, а беа одржани и повеќе работни состаноци со други релевантни чинители во дејноста. Во текот на 2018 година беше изработена работната верзија на Стратегијата и таа беше презентирана на состанокот што се одржа во декември 2018 година. На овој состанок присуствуваа поголем број релевантни чинители во дејноста, а по завршувањето на дискусијата Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни да ги достават своите мислења и предлози во однос на работната верзија на Стратегијата најдоцна до 25.01.2019 година. Финалната расправа по конечниот текст на Стратегијата се одржа на 21.02.2019 година.

Општите цели коишто треба да се постигнат со реализација на предвидените активности во овој стратешки документ, впрочем се општите цели на медиумската регулација во Европа – поттикнување на слободата на изразување и плурализмот на медиумите, заштита на интересите на публиката, заштита на културниот идентитет, како и економски и технолошки развој на дејноста. Секако, неопходен предуслов за остварување на овие цели е континуиран развој на регулаторната рамка, така што таа ќе ги следи трендовите во дејноста и добрите практики во земјите членки на Европската Унија.

Стратегијата се состои од десет поглавја и во секое од нив се анализирани состојбите, посочени се одредени проблеми или пак пречки за развој на дејноста, а секое поглавје завршува со препораки и конкретни активности коишто Агенцијата ќе ги преземе за да во периодот од следните пет години се постигне подобрување на постојните состојби. Станува збор за следните поглавја: 1 – „Разновидност на медиуми и жанрови“, 2 – „Политички плурализам“, 3 – „Саморегулација и корегулација“, 4 - „Заштита на културниот идентитет и поттикнување на производството на аудио и аудиовизуелна продукција“, 5 – „Плурализам на медиумската сопственост, спречување прекумерна недозволена концентрација и транспарентност на сопственоста“, 6 – „Заштита на човековите права во медиумските содржини“, 7 – „Развој на пазарот и конкуренцијата“, 8 – „Регулаторна рамка“, 9 – „Развој на медиумската писменост“ и 10 – „Аудио и аудиовизуелните услуги и новите технологии“.

Составен дел на Стратегијата е и Акцискиот план, во кој се дефинирани конкретни активности кои регулаторот планира да ги преземе во периодот од 2019 до 2023 година, а со чијашто реализација се очекува да се постигнат значајни долгорочни придобивки, односно да се постигне:

- Поттикнување на разновидноста на програмските содржини;

[1] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2019/03/Регулаторната-стратегија-за-периодот-од-2019-до-2023-година.pdf

- Заштита и негување на културниот идентитет и на културната и јазичната разновидност во програмите;
- Поттикнување на плурализмот на политичките гледишта во медиумите и на независноста на медиумите од политички влијанија;
- Поттикнување на функционирањето на системите на саморегулација и корегулација;
- Заштита на човековите права и слободи во медиумските содржини, односно поголема одговорност на медиумите за заштитата на слободата на мислење и изразување, заштита од дискриминација, овозможување непречен развој на малолетните лица, обезбедување пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост, зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања во медиумите и почитување на забраните за дискриминација и говор на омраза;
- Поттикнувањето на развојот на пазарот и конкуренцијата, а особено можностите за нови извори на приходи што ги овозможува дигиталното опкружување, како и создавање еднакви услови за сите учесници на пазарот;
- Обезбедување регулаторна рамка која овозможува развој на медиумите и
- Понатамошен развој на медиумската писменост на медиумите.

Во извештајната година Агенцијата веќе започна со реализација на активностите утврдени во Акцискиот план, а коишто беа планирани да се реализираат во 2019 година - беа изработени годишен извештај за медиумската сопственост, посебни бази со податоци за сопственоста на радиодифузерите на почетната страна на веб страницата на Агенцијата, редовната годишна Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, документ за политики за поттикнување на развојот на медиумската писменост, беа спроведени истражување и кампања во насока на подигнување на свеста за медиумската писменост кај различни целни групи, беа преземени активности за јакнење на мрежата за медиумска писменост, се започна и изработката на Студија за влијанието на новите медиуми врз формирањето на јавното мислење и врз работењето на традиционалните медиуми, и низа други активности.

## МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Еден од најзначајните ангажмани на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) во текот на 2019 година беше мониторингот на медиумското покривање на изборите за претседател на државата и на изборите за градоначалници на општините Дебар, Ново Село и Охрид. Претседателот на македонското Собрание ги распиша изборите на 8 февруари, а тие се одржаа на 21 април (првиот круг), и на 5 мај (вториот круг).

Според Изборниот законик, активностите на Агенцијата за следење на програмите на радиодифузерите започнуваат од денот на распишувањето на изборите и траат сѐ до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Сепак, подготовките започнуваат најмалку еден месец пред распишувањето на изборите со преразгледување на изборната регулатива, избор и обука на соработниците за мониторинг, обезбедување технички услови и други организациски прашања, а во зависност од бројот на медиумите што се предмет на мониторинг, активностите може да завршат и неколку месеци по завршување на изборите, додека се проверат податоците и се објават сите извештаи кои Агенцијата има обврска да ги направи. Вака беше и за изборните процеси во 2019 година, кога ангажманот на Агенцијата се рашири на целата прва половина од годината, а започна со активности поврзани со правната рамка за медиумско покривање на изборите.

**Адаптација на Методологијата и Упатството за начинот на спроведување одредби од Изборниот законик**

Поради измени на Изборниот законик (натаму во текстот - ИЗ) и на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), кои влегоа во сила на почетокот од годината, на 7 февруари 2019 година Советот на Агенцијата направи технички измени во преамбулата и во делот насловен правна рамка на „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси“ (Методологија).

Покрај тоа, а поради измените на Изборниот законик што Собранието ги усвои на 27 март, само неколку дена пред почетокот на изборната кампања (1 април), а кои беа поврзани со емитувањето платено политичко рекламирање (ППР), на 29 март 2019 година Советот на АВМУ усвои посебно „Упатство за начинот на спроведување одредби од Изборниот законик за време на кампањите за Претседателските избори и за Изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година“. Целта на Упатството беше – јасно, недвојбено да се воспостави начинот на примена на изменетите одредби што конкретно се однесуваа на: членот 75-ѓ ставови 1 и 2 (распоред/поделба на емитување ППР); членот 76-а ставови 2, 3, и 8 (процентуален распоред на информациите за учесниците во изборниот процес и нивното бесплатно претставување на програмите од Јавниот радиодифузен сервис); и членот 76-д став 4 (исплата на трошоците за ППР).

Следејќи го темпото на политичките одлуки / интервенции во ИЗ директно поврзани со изборниот процес, АВМУ навремено, преку соодветни соопштенија и, конечно - преку јавен состанок одржан на 29 март 2019 година, ги претстави деталите за нововоспоставените изборни правила, консолидирани во споменатото Упатство, обезбедувајќи им така на радиодифузерите правна сигурност при емитувањето различни облици изборно медиумско претставување во текот на изборните кампањи. Патем, на јавниот состанок, на кој покрај уредници и новинари присуствуваа и претставници на Државната изборна комисија (натаму – ДИК), во облик на вообичаена, куса предизборна информативна обука, беа претставени и клучните аналитички и регулациски поенти што АВМУ ги набљудува и ги спроведува низ призмата на права и обврски на радиодифузерите за време на целиот изборен процес, детално разработени во Методологијата.

**Мониторингот на изборниот процес – обем, ефекти и мерки**

На 9 февруари 2019 година, што значи - ден откако изборите беа распишани од претседателот на Собранието на РСМ, АВМУ го почна повеќемесечниот мониторинг на изборното медиумско претставување што официјално, низ двата изборни круга, траеше до 5 мај 2019 година.

**<u>Пред почетокот на изборната кампања (од 9 февруари до 31 март)</u>**

Во периодот од распишување на изборите до почетокот на официјалната изборна кампања, предмет на мониторингот беше 24-часовната програма на два телевизиски и два радио сервиси од Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2 - Програма на албански јазик, Македонско радио – Прв програмски сервис и Програмата на албански јазик од Каналот на етничките заедници на Македонското радио) и на 11 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ 24 Вести, ТВ Сонце, ТВ Клан Мацедониа, 1 ТВ, ТВ Компани 21-М и ТВ Шења).

Од оваа „воведна“ фаза од мониторингот, АВМУ објави два извештаи: првиот за медиумското изборно известување во периодот од 9 февруари до 6 март; вториот за периодот од 7 до 31 март 2019 година. Од клучните наоди за овие два периода може да се издвои дека - не беа констатирани прекршувања на одредбите од ИЗ, а само во еден случај беше испратено укажување до Јавниот сервис - стриктно да се

почитуваат насоките од членот 75-в на ИЗ, според кои - уредници, новинари, водители и презентери во радио и во телевизиските програми не смеат истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политичките партии. На националната ТВ Сонце, пак, која се емитува преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, ѝ беше укажано дека преку секојдневните уредувачки коментари редовно емитувани на почетокот од централниот ТВ-дневник издвојува фаворизирачко медиумско време на партијата Македонска алијанса, со што ги нарушува начелата и принципите од новинарското работење опфатени со членот 61 став 1 алинеи 9 и 13 од ЗААВМУ.

**За време на изборната кампања (од 1 април до 19 април)**

Во официјалниот период на изборните кампањи за Претседателските и за Предвремените локални избори за градоначалници - од 1 до 19 април 2019 година, анализираниот примерок за мониторингот на АВМУ беше проширен на вкупно 32 програмски сервиса, бидејќи освен претходноспоменатите национални, опфати и некои од регионалните и од локалните ТВ сервиси, а посебно оние од подрачјата на општините во кои се бираше градоначалник – Охрид, Дебар и Ново Село. Со други зборови, во анализираниот примерок влезе целокупниот, денонoќен програмски сервис на 16 радиодифузери со сигнал на национално ниво (14 телевизии и 2 радија) и на 16 регионални и локални телевизии.

Од националните радиодифузери опфатени беа: пет сервиси од Јавниот радиодифузен сервис: МРТ1; МРТ2 - Програма на албански јазик; Собранискиот канал; Македонското радио – Прв програмски сервис (МР1); и Програмата на албански јазик од Каналот на етничките заедници на Македонското радио; и 11 комерцијални телевизии: терестријалните ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител и ТВ Телма; кабелските 1 ТВ; ТВ Компани 21-М; ТВ Клан Мацедониа; ТВ Сонце и ТВ Шења; и сателитската ТВ 24 Вести.

Од 16-те регионални и локални телевизии во примерокот беа вклучени: ТВ Дибра и ТВ 3 со седиште во Дебар; ТВ М и ТВ Морис од Охрид; ТВ Кобра од Радовиш; ТВ Канал Вис од Струмица; ТВ Тера од Битола; ТВ Здравкин од Велес; КТВ од Кавадарци; ТВ Канал Визија од Прилеп; ТВ Феста од Куманово; ТВ Стар и ТВ Ирис од Штип; ТВ Ускана Еден, ТВ Кисс и ТВ Коха со седиште во Тетово.

Од овој период на мониторингот АВМУ објави два извештаи: првиот за почетните девет дена од кампањата (од 1 до 9 април 2019 година), а вториот извештај ги содржеше наодите од известувањето на радиодифузерите во последните 10 дена од изборната кампања за првиот круг од изборите (од 10 до 19 април). Споредбено со искуствата од минатите изборни процеси, општата констатација беше – видливо намалениот број изречени мерки за конкретните / тековни изборни процеси, што, пак, претставува позитивен ефект од континуираниот, повеќегодишен, јавен ангажман на АВМУ за навремено, и пред сè - советодавно потсетување на радиодифузерите за финесите од изборните правила, и тоа во сите фази на изборниот процес. На пример, за време на изборниот молк - од 20 до 21 април, во првиот круг од гласањето за претседател на Републиката и за градоначалници на одредени општини АВМУ не констатираше сериозни повреди на ИЗ и одлучи да не покренува прекршочни постапки. Деталниот опис на вкупно четирите мерки против радиодифузерите што при известувањето од изборниот процес прекршија некој од аспектите на ИЗ е даден во посебен преглед во прилог на Извештајот.

**Мониторингот на вториот круг од изборите**

Во вториот изборен круг – од 22 април до 3 мај 2019 година, предмет на изборниот мониторинг остана истиот примерок од медиуми. Се анализираше начинот на медиумското известување од изборните кампањи за Претседателските избори и за Изборите за градоначалник на општините Охрид и Ново Село (изборот за градоначалник на Дебар заврши по првиот круг гласање). Резултатите и сублимираните показатели за

медиумскиот приод кон вториот изборен круг беа објавени во посебен извештај на АВМУ, и во суштина констатациите не се разликуваа од оние за првиот круг од изборите.

**Транспарентност на АВМУ при спроведување на обврските**

Сите редовни (планирани) извештаи во врска со изборниот процес, како и сите (непланирани) соопштенија, документи, одговори на претставки и други материјали (на пример: комуникацијата со ДИК или со органи на државната управа; обуки, (до)објаснувања и информации поврзани со изборите) – АВМУ за сиот тек на изборниот процес ги направи постојано достапни во посебен банер на својата веб страница, насловен „ИЗБОРИ 2019“.

Во согласност со обврските од членот 76-в од ИЗ, од распишувањето на изборите до почетокот на кампањата (9 февруари - 31 март 2019 г.) преку седмични извештаи, а од стартот до крајот на изборната кампања (1 април – 19 април 2019 г.) преку дневни извештаи, АВМУ редовно ја известуваше ДИК за активностите според своите регулациски надлежности.

Покрај за активностите поврзани со мониторингот, АВМУ до ДИК доставуваше и извештаи за вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање емитувано во програмските сервиси на радиодифузерите што навреме пријавија дека во некаков комерцијален медиумски облик ќе го (про)следат изборниот процес. За оваа задача од мониторингот на изборниот процес АВМУ изработи соодветни обрасци што им беа доставени на радиодифузерите. Извештаите за емитуваното ППР, кои во предвидените рокови АВМУ ги поднесе до ДИК, се засноваа врз податоците доставени директно од телевизиите и од радијата. Првиот таков извештај (од АВМУ до ДИК) се однесуваше на периодот од 1 до 7 април 2019 година, а вториот за периодот од 8 април до 3 мај (значи вклучително и за вториот изборен круг) 2019 година. Треба да се напомене дека неколку радиодифузери ја известија АВМУ дека направиле грешки при пополнување на податоците во вториот извештај, па затоа дополнително - на 17 мај, АВМУ на својата веб-страница објави коригиран извештај, со соодветно известување / појаснување до ДИК.

## РЕАКЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ВО ВРСКА СО ИЗМЕНИ НА ЗААВМУ

Во јануари 2019 година, Агенцијата реагираше во врска со измените на ЗААВМУ што Собранието ги усвои во декември 2018 година, а со цел да посочи дека тие ќе создадат сериозни проблеми со имплементација на законот. Агенцијата за тоа ги извести Претседателот на Собранието на РС Македонија, Претседателот на Владата на РС Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Делегацијата на Европска Унија во РС Македонија, Мисијата на ОБСЕ и Амбасадорот на САД во РС Македонија. Имено, Агенцијата, како регулаторно тело надлежно за имплементација на медиумската легислатива, посочи на следните клучни проблеми што произлегуваат од овие законски измени:

- воведени се нови законски решенија со кои практично се оневозможува системско регулирање на одредено прашање (изрекување мерка јавна опомена, реемитување на програмски сервиси преку оператори на јавна електронска комуникациска мрежа);
- контрадикторни законски одредби со што се создава конфузија кои одредби ќе се применуваат (рекламирање кај јавниот радиодифузен сервис);
- наметнување обврски за регулаторот коишто од технички и кадровски аспект, е невозможно да се следат (намалување на надоместокот за лиценца за радио);
- отсуство на преодни и завршни одредби со кои би се пропишало постапувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот до влегувањето во сила на Законот

за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од неговото стапување во сила до изборот на членови на Советот на Агенцијата и директор, согласно овој закон.

Воедно, Агенцијата посочи и дека за да се надмине ситуацијата потребни се нови измени на Законот, за што ја понуди и својата експертиза.

Во февруари 2019 година беа усвоени нови измени на ЗААВМУ, меѓутоа од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, како надлежен предлагач на овој закон, повторно не беа земени предвид забелешките на Агенцијата. Со тоа не само што проблемите не беа надминати, туку оттогаш до денес дел од нив ескалираа дотаму што во моментот на пишување на овој извештај, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи најавуваат целосно исклучување на програмските сервиси, а во медиумите се објавуваат текстови со наслови како „следува целосен медиумски мрак“, и „земјава ја чека информативен мрак“. Истовремено, операторите имаат поднесено Иницијатива до Уставниот суд за поништување на спорните одредби како неуставни со барање донесување времена мерка со која веднаш ќе се одложи примената на усвоените законски измени, поради нивна неуставност.

## ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во 2019 година беа реализирани сите надзори врз радиодифузерите планирани во плановите за програмски и административен надзор. Покрај овие надзори, беа реализирани и повеќе вонредни надзори по службена должност или иницирани од претставки на физички лица, како и контролни надзори по изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања, што се реализираат по истекот на рокот утврден во решението за изрекување мерка. За неколку од изречените мерки јавна опомена на крајот од 2019 година, контролните надзори се направени на почетокот од 2020 година и тие не се опфатени во овој Извештај.

Во продолжение даден е преглед на сите надзори претставени според периодот на нивното завршување, а не според периодот кој бил планиран во годишните планови за програмски и административен надзор за 2019 година, прикажани месец по месец.

Надзорите што се однесуваат на почитувањето на професионалните стандарди во известувањето и за говор на омраза се составен дел на главата „Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите“ и не се претставени во овој дел од Извештајот.

### Јануари

*Програмски надзор*

- Вонреден надзор по службена должност за почитувањето на член 67 став 6 од ЗААВМУ (програмски концепт) врз програмскиот сервис на комерцијалното радио РФМ што емитува програма на регионално ниво. Со надзорот беше опфатена седмицата од 10 до 16 декември 2018 година. Имајќи предвид дека по трет пат во една година беше констатирано прекршување на член 67 став 6 од Законот, согласно кој „*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*“, (со надзорот од мај 2018 година со кој беше опфатена седмицата од 23 до 29 април 2018 година и со надзорот во октомври 2018 година за седмицата од 6 до 12 август 2018 година), Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата на оваа радиостаница.

- Вонреден надзор по службена должност за почитувањето на член 67 став 6 од ЗААВМУ (програмски концепт) врз програмскиот сервис на комерцијалното радио РФМ што емитува програма на регионално ниво, по покрената постапка за одземање на дозволата од страна на Советот на Агенцијата. Со надзорот беше опфатена седмицата од 14 до 20 јануари 2019 година и беше констатирано дека радиодифузерот го усогласил емитувањето на програмата со програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата. Поради тоа постапката за одземање на дозволата на оваа радиостаница беше запрена.

**Февруари**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1 и МРТ2). Со надзорот не се констатирани прекршувања на Законот и на подзаконските акти.

- Редовен програмски надзор врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3). Со надзорот беше констатирано прекршување на член 92 став 4 од ЗААВМУ (домашна музика) кај Првиот и кај Вториот радио сервис на ЈРС – МРА1 и МРА2, за што на двата сервиса им беа изречени мерки јавна опомена.

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси што емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма). Со надзорот беа констатирани прекршувања само кај ТВ Канал 5, по три основи од ЗААВМУ: член 64 став 1 (јазик на емитување), член 98 став 2 и член 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники (рекламирање на поделен екран), и член 55 став 7 (пласирање производи), за што на овој радиодифузер му беа изречени мерки јавна опомена по сите основи.

- Вонреден програмски надзор по претставка врз програмскиот сервис на 1 ТВ, во врска со промотивните најави за играните серијали „Викинзи“ и „Падот“. Со надзорот беше констатирано дека емитувањето на овие промотивни најави е во согласност со одредбите од Правилникот за заштита на малолетниците, бидејќи најавите за серијалите не содржат експлицитни сцени на насилство или на еротика што можат да им наштетат на малолетниците и се емитуваат соодветно означени. За наодите од надзорот беа известени радиодифузерот и подносителот на претставката.

- Вонреден програмски надзор по претставка врз програмскиот сервис на ТВ Телма во врска со категоризацијата на играниот серијал „Животинско кралство“. Со надзорот беше констатирано дека претставката е основана, односно дека ТВ Телма погрешно го класифицира играниот серијал, поради што го емитува во несоодветен временски период од денонокието, односно дека ги прекршува член 50 став 3 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица. За наодите од надзорот беа известени и подносителот на претставката и радиодифузерот, а на радиодифузерот му беше изречена мерка јавна опомена.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис 1 ТВ за почитувањето на членовите 50 став 3 (заштита на малолетници), 52 (програми со наградно учествување) и 55 (пласирање производи) од ЗААВМУ, по изречените мерки опомена, во декември 2018 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата на членовите 52 и 55, но сè уште го прекршува членот 50 став 3 и членот 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Во согласност со заклучокот на Советот за

начинот на изрекување на мерките од член 23 од ЗААВМУ, на радиодифузерот му беше изречена и мерка јавна опомена.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1 и МРТ2). Со надзорот беше констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми (импресум) кај МРТ2, поради што му беше изречена мерка јавна опомена.

- Редовен административен надзор врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3). Со надзорот беше констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми (импресум) кај МРА3, поради што му беше изречена мерка јавна опомена.

- Редовен административен надзор врз телевизиските програмски сервиси што емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма). Со надзорот беше констатирано прекршување само кај ТВ Телма на член 14 од Законот за медиуми (импресум) и беше изречена мерка јавна опомена.

- Контролен административен надзор врз програмскиот сервис 1 ТВ за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (импресум) и на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците), по изречените мерки опомена, во декември 2018 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата.

- Контролен административен надзор врз програмските сервиси на: радио Лајф, што емитува програма на регионално ниво, и ТВ Компани 21-М, што емитува програма на национално ниво, за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците), по изречените мерки опомена, во декември 2018 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерите ги отстраниле прекршувањата.

**Март**

*Програмски надзор*

- Вонреден програмски надзор по претставка врз телевизискиот програмски сервис на ТВ 24 Вести за почитувањето на правилата за заштита на малолетници. Со надзорот беа опфатени 14 епизоди од италијанскиот криминалистички серијал „Прашање на чест“, емитувани на: 5, 6, 7, 8, 12, 13, 14, 15, 16, 19, 20, 21, 22 и 26 февруари 2019 година, на државно ниво. Беше констатирано прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно сите епизоди, наместо со четврта категорија, променливо и погрешно беа означени со прва, втора или трета програмска категорија и емитувани во несоодветен временски период од денонокието, пред 22 часот. За наодите од надзорот беа известени и подносителот на претставката и радиодифузерот, а на радиодифузерот му беше изречена мерка јавна опомена.

**Април**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку ОЈЕКМ (1 ТВ, ТВ Клан Мацедониа, ТВ Компани 21-М и ТВ Шења). Бидејќи надзорот според

Годишниот план беше планиран за февруари, беше направен на снимки од овој месец, но поради големиот број обврски поврзани со мониторингот на изборното медиумско претставување кој започна на 9 февруари, извештаите од надзорот беа подготвени на почетокот од април. Со надзорот беа констатирани прекршувања кај две телевизии – ТВ Клан Македониа и ТВ Компани 21-М. Кај ТВ Клан Македониа беше констатирано прекрување на член 92 став 1 од ЗААВМУ (најмалку 30% изворно создадена програма), а кај ТВ Компани 21-М на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (најмалку 30% изворно создадена програма од која половина во периодот од 7 до 19 часот) и на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (неозначување на промотивните најави со сигнализацијата за заштита на малолетните лица). За двата медиуми, по сите основи беа изречени мерки јавна опомена.

- Вонреден програмски надзор врз 1 ТВ, реализиран по службена должност за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано прекршување и беше изречена мерката јавна опомена.

- Вонреден програмски надзор врз ТВ Компани 21-М, реализиран по службена должност за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано прекршување и беше изречена јавна опомена.

- Вонреден програмски надзор врз ТВ Сител, реализиран по две претставки од физички лица за почитувањето на правилата за заштита на малолетните лица. Предмет на надзорот беше турскиот игран серијал „Далеку од дома“. Со надзорот врз повеќе емитувани епизоди од серијалот беше констатирано дека претставките се неосновани и дека ТВ Сител не ги прекршува член 50 став 3 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица. Извештајот од надзорот беше објавен на веб страницата, а подносителите на претставките беа информирани за наодите од надзорот.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку ОЈЕКМ (1 ТВ, ТВ Клан Македониа, ТВ Компани 21-М и ТВ Шења). Бидејќи надзорот според Годишниот план беше планиран за февруари, беше направен на снимки од овој месец, но поради големиот број обврски поврзани со мониторингот на изборното медиумско претставување кој започна на 9 февруари, извештаите од надзорот беа подготвени на почетокот од април. Со надзорот беа констатирани прекршувања кај три телевизии – 1 ТВ, ТВ Компани 21-М и ТВ Шења. Кај сите три на член 14 од Законот за медиуми (обврската за објавување импресум), а кај ТВ Шења и на член 51 став 1 од ЗААВМУ (обврската одредени информации за радиодифузерот да ги направат достапни за корисниците). За трите медиуми, по сите основи беше изречена јавна опомена.

**Мај**

*Програмски надзор*

- Вонреден програмски надзор врз основа на претставка на телевизискиот програмски сервис 24 Вести за почитувањето на правилата за заштита на малолетните лица при емитувањето на играниот серијал „Медичи“. Со надзорот е констатирано дека се емитувани осум епизоди од овој игран серијал во периодот од 12 до 26 март 2019 година, кои според содржината може да се емитуваат со ознаката за програма од втора категорија и во временскиот термин во кој ги емитува медиумот. Оттаму, во извештајот од надзор не е констатирано прекршување на Законот и на подзаконскиот акт за заштита на малолетните лица. За наодите од надзорот се известени и подносителот на претставката и медиумот.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис 1 ТВ за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис Канал 5 за почитувањето на член 55 став 7 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис Канал 5 за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис 24 Вести за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, по изречената мерка јавна опомена, во април 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1) за почитувањето на член 92 став 4 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис Македонско радио – Втор програмски сервис (МРА2) за почитувањето на член 92 став 4 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис Канал 5 за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис 24 Вести за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во февруари 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз сите радиодифузери за почитувањето на обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми (до 31 март во тековната година да достават извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволите за радио и телевизиско емитување, особено за спроведувањето на програмскиот концепт во претходната година). Со надзорот беше констатирано дека 25 радиодифузери не ја исполнија обврската. Од нив, 10 се телевизии (ТВ Клан, ТВ Сонце, Наша ТВ, ТВ Канал Вис, ТВ Ирис, ТВ Топестрада, ТВ Канал 21, ТВ Канал Визија, ТВ Гурра и ТВ Дуе) и 15 се радија (РА Арачина, РА Лајф, РА РФМ, РА Капитол, РА 106, РА Б-97, РА БИ-КИ-АЛ, РА Ла Коста, РА Кочани, РА Аљбана Плус, РА Лав, РА Холидеј, РА Пела, РА Еко и РА Хит). На сите радиодифузери им беше изречена мерка јавна опомена со рок за усогласување од 45 дена.

- Контролен административен надзор врз програмскиот сервис Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) за почитувањето на член 14 од ЗМ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека МРТ2 не го отстранил прекршувањето, поради што беше поведена прекршочна постапка.

- Контролен административен надзор врз програмскиот сервис Македонско радио – Трет програмски сервис (МРА3) за почитувањето на член 14 од ЗМ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Јуни**

*Програмски надзор*

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис ТВ Телма за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис ТВ Компани 21-М за почитувањето на член 50 став 3 од ЗААВМУ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

*Административен надзор*

- Контролен административен надзор врз програмскиот сервис ТВ Телма за почитувањето на член 14 од ЗМ, по изречената мерка јавна опомена, во март 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- Контролен административен надзор врз програмскиот сервис ТВ Комапни 21-М за почитувањето на член 14 од ЗМ, по изречената мерка јавна опомена, во април 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Јули**

*Програмски надзор*

- Редовен годишен програмски надзор на телевизиските радиодифузери на државно ниво кои во 2018 година имаа обврска за емитување европски аудиовизуелни дела (МРТ1, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, Наша ТВ, ТВ 24 Вести, ТВ Шења, ТВ Компани 21-М, 1 ТВ и ТВ Клан Мацедониа). Со надзорот беше констатирано дека сите телевизии ја исполниле обврската да емитуваат европски аудиовизуелни дела во 2018 година. За ТВ Клан Мацедониа доцнеше извештајот (беше подготвен на почетокот од септември) поради повеќе грешки во податоците доставени од радиодифузерот.

- Редовен годишен програмски надзор на телевизиските радиодифузери на државно ниво (МРТ1, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, Наша ТВ, ТВ 24 Вести, ТВ Шења, ТВ Компани 21-М, 1 ТВ и ТВ Клан Мацедониа) за обврската во 2018 година, во буџетот за програма да одвојат најмалку 10% за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти. Со надзорот беше констатирано дека сите телевизии ја исполниле обврската да емитуваат европски аудиовизуелни дела од независни продуценти и да одвојат најмалку 10% од буџетот во 2018 година за нивна набавка. За ТВ Клан Мацедониа

доцнеше извештајот (беше подготвен на почетокот од септември) поради повеќе грешки во податоците доставени од радиодифузерот.

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ 24 Вести и Наша ТВ). Со надзорот беа констатирани неколку прекршувања кај двата медиуми, и тоа: кај Наша ТВ беа констатирани прекршувања на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран); член 54 став 2 од ЗААВМУ и на член 8 од Правилникот за спонзорство (неозначување спонзори); член 55 ставови 5 и 7 од ЗААВМУ (правила за пласирање производи); член 100 став 1 од ЗААВМУ (лимити за рекламирање); и член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетници. Кај ТВ 24 Вести беа констатирани прекршувања на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран); и на член 54 став 1 од ЗААВМУ (промотивно препорачување на спонзорите на програмата). На двете телевизии Агенцијата им изрече мерки јавна опомена по сите основи.

- Редовен програмски надзор врз пет телевизиски програмски сервиси на регионално ниво избрани по случаен избор (ТВ МТМ, ТВ Тера, ТВ М, ТВ Стар и ТВ Ера). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај ТВ Тера, ТВ Стар и ТВ Ера. Кај ТВ Тера и ТВ Ера беа констатирани прекршувања на член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот) и на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Кај ТВ Тера беше констатирано прекршување и на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Кај ТВ Стар беше констатирано прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ (дневно најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела). На овие телевизии им беа изречени мерки јавна опомена за сите констатирани прекршувања.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис 1 ТВ за почитувањето на член 64 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис ТВ Клан Мацедониа за почитувањето на член 92 став 1 од ЗААВМУ (најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела дневно). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз програмскиот сервис ТВ Компани 21-М за почитувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ 24 Вести и Наша ТВ). Со надзорот беше констатирано прекршување кај Наша ТВ на член 14 од Законот за медиуми (импресум), за што беше изречена мерка јавна опомена.

- Редовен административен надзор врз пет телевизиски програмски сервиси на регионално ниво избрани по случаен избор (ТВ МТМ, ТВ Тера, ТВ М, ТВ Стар и ТВ Ера). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- Редовен административен надзор врз четири телевизиски програмски сервиси на локално ниво избрани по случаен избор (ТВ Дибра, ТВ Морис, ТВ Нова и ТВ Канал 21). Со надзорот кај сите четири беа констатирани прекршувања на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците), а кај ТВ Морис, ТВ Канал 21 и ТВ Нова и на член 14 од Законот за медиуми (импресум). За констатираните прекршувања на овие телевизии им беа изречени мерки јавна опомена.

- Контролен административен надзор за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (импресум) беше направен врз програмските сервиси на државно ниво 1 ТВ и ТВ Шења. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерите постапиле по изречените мерки јавна опомена и ги отстраниле прекршувањата.

- Врз програмскиот сервис ТВ Шења беше направен контролен административен надзор и за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

- Контролен административен надзор на 10 радиодифузери (осум радија и две телевизии) – радијата Еко, Аљбана, Кочани ФМ, Капитол ФМ, Лав, Хит, 106, и Делфин (БИ-КИ-АЛ) и телевизиите Топестрада и Гурра, за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за исполнувањето на програмскиот концепт). Со надзорот беше констатирано дека сите радиодифузери во дополнителниот рок од 45 дена, даден при изрекувањето на мерката јавна опомена, доставија извештаи за исполнувањето на програмскиот концепт во 2018 година.

**Август**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз четири телевизиски програмски сервиси на локално ниво избрани по случаен избор (ТВ Дибра, ТВ Морис, ТВ Нова и ТВ Канал 21). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај ТВ Нова на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица и кај ТВ Канал 21 на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица и на член 98 став 1 од Законот (неозначено и неодвоено рекламирање од другите делови на програмата). Кај сите четири телевизии беше констатирано прекршување и на обврската за заштита на културниот идентитет, односно за емитување македонски аудиовизуелни дела. Прекршување на првиот став од член 92 (најмалку 30% дневно изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела) имаше кај ТВ Нова, ТВ Дибра и ТВ Канал 21, а на третиот став кој се однесува на емитувањето македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7 до 19 часот, кај ТВ Дибра, ТВ Канал 21 и ТВ Морис. За сите констатирани прекршувања на радиодифузерите им беа изречени мерки јавна опомена.

- Контролен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Компани 21-М за почитувањето на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и ја усогласил програмата.

*Административен надзор*

- Контролен административен надзор на 11 радиодифузери (пет радиостаници и шест телевизии) – радијата РФМ, Пела, Холидеј, Лајф и Ла Коста, и телевизиите Наша, Ирис, Канал Визија, Дуе, Вис и Канал 21, за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за исполнувањето на

програмскиот концепт). Со надзорот беше констатирано дека сите радиодифузери во дополнителниот рок од 45 дена, даден при изрекувањето на мерката јавна опомена, доставија извештаи за исполнувањето на програмскиот концепт во 2018 година.

**Септември**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз радио сервисите на државно ниво Антена 5, Метрополис и Канал 77. Со надзорот не беа констатирани прекршувања на Законот и на подзаконските акти.

- Вонреден надзор врз телевизискиот програмски сервис на државно ниво 1 ТВ за почитувањето на програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за телевизиско емитување (член 67 став 6 од ЗААВМУ). Со надзорот реализиран во седмицата од 5 до 11 август 2019 година, беше констатирано дека и покрај промените во програмската шема на радиодифузерот, неговата програма е во рамки на програмскиот концепт за кој е издадена дозволата.

- Вонреден програмски надзор врз радио сервисите на државно ниво Метрополис и Канал 77 за доброволно преземените обврски од нивна страна за емитување домашна музика во 2019 година, во согласност со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ и Насоките донесени од страна на Советот на Агенцијата. Двете национални радија, на почетокот од годината известија дека во 2019 година, на дневно ниво, во периодот од 6 до 00 часот, ќе емитуваат по 25% музика на македонски јазик и/или инструментална музика од автори од РСМ. Врз основа на нивните известувања, на двете радија за по 25% им беше намален годишниот надоместок за дозволата. Со надзорот беше констатирано дека радио Канал 77 не ја почитува обврската домашната музика да ја емитува во периодот од 6 до 00 часот.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз радио сервисите на државно ниво Антена 5, Метрополис и Канал 77. Со надзорот не беа констатирани прекршувања на Законот за медиуми, на ЗААВМУ и на подзаконските акти.

- Контролен административен надзор на три радиодифузери, радијата Арачина и Б-97 и телевизијата Клан Мацедониа, за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за исполнувањето на програмскиот концепт). Со надзорот беше констатирано дека трите радиодифузери во дополнителниот рок од 45 дена, даден при изрекувањето на мерката јавна опомена, доставија извештаи за исполнувањето на програмскиот концепт во 2018 година.

**Октомври**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз шест случајно избрани радио програмски сервиси на регионално ниво (РА Хит, РА Капитол, РА РФМ, РА Зона М-1, ФМ 90.3 Спортско РА и РА Урбан ФМ). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- Кај пет (РА Хит, РА Капитол, РА Зона М-1, ФМ 90.3 Спортско РА и РА Урбан ФМ) од шесте случајно избрани радио програмски сервиси на регионално ниво беше направен и вонреден програмски надзор за почитувањето на доброволно преземените обврски од нивна страна за емитување домашна музика во 2019

година, во согласност со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ и Насоките донесени од страна на Советот на Агенцијата. Ваков надзор не беше направен на РА РФМ поради констатирани технички проблеми во сигналот на емитување на радиото. Радиодифузерот беше известен за техничките проблеми и беше побарано од него да ги отстрани и за тоа да ја извести Агенцијата. Радијата, на почетокот од годината известија дека во 2019 година, на дневно ниво, во периодот од 6 до 00 часот, ќе емитуваат: РА Хит – 20%, РА Капитол – 30%, РА Зона М-1 – 35%, ФМ 90.3 Спортско РА – 30% и РА Урбан ФМ - 20% музика на македонски јазик и/или инструментална музика од автори од државата. Врз основа на нивните известувања, на сите нив им беше намален годишниот надоместок за дозволата. Со надзорот беше констатирано дека само РА Хит и РА Урбан ФМ ги почитуваат доброволно преземените обврски. На останатите им беше изречена мерка јавна опомена со укажување дека доколку не ја усогласат програмата со преземените обврски, Советот ќе донесе решенија да го доплатат надоместокот за кој на почетокот од годината им бил намален годишниот надоместок за дозвола.

- Контролни програмски надзори врз телевизискиот програмски сервис Наша ТВ кој емитува програма на државно ниво, за почитувањето на: член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран); член 54 став 2 од ЗААВМУ и на член 8 од Правилникот за спонзорство (неозначување спонзори); член 55 ставови 5 и 7 од ЗААВМУ (правила за пласирање производи); член 100 став 1 од ЗААВМУ (лимити за рекламирање); и член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетници. Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречените мерки јавна опомена и ја усогласил програмата со ЗААВМУ и подзаконските акти.

- Контролни програмски надзори врз телевизискиот програмски сервис ТВ 24 Вести кој емитува програма на државно ниво, за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран); и на член 54 став 1 од ЗААВМУ (промотивно препорачување на спонзорите на програмата). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречените мерки јавна опомена и ја усогласил програмата со ЗААВМУ и подзаконските акти.

- Контролен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис ТВ Тера за почитувањето на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз шест случајно избрани радио програмски сервиси на регионално ниво (РА Хит, РА Капитол, РА РФМ, РА Зона М-1, ФМ 90.3 Спортско РА и РА Урбан ФМ). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај две од нив - РА Хит и РА Зона М-1. Кај РА Хит беше констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми (импресум) и на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (информации за корисниците), а кај РА Зона М-1 беше констатирано прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците), за што на двете радиостаници им беа изречени мерки јавна опомена.

**Ноември**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз петте терестријални телевизии на државно ниво (ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма). Со надзорот беа констатирани прекршувања кај сите, и тоа: кај ТВ Алфа на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетници и на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран); кај ТВ Алсат-М на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 16 од Правилникот за заштита на малолетници и на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата); кај ТВ Канал 5 на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран); кај ТВ Сител на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран) и на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 17 од Правилникот за заштита на малолетници; кај ТВ Телма на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (правила за емитување рекламирање на поделен екран). За сите констатирани прекршувања на овие телевизии им беа изречени мерки согласно ЗААВМУ.

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку оператори на јавна комуникациска мрежа (ТВ Клан Македониа, ТВ Шења, ТВ Сонце и ТВ Компани 21-М). Со надзорот се констатирани прекршувања само кај ТВ Клан Македониа и кај ТВ Компани 21-М, и тоа кај ТВ Клан Македониа на член 55 став 5 од ЗААВМУ (пласирање производи) и на член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување), а кај ТВ Компани 21-М на член 98 став 2 и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (рекламирање на поделен екран), за што им беа изречени мерки јавна опомена.

- Вонреден програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис ТВ Нова (Гевгелија), кој емитува програма на локално ниво. Со надзорот беа констатирани прекршувања по три основи: на член 64 став 3 од ЗААВМУ (јазик на емитување); член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот); и член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 16 од Правилникот за заштита на малолетници. За сите три прекршувања на оваа телевизија и беа изречени мерки јавна опомена.

- Контролни програмски надзори врз телевизискиот програмски сервис ТВ Нова (Гевгелија), кој емитува програма на локално ниво, за почитувањето на член 92 став 1 од ЗААВМУ (дневно најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела); и член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 17 од Правилникот за заштита на малолетници. Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречените мерки јавна опомена. Оттаму, по двата основи, Советот донесе одлука да поведе прекршочни постапки пред надлежниот суд.

- Контролен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Дибра за почитувањето на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

- Контролни програмски надзори врз телевизискиот програмски сервис ТВ Ера, кој емитува програма на регионално ниво, за почитувањето на член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот) и член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена.

- Контролен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Морис, за почитувањето на член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка јавна опомена.

- Контролни програмски надзори врз телевизискиот програмски сервис ТВ Тера за почитувањето на член 92 став 3 од ЗААВМУ (половина од квотата македонски аудиовизуелни дела да се емитува во периодот од 7 до 19 часот) и член 64 став 1 од ЗААВМУ (јазик на емитување на програмата). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена за член 92 став 3 од ЗААВМУ, но не постапил по изречената мерка јавна опомена за член 64 став 1 од ЗААВМУ. Оттаму, по овој основ, Советот донесе одлука да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

- Контролни програмски надзори врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Канал 21 (Велес), за почитувањето на член 98 став 1 од ЗААВМУ (начин на емитување на рекламирањето) и член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетници. Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена за член 98 став 1 од ЗААВМУ, но не постапил по изречената мерка јавна опомена за член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот. Оттаму, по овој основ, Советот донесе одлука да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

- Контролен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Канал 21 (Велес), за почитувањето на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

- Контролен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на регионално ниво ТВ Стар, за почитувањето на член 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз петте терестријални телевизии на државно ниво (ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма). Прекршување беше констатирано само кај ТВ Телма, на член 14 од Законот за медиуми, за што беше изречена мерка јавна опомена.

- Редовен административен надзор врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку оператори на јавна комуникациска мрежа (ТВ Клан Мацедониа, ТВ Шења, ТВ Сонце и ТВ Компани 21-М). Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- Контролни административни надзори врз телевизискиот програмски сервис ТВ Нова (Гевгелија), кој емитува програма на локално ниво, за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена за член 14 од Законот за медиуми, но не постапил по изречената мерка јавна опомена за член 51 став 1 од ЗААВМУ. Оттаму, по овој основ, Советот донесе одлука да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

- Контролен административен надзор врз телевизискиот програмски сервис Наша ТВ, кој емитува програма на државно ниво, за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорот

беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена и го отстранил прекршувањето.

- Контролни административни надзори врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Канал 21 (Велес) за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена за член 51 став 1 од ЗААВМУ, но не постапил по изречената мерка јавна опомена за член 14 од Законот за медиуми. Оттаму, по овој основ, Советот донесе одлука да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

- Контролни административни надзори врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Морис (Охрид) за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена.

- Контролен административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на локално ниво ТВ Дибра за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.

- Контролни административни надзори врз радио сервисите на регионално ниво – РА Хит и РА Зона М1, за почитувањето на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците). Со надзорите беше констатирано дека двете радија постапиле по изречените мерки опомена и ги отстраниле прекршувањата.

**Декември**

*Програмски надзор*

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на МРТ (МРТ1 и МРТ2). Со надзорот се констатирани прекршувања кај МРТ1 на член 64 став 1 (јазик на емитување), и на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетници, за што беа изречени мерки јавна опомена.

- Вонреден програмски надзор врз ТВ Телма реализиран по претставка од физичко лице - на 17 декември, во врска со германската криминалистичка играна серија „Аларм за Кобра 11“, што се емитува на ТВ Телма. Подносителот на претставката сметаше дека серијалот е несоодветно означен како програма од трета категорија (12+). Со надзорот врз неколку епизоди од серијалот не беа констатирани прекршувања на Законот и на Правилникот за заштита на малолетниците.

- Контролен програмски надзор врз радио сервисот на државно ниво Канал 77 за почитувањето на доброволно преземената обврска за емитување домашна музика во согласност со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ и точка 4 од Насоките за емитување домашна музика, донесени од страна на Советот на Агенцијата. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка јавна опомена и беше донесено решение медиумот да го доплати износот од надоместокот за дозвола што му беше намален на почетокот од годината.

- Контролен програмски надзор врз радио сервисите на регионално ниво, РА Зона М-1, РА Капитол и Спортско радио 90.3 ФМ, за почитувањето на доброволно преземените обврски за емитување домашна музика во согласност со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ и точка 4 од Насоките за емитување домашна

музика, донесени од страна на Советот на Агенцијата. Со надзорот беше констатирано дека само Спортско радио 90,3 ФМ постапило по изречената мерка јавна опомена, а другите два радиодифузера (РА Зона М-1 и РА Капитол) не постапиле по изречената мерка јавна опомена. Советот на Агенцијата донесе решенија за двата медиума да го доплатат износот од надоместокот за дозвола што им беше намален на почетокот од годината.

*Административен надзор*

- Редовен административен надзор врз телевизиските програмски сервиси на МРТ (МРТ1 и МРТ2). Со надзорот не се констатирани прекршувања.

- Контролен административен надзор врз радио сервисот ХИТ Радио, што емитува програма на регионално ниво на подрачјето на Скопје, за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми. Со надзорот не се констатирани прекршувања, односно радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена.

**Надзор над исполнувањето на минималните кадровски услови**

Исполнувањето на минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување", Агенцијата го следеше преку увид во податоците од завршните сметки, како и во податоците за структурата на вработените што радиодифузерите ги доставија на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, а чија точност ја потврдуваа со изјава заверена на нотар од страна на одговорното лице на радиодифузерот. Од вкупно 120 радиодифузери, кај 30 (девет телевизии: ТВ Алфа, ТВ МТМ, ТВ Гурра, ТВ Спектра, ТВ Аниса, ТВ Здравкин, Г-ТВ, ТВ Канал 21 и ТВ Ирис, и 21 радиостаница: РА Роса-АБ, РА Блета, РА Валандово, РА Скај, РА Ла Коста, РА Кочани ФМ, РА Холидеј, РА Пулс, РА Ват, РА Дрини, РА Лајф, РА Б-97, РА Модеа, РА Хит, РА Скај радио Плус, РА Чоки, РА Арачина, РА Аљбана, РА Би-Ки-Ал, РА Балкан ФМ и РА МХ) имаше индиции дека минималните кадровски услови не се исполнети, поради што Агенцијата побара од нив да достават документи за да се провери каква е фактичката состојба. Врз основа на увид во доставената документација, беа спроведени 30 надзори, од коишто со 29 беше констатирано дека радиодифузерите ги исполнуваат минималните кадровски услови, а со еден (на локалната радиостаница МХ од Охрид) дека овој услов не е исполнет, поради што беше покрената постапка за одземање на дозволата за радиоемитување. Пред донесувањето на одлуката за одземање, оваа радиостаница достави документи од коишто беше видно дека ги исполнува минималните услови и постапката беше запрена.

Во текот на годината беа направени уште два надзори за утврдување на исполнувањето на минималните кадровски услови, и тоа на ТВ Канал Визија и на 1 ТВ, со коишто беше констатирано дека овие две телевизии не ја исполнуваат оваа обврска, поради што беа покренати постапки за одземање на дозволите за телевизиско емитување. Пред донесувањето на одлуката за одземање на дозволата ТВ Канал Визија достави документи од кои беше утврдено дека ги исполнува кадровските услови, поради што беше запрена постапката, а на 1 ТВ поради овој основ Агенцијата и ја одзеде дозволата за телевизиско емитување.

**Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата**

Агенцијата го следеше исполнувањето на обврската за плаќање на надоместокот за дозволата од страна на радиодифузерите. Поради неисполнување на оваа обврска, Агенцијата во извештајната година покрена постапки за одземање на дозволите на вкупно 22 радиодифузери, коишто делумно или во целост не го платија надоместокот во законски утврдениот рок. Откако постапките беа покренати, 19 радиодифузери во целост го платија надоместокот, поради што постапките за нив беа запрени. Останатите три радиодифузери не ја исполнија оваа законска обврска - ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје и

ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, поради што Агенцијата им ги одзеде дозволите за телевизиско емитување.

**Стручен надзор**

Во 2019 година Агенцијата изврши стручен надзор на пет радиодифузери – ТВ Амазон (во март), ТВ Сонце (во април), РА Марија Благовест (во јули), ТВ МТМ (во август) и РА Јон (во декември). ТВ Амазон и ТВ МТМ во извештајната година извршија промена на локацијата на просториите во кои се произведува програмата, па затоа стручните надзори на овие радиодифузери беа спроведени за да се утврди дали тие ги исполнуваат просторните и техничките услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување". Додека, пак, на ТВ Сонце, на РА Марија Благовест и на РА Јон Агенцијата во 2019 година им додели нови дозволи за телевизиско/радио емитување, поради што на нив им беше направен стручен надзор заради утврдување на исполнувањето на минималните технички, просторни и кадровски услови утврдени во Правилникот. Со надзорите не беа констатирани прекршувања од страна на овие радиодифузери.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Агенцијата во континуитет го следеше исполнувањето на обврските на радиодифузерите да обезбедат јавност во работењето, на начин на којшто тие се уредени со членот 15 од Законот за медиуми. Имено:

- Во април беше спроведен административен надзор над сите 120 радиодифузери во врска со исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од ЗМ (најдоцна до 31 март во тековната година да достават во Агенцијата податоци за сопственичката структура, за уредништвото и за економското работење во претходната година). Со него беше констатирано дека оваа обврска не ја исполниле само два радиодифузери – ТВ Дуе од Гостивар и РА БИ-КИ-АЛ од Битола, поради што Агенцијата писмено ги опомена и им даде дополнителен рок од 45 дена да го усогласат своето работење со законот. Контролните надзор на овие радиодифузери беа извршени во јуни и со нив беше утврдено дека двата радиодифузери во целост постапиле по опомените, односно до Агенцијата ги доставија сите потребни податоци за нивното работење во претходната година.

- Истиот месец, над сите радиодифузери коишто емитуваа телевизиска или радиопрограма (вкупно 119) беше спроведен административен надзор во врска со исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од ЗМ (три пати во годината на сопствената програма, во ударни термини, да ги објават податоците за сопственоста, за одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година и во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата да достават снимка од објавената содржина). Со овој надзор беше констатирано дека оваа обврска во првиот предвиден рок (најдоцна до 31 март 2019 година) не ја исполни само локалната радиостаница МХ од Охрид. Агенцијата на овој радиодифузер му изрече мерка јавна опомена и му наложи во рок од 45 дена да го отстрани стореното прекршување. Со контролниот надзор (во мај) беше констатирано дека радиостаницата ја исполнила во целост оваа законска обврска, односно ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, уредништвото и изворите на финансирање во 2018 година и до Агенцијата доставки снимка од објавената содржина.

- Во јули беше спроведен вториот редовен надзор над вкупно 120 радиодифузери, а во врска со исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од ЗМ. Со овој надзор беше утврдено дека оваа обврска во вториот рок (најдоцна до 30 јуни) не ја исполнија ТВ Ирис и ТВ Канал Визија. Меѓутоа,

откако беа писмено опоменети, двете телевизии го отстранија прекршувањето во дополнителниот рок утврден од страна на Агенцијата. Контролниот надзор на ТВ Канал Визија беше извршен во септември, а на ТВ Ирис во октомври 2019 година.

- Во ноември беше спроведен третиот редовен надзор над вкупно 120 радиодифузери, а во врска со исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од ЗМ. Со него беше контстатирано дека во третиот утврден рок (најдоцна до 31 октомври) оваа обврската во целост ја исполниле сите 120 радиодифузери, односно на сопствената програма, во ударни термини, ги објавиле податоците за сопственоста, за одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

### Достапност на јавноста до податоците за сопственоста на радиодифузерите

Агенцијата изработи посебни бази на својата веб страница во коишто се содржани податоци за физичките и правните лица кои се јавуваат како сопственици на телевизиите и радиостаниците, податоци за уделите што тие ги поседуваат, како и за крајните сопственици, односно за физичките и правните лица кои имаат удели во правните лица кои учествуваат во сопственоста на радиодифузерите. По изработката, овие бази Агенцијата редовно ги ажурира со сите настанати промени, а пристапот на јавноста до овие податоци е слободен и неограничен.

Со изработката и ажурирањето на овие бази, Агенцијата ги применува насоките од Препораката CM/Rec(2018)1 за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост, во која Комитетот на министри посочува дека е *потребно „независните национални медиумски регулаторни власти, или други назначени тела, да обезбедат лесен, брз и ефикасен пристап за јавноста до податоците за медиумска сопственост...“*, како и дека *„овие податоци треба редовно да се ажурираат и да се достапни за јавноста бесплатно и без одлагање, а нивната достапност треба да биде јавна “*. Оваа беше една од предвидените активности на Агенцијата во „Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година“, а во насока на зголемување на транспарентноста на медиумската сопственост.

### Извештај за медиумската сопственост[2]

Во јуни 2019 година, Агенцијата изработи „Извештај за медиумската сопственост (со промените во сопственоста и медиумската концентрација во 2018 година)“. Извештајот содржи шест засебни делови – во првиот е претставена правната рамка која се однесува на прашањето на медиумската сопственост, вториот ги содржи податоците за сопствениците на комерцијалните радиодифузери во мај 2019 година, третиот, четвртиот и петтиот се однесуваат на промените во сопственичката структура на радиодифузерите во 2018 година, интеграцијата на капиталот помеѓу радиодифузерите и активностите што Агенцијата ги презеде во 2018 година за спречување недозволена медиумска концентрација, а во шестиот дел се претставени податоците за сопствениците на издавачите на печатени медиуми. Податоците за сопственичката структура на телевизиите и на радиостаниците Агенцијата ги обезбеди од тековните состојби на радиодифузерите издадени од Централниот регистар, и од веб страницата на Централниот депозитар на хартии од вредност. Додека, пак, податоците за сопствениците на издавачите на печатени медиуми беа обезбедени од нивните

[2] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/ИЗВЕШТАЈ-ЗА-МЕДИУМСКАТА-СОПСТВЕНОСТ.pdf

објави во дневен весник (во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми – Јавност во работата на издавачите на медиуми), како и од тековните состојби за овие субјекти.

Во „Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година" Агенцијата предвиде дека ќе изработува редовни годишни извештаи за медиумската сопственост. Ова е првиот извештај, а неговата содржина произлегува од Препораката CM/Rec(2018)1 за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост, во која Комитетот на министри посочува дека „земјите членки треба да го охрабрат националното медиумско регулаторно тело или друго назначено тело или институција (академска институција, организација од граѓанското општество) да објавува редовни извештаи за медиумската сопственост", кои треба да содржат опис на медиумската сопственост, опис на промените во медиумската сопственост и на контролните механизми во периодот на известување, а објавувањето на извештаите за медиумската сопственост треба да биде поткрепено со соодветни објаснувања на податоците и методологиите користени за нивно собирање и организирање, со цел да им се помогне на припадниците на јавноста во толкувањето на податоците и разбирањето на нивното значење.

## ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

**Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура**

Постапувајќи согласно својата законска надлежност да донесува одлуки со кои се дозволува, односно забранува промена во сопственичката структура на радиодифузерите, Советот на Агенцијата во 2019 година ги одобри промените во сопственоста на следните шест радиодифузери:

1. Трговско радиодифузно друштво ГОЛДИ ДООЕЛ Велес, и тоа за истапување на физичкото лице Маја Чадиева од Скопје и за пристапување на физичкото лице Божана Ќулавкова Тиквешанец од Скопје (и покрај тоа што Советот ја одобри предложената промена, овој радиодифузер не ја реализираше истата, за што ја извести и Агенцијата);

2. Трговско радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово, и тоа за истапување на физичкото лице Аљбина Велији од Куманово и за пристапување на физичкото лице Хекуран Велији од Куманово;

3. Трговско радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, и тоа за истапување на физичкото лице Јашар Сејдија од Тетово и за пристапување на физичкото лице Виган Ибиши од Тетово;

4. Трговско радио-дифузно друштво ЕКСПРЕС-РАДИО ДООЕЛ Струмица, и тоа за истапување на физичкото лице Ѓорге Појразовски од Струмица и за пристапување на физичкото лице Соња Појразовска од Струмица;

5. Трговско радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, и тоа за истапување на ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ Скопје и за пренос на неговиот удел на правното лице Друштво за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе;

6. Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, и тоа за пренесување на 50% од уделот на физичкото лице Фисник Татеши од Струга, на физичкото лице Гоце Стојковски од Гостивар.

Во јули, по претходно доставено известување за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, со кое беше побарана согласност за истапување на ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, и пренос на неговиот удел на правното лице Друштво за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе, Советот донесе одлука со која ја забрани предложената промена затоа што со неа би се создала недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ.

**Следење на промените на сопственоста на радиодифузерите**

Во јуни беше спроведен надзор над сите комерцијални радиодифузери (49 телевизии и 70 радиостаници) за да се утврди дали некој од нив ги прекршил одредбите од членот 41 од ЗААВМУ, според кој пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерите се должни да ја известат Агенцијата (став 1), како и дека не смеат да ја спроведат промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (став 2). Надзорот беше спроведен преку увид во податоците за сопствениците на радиодифузерите, од нивните тековни состојби издадаени од Централниот регистар и со него беше констатирано дека ниту еден радиодифузер не ги прекршил овие одредби.

Во следните два месеци, а со спроведени административни надзори, беше констатирано дека РА Аљбана Плус (во јули) и ТВ Топестрада (во август) извршиле промена на сопственичката структура без претходно да ја известат Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата. За констатираните прекршувања на членот 41 ставови 1 и 2 од ЗААВМУ, Агенцијата им изрече на овие радиодифузери мерки јавна опомена.

**Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречување недозволена медиумска концентрација**

Во текот на 2019 година Агенцијата презеде повеќе активности во врска со почитувањето на одредбите од ЗААВМУ кои се однесуваат на ограничувањата за стекнување сопственост и спречувањето недозволена медиумска концентрација. Станува збор за следните:

1. Во текот на јануари, во неколку наврати, од страна на 1 ТВ (телевизија што емитуваше програма на државно ниво преку неограничен ресурс), поточно во програмите емитувани на оваа телевизија, но и од страна на некои други медиуми, беа давани изјави дека сопственик на оваа телевизија е лицето Бојан Јовановски. Меѓутоа, според податоците со кои располагаше Агенцијата, а кои беа обезбедени од Тековните состојби издадени од Централниот регистар на Република Македонија, единствен сопственик на ТРД 1 ТВ од Скопје беше правното лице Друштво за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, а сопственици на ова правно лице беа физичките лица Миле Јованоски, со удел од 95% во сопственоста и Јасна Ерцеговиќ, со удел од 5% во сопственоста.

Поради тоа што беше потребно да се преземат активности за да се обезбедат релевантни материјални докази за да може до крај да се испита основаноста на сознанијата за евентуално постоење на повреда на забраната за таен содружник утврдена во членот 34 од ЗААВМУ, односно да се испита дали физичкото лице Бојан Јовановски е таен содружник во ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, односно дали учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот, на седницата одржана на 25.01.2019 година, директорот на Агенцијата до Советот достави предлог да донесе одлука за поведување постапка за утврдување на повреда на членот 34 од ЗААВМУ од страна на оваа телевизија. Советот не го прифати предлогот од директорот и одлучи да не се поведе постапка.

2. На својата осма седница, одржана на 15 февруари 2019 година, Советот на Агенцијата го разгледуваше предлогот за донесување одлука за поведување постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, доставен од страна на директорот на Агенцијата. Предлогот беше доставен поради тоа што лицето Јасминка Јовановска - член на семејството (брачен другар) на сопственикот на ТРД 1 ТВ - Миле Јовановски, од страна на Собранието на Република Македонија беше именувана за член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова претставуваше прекршување на посебните забрани за стекнување сопственост утврдени во членот 38 од ЗААВМУ, според кој *„... носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснովачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите“.* На денот на одржување на седницата на Советот, ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје ја извести Агенцијата дека Јасминка Јовановска претходниот ден поднела неотповиклива оставка од оваа функција, а кон известувањето беше приложена и копија од оставката доставена до Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Поради тоа, Советот одлучи одлучувањето во врска со оваа точка да биде откако оставката ќе биде констатирана од страна на Собранието на Република Македонија. На 91-та седница одржана на 14 март 2019 година, Собранието констатираше дека на Јасминка Јовановска и престанува функцијата член на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а фактот што во членот 115 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е утврдено дека на носителот на јавната или друга функција мандатот му престанува на денот на одржувањето на седницата, значеше дека мандатот на Јасминка Јовановска престанал на 14 март. Имајќи предвид дека таа повеќе не беше носител на јавна функција, со што беше отстрането прекршувањето на член 38 од ЗААВМУ, на седницата одржана на 21.05.2019 година Советот реши да не се покренува постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ кај Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

3. Во јули беше покрената постапка за утврдување повреда на забраната за таен содружник (член 34 од ЗАВМУ) од страна на 1 ТВ. Постапката беше покрената откако во интервју емитувано на оваа телевизија, лицето Бојан Јовановски во неколку наврати се претстави како сопственик на овој радиодифузер. Имајќи предвид дека во Централниот регистар тој не беше впишан како сопственик на 1 ТВ, а заради утврдување на фактичката состојба, Агенцијата ја започна постапката и побара од телевизијата писмено да се произнесе во врска со ваквите објави, како и да достави нотарски заверени изјави од физичките лица кои беа крајни сопственици на телевизијата - Миле Јовановски и Јасна Ерцеговиќ, дали сопственикот кој е запишан во Централниот регистар на Република Македонија е вистински и единствен сопственик и дали постои таен содружник, односно дали таен содружник учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузерот или во правното лице што е основач на радиодифузерот. И двете лица доставија нотарски заверени изјави дека не постои таен содружник кај 1 ТВ. Во меѓувреме, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција започна истражна постапка против Бојан Јовановски и против двајцата сопственици на телевизијата – Миле Јовановски и Јасна Ерцеговиќ. Агенцијата се обрати и до Обвинителството за да побара информација дали во текот на истрагата биле обезбедени информации кои упатуваат на тоа дека лицето Бојан Јовановски е сопственик на телевизијата за да може до крај да ја испита основаноста на сознанијата за евентуално постоење на таен содружник кај 1 ТВ. Во август, Обвинителството ја извести Агенцијата дека во дотогашниот тек на истрагата такви информации не се обезбедени, но и дека *„доколку по понатамошниот тек на истражнава постапка, обезбедиме доказ кој би бил од важност за постапката која по службена должност ја спроведува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за истото навремено ќе Ве известиме“.* Во периодот што следеше оваа телевизија се соочи со низа проблеми во врска со исполнувањето на условите и обврските утврдени во ЗААВМУ и во Законот за медиуми, како и во дозволата за телевизиско емитување. Во ноември 2019 година, Агенцијата ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на 1 ТВ поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“.

4. Во јули Агенцијата поведе постапка за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација кај РА Свети Николе, поради тоа што управителот (Борче Серафимовски) на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе, кое правно лице е основач на овој радиодифузер, се јавуваше истовремено како содружник и управител на друштво регистрирано за вршење на дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма, што е спротивно на членовите 36, 37 и 39 од ЗААВМУ. Имајќи го предвид ова, а со цел до крај да ги испита ваквите сознанија, од РА Свети Николе беше побарано да ги достави до Агенцијата сите документи од значење за одлучувањето. Во септември, при проверка на податоците во тековната состојба на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе, како и при увид во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар, стручната служба на Агенцијата констатираше дека лицето Борче Серафимовски не е повеќе управител на ова правно лице. Имајќи предвид дека радиодифузерот го усогласил своето работење со ЗААВМУ, Советот донесе решение со кое ја запре претходно поведената постапка за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација.

## СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

**Отчетност за минатите активности, политика за идните**

По завршувањето на периодот на важност на „Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија (2016-2018)", како логичен чекор се наметна сумирањето на преземените активности и постигнатите резултати. За таа цел беше изработен Извештај за спроведување на Програмата[3], што Советот на Агенцијата го усвои во март.

Искуството на регулаторното тело од спроведувањето на Програмата, како и искуствата од другите европски држави, покажаа дека наместо план со ограничен период на траење и со фиксно определени активности, за Агенцијата, која е еден од чинителите во оваа сфера, е посоодветно да се изготви документ за политика. Оттаму, за потребите на АВМУ, во 2019 година во рамките на заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕКС 2), генералниот секретар на Европската асоцијација за интереси на гледачите (ЕАВИ) и експерт за медиумска писменост, Паоло Челот ја изработи „Политиката за медиумска писменост". Таа претставува патоказ за понатамошен развој на медиумската писменост во македонското општество, земајќи ги предвид граѓаните како крајни корисници. Политиката се заснова на цврсто втемелени концепти, кои се потврдени од меѓународната научна заедница и се вградени во политиките на Европската Унија и стандардите и постапките на Советот на Европа. Во неа се опфатени четири компоненти – критичка свесност, дигитална добросостојба, свест за емоциите и полноправно граѓанство, на кои Агенцијата, заедно со релевантните чинители од оваа област треба да работи во следниот период. Советот на Агенцијата ја усвои Политиката во март, а таа е отпечатена на македонски[4], албански и англиски јазик и достапна онлајн на: www.mediumskapismenost.mk.

[3] Извештај за спроведување на Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија (2016-2018), достапен на: https://bit.ly/36HyT30.
[4] Политика за медиумска писменост на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достапна на македонски: https://bit.ly/2GzTbRt, на албански: http://mediumskapismenost.mk/media/2019/04/Politika-p%C3%ABr-arsimimin-mediatik_online-version.pf_.pdf и на англиски јазик: http://mediumskapismenost.mk/media/2019/04/Media-Literacy-policy_online-version.pdf

### Соработка, истражување, кампања

Агенцијата, во својата работа на полето на медиумската писменост соработува со низа чинители, меѓу кои се и меѓународните организации. Во јули 2019 година беше потпишан Меморандум за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје[5], врз основа на кој беа спроведени неколку заеднички активности.

Првата беше реализацијата на истражувањето „Мапирање на нивоата на медиумска писменост во РС Македонија – кај популацијата на возраст над 16 години", кое беше второ од ваков вид. Имено, кон крајот на 2016 година, за потребите на Агенцијата, беше изработено Истражување на медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија[6] како првичен увид во состојбата. Три години подоцна, македонското општество и чинителите кои работат во оваа област имаа потреба повторно да се провери нивото на медиумската писменост кај возрасната популација за да се види колку е сменета ситуацијата. Прашалникот на АВМУ, искористен во 2016 година, беше надграден и надополнет и искористен за теренското анкетирање, кое во текот на есента 2019 го спроведе Агенцијата ИПСОС. Експертското толкување на наодите го направи д-р Снежана Трпевска од РЕСИС. Резултатите од ова истражување ќе им бидат корисни на сите општествени чинители кои работат во полето на медиумската писменост при планирањето на идните проекти, настани и истражувања. Тие беа презентирани пред јавноста на првиот ден од конференцијата „Денови на медиумска писменост 2019".

Врз база на податоците од истражувањето, Мисијата на ОБСЕ во Скопје подготви национална кампања „Два пати провери, еднаш верувај", чиј главен дел се два видео спота на македонски и на албански јазик[7]. Кампањата има за цел да ја зголеми јавната свест за важноста на медиумската писменост преку деконструирање на продуцирањето на „лажните вести", современото консумирање на вестите, како и да се осврне на веќе постоечките и на новите дигитални безбедносни закани. Агенцијата активно беше вклучена во процесот на избор на агенцијата која ја работеше кампањата, а го поддржа и емитувањето на спотовите со тоа што ги достави до сите телевизии во земјата и ги повика бесплатно да ги емитуваат имајќи предвид дека станува збор за кампања од јавен интерес.

### Денови на медиумска писменост 2019

Под мотото „Застани, размисли, провери!" во периодот од 22 октомври па се до 15 ноември, во организација на Мрежата за медиумска писменост се одржаа „Деновите на медиумска писменост 2019"[8]. На овој начин, земјава се вклучи во одбележување на Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО.

За потребите на Деновите на медиумска писменост, со поддршка на Јавниот сервис, беа адаптирани аудио[9] и видео[10] спот на македонски и на албански јазик, кои во оригинална форма беа изработени од Мрежата за медиумска писменост на Ирска и нивното регулаторно тело БАИ, а на македонската Мрежа и беше отстапен како дел од билатералната соработка. Во месеците октомври и ноември, спотот за кампањата „Застани, размисли, провери" се емитуваше на две национални радија и на четири национални телевизии (од две до пет емитувања во денот).

---

[5] АВМУ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе работат на подигање на свеста за медиумската писменост: https://mediumskapismenost.mk/avmu-i-misijata-na-obse-vo-skopje-ke-rabotat-na-podiganje/

[6] Истражување на медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија, достапно на: https://mediumskapismenost.mk/istrazuvanja-avmu/

[7] Спотовите се достапни на: https://mediumskapismenost.mk/istrazuvanje-na-avmu-2019/

[8] За детали видете: https://mediumskapismenost.mk/proekti-mp-mreza/

[9] Достапен на: https://www.youtube.com/watch?v=5XMz7w_aZ84

[10] Достапен на: https://www.youtube.com/watch?v=gRkLOw7Hges

Спотот, заедно со сите настани кои беа дел од Деновите на медиумска писменост, беа промовирани на 22 октомври на заедничката прес-конференција[11] на која се обратија и претставниците на Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии, Советот за етика во медиумите на Македонија, Евротинк, Фондацијата Метаморфозис, Институтот Охрид, Младинскиот образовен форум, ВЕЗ – Вредност за европско знаење, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Женската граѓанска иницијатива Антико, кои беа активно вклучени во реализацијата на манифестацијата.

Во текот на четири седмици, граѓаните ја имаа можноста да се вклучат во триесетина работилници, дебати, вебинари, отворени денови и други настани фокусирани на различни аспекти од медиумската писменост реализирани од десетина членки на Мрежата, како и од други организации. Целта на „Деновите на медиумската писменост 2019', меѓу другото, беше да ја подигне јавната свест за важноста на медиумската писменост, со неа да се запознаат различни категории граѓани од сите возрасни групи (деца, млади, возрасни и пензионери), тие да се стекнат со вештини за медиумска писменост, да се обезбеди платформа за соработка, размена на искуства и развој на одржливи проекти за медиумската писменост. И оваа цел, според сите инволвирани, беше постигната. Беа одржани обуки и работилници за преку 300 ученици од средни и основни училишта. До повозрасната популација беше допрено преку работилници за пензионери, беше разработена темата за родот како компонента на медиумската писменост преку работилници и средби со претставнички на организации на жени. На граѓаните им беа појаснети саморегулацијата и регулацијата преку отворени седници, дебати и работилници. Беше разговарано за предизвиците на младите новинари и на граѓанските организации преку обуки, видео дискусија, тркалезни маси, доделувањето на наградата „Роберто Беличанец". Преку вебинари, беа демистифицирани штетните појави во медиумите покриени со флоскулата „лажни вести", беа објаснети алгоритмите зад вестите, беа понудени алатки за безбедност на интернет и за борба против говорот на омраза. За медиумската писменост се дебатираше и преку традиционалните медиуми и преку оние базирани на интернет. За неа се зборуваше не само во главниот град туку и во Тетово, Битола, Куманово, Струмица, Гостивар, Гевгелија, Охрид, Делчево, Прилеп и Крива Паланка.

„Деновите на медиумска писменост 2019" заврши со истоимена дводневна Конференција која се одржа на 14 и 15 ноември 2019 година и во текот на која имаше повеќе настани. Конференцијата беше отворена од директорот на АВМУ Зоран Трајчевски и амбасадорите на ЕУ во земјава - Самуел Жбогар и на Мисијата на ОБСЕ – Клеменс Која.

На 14 ноември имаше три сесии. Првата сесија[12] беше посветена на презентација на резултати од најновите истражувања: „Мапирање на нивоата на медиумска писменост во Република Северна Македонија кај населението над 16 години"[13] изработено во рамки на соработката меѓу ОБСЕ и АВМУ, и „Критичко размислување и навиките на информирање кај младите"[14], реализирано во рамки на проектот КриТинк на Фондацијата Метаморфозис и организацијата Евротинк. Следуваше дебатата „Младите и онлајн консумеризмот"[15], организирана од Институтот за комуникациски студии, а првиот ден од конференцијата беше заокружен со „Работилница за медиумска писменост со политички подмладоци", организирана од Институтот Охрид.

Вториот ден од Конференцијата започна со состанок на членовите на Мрежата за медиумска писменост, на кој беше избрана координаторка на Мрежата, а координаторите на работните групи реферираа за

[11] За повеќе информации видете: https://bit.ly/36KJMBk
[12] Снимка од првата сесија е достапна на: https://www.youtube.com/watch?v=HiBbqgBfov8
[13] Презентацијата е достапна на: https://bit.ly/2RKa9mA
[14] Презентацијата е достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2019/11/avmu-%D0%90%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%81%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80.pptx
[15] Снимка од дебатата е достапна на: https://www.youtube.com/watch?v=LMky69y-sdM

заклучоците од работните состаноци. Се одржаа и две панел дискусии: „Вклучување на медиумската писменост во образованието – домашни регионални и европски искуства“[16], организирана од Македонскиот институт за медиуми, и „Критичко мислење, основа за препознавање на медиумски манипулации“[17], реализирана од КриТинк. Во текот на денот се одржа и Саем на кој беше претставена работата на дел од членките на Мрежата за медиумска писменост. За време на дискусиите, претставници на некои од странските донатори информираа за активностите кои ги планираат во наредниот период.

**Мрежа за медиумска писменост**

Бројот на членки и структурата на Мрежата за медиумска писменост, во 2019 година значително се промени. Во мрежата сега членуваат 59 субјекти[18] во кои се вбројуваат невладини организации, државни институции, телевизии, радија, интернет портали итн. Мрежата, од самото нејзино формирање на 27 април 2017 година, функционира со хоризонтална поставеност, без формална водечка структура. Комуникацијата во Мрежата и споделувањето на информациите помеѓу членовите преку посебна и-мејл група и одржувањето на веб-страницата www.mediumskapismenost.mk го спроведува АВМУ, како една од членките-основачи на Мрежата.

Поради потребата од поголемо вклучување и на другите активни членови на Мрежата, како и развивање на чувството за сопственост врз неа кај нив, кон крајот на летото се работеше на нејзиното преструктуирање, така што се формираа три работни групи и беа номинирани кандидати за формирање Координативна група. На 3 октомври 2019 година, Мрежата одржа работен состанок, на кој меѓу другото се гласаше за членови на Координативната група и за координатор/ка и беа презентирани составите на членовите на трите работни групи – за Формално и неформално образование; за Истражувања; и за Промоција на мрежата и привлекување нови членки. „Препораките за интегрирање на концептот на медиумската писменост во различни општествени сфери“[19], документот врз основа на кој се работеше преструктуирањето, предвидуваше и четврта работна група - за филмска писменост, но членките не покажаа интерес за нејзино формирање, така што таа останува како еден од идните планови. На состанокот, присутните членови ги договорија и активностите кои следеа, вклучувајќи ги оние кои се однесуваа на организацијата на првите „Денови на медиумска писменост 2019“.

Трите работни групи на Мрежата одржаа свои конститутивни состаноци на 7 и 8 ноември, на кои ги одредија координаторите на групите и насоките за дејствување во наредниот период. За координатор на Групата за формално и неформално образование беше избран Сашо Богдановски (АВМУ); Групата за истражувања за свој координатор го избра Виктор Стојанов (АВМУ), додека Марина Трајкова (АВМУ) беше избрана за координаторка на Групата за промоција на Мрежата и привлекување на нови членки.

На 15 ноември, на последниот ден од Конференцијата со која беа завршени „Деновите на медиумска писменост 2019“, се одржа состанок на Мрежата за медиумска писменост, на кој беа соопштени резултатите од гласањето за составот на Координативната група на Мрежата. Таа е составена од две членки со мандат од една година: Олга Самарџиќ Јанкова од Конеду Глобал и Весна Никодиноска од МИМ; и три со мандат од две години: Емилија Петреска - Камењарова од АВМУ, Снежана Трпевска од РЕСИС и Марина Тунева од СЕММ. Со оглед на фактот дека првото гласање за координатор/ка на Мрежата не беше успешно, на овој состанок тоа се повтори, и беше избрана Емилија Петреска-Камењарова од АВМУ. На овој состанок и координаторите на трите групи ги презентираа договорените први чекори во рамките на групите.

[16] Снимка од дискусијата е достапна на: https://www.youtube.com/watch?v=JN_2adovGgU
[17] Снимка од дискусијата е достапна на: https://www.youtube.com/watch?v=zkJHjxI5b7Q
[18] Состојба во февруари 2020 година.
[19] Препораките за интегрирање на концептот на медиумската писменост во различни општествени сфери ги изработи Македонскиот институт за медиуми по студиската посета на членки на Мрежата на Ирска, а е достапен на: https://mim.org.mk/attachments/article/1143/Preporaki%20za%20integriranje%20na%20konceptot%20na%20MP.pdf

Во 2019 година, Мрежата стана членка на Глобална алијанса за партнерства за медиумска и информациска писменост (ГАПМИЛ). Процесот подразбира да се пополни прашалник на УНЕСКО и ГАПМИЛ преку кој се врши мапирање на организациите/институциите кои работат на полето на МЛ. Преку ГАПМИЛ, како и преку Мрежата на Југоисточна Европа за професионализација на медиумите (СЕЕНПМ), Мрежата го информираше светот за своите активности во текот на „Деновите на медиумска писменост".

**Други активности за промовирање на медиумската писменост**

На полето на медиумската писменост во земјава, во 2019 година се случи едно значајно поместување. Беше формирана Националната коалиција за медиумска писменост, иницирана од Македонскиот институт за медиуми, но во која учествуваат претставници од владините институции, од граѓанскиот сектор и медиумската заедница. Агенцијата го поддржа нејзиното формирање и беше активна учесничка на неколку состаноци, како и на јавната дискусија „Воведување на медиумската писменост во образованието" што ја организираа Владата и Македонскиот институт за медиуми.

Еден од аспектите на медиумската писменост е обезбедувањето алатки преку кои граѓаните ќе можат критички да ги промислуваат медиумските содржини. Токму затоа, на третиот јавен состанок на Агенцијата беа презентирани инфографиците „Зад насловите"[20] и „Зад 'лажните вести"[21], оригинално изработени од (ЕАВИ), а прилагодени од Агенцијата. Во едниот инфографик се прикажани насоки за препознавање на различните видови заведувачки информации, како што се вести кои се мамка за кликнување, спонзорирана содржина, пропаганда, дезинформации, измислици и слично. Во вториот инфографик е прикажана игра со едукативна содржина наменета за проверка на вестите на интернет преку валидност на датумот на објава на содржината, дали се идентификувани авторите или се користат псевдоними и слично. Со цел да станат достапни до што поголем број граѓани, Агенцијата ги отпечати на македонски и на албански јазик, а ги објави и на својата веб страница.

Агенцијата одржуваше и обуки за деца од основно и од средно образование на тема медиуми и медиумска писменост, и тоа и за време на „Деновите на медиумска писменост" и по нив, а со цел да ја доближи медиумската писменост до целокупната јавност, нејзини претставници учествуваа и во неколку телевизиски емисии.

Освен ова, претставничка на Агенцијата е членка на Советодавниот одбор на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк", тригодишен проект финансиски поддржан од Европската Унија, кој го реализираат Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис" и „Евротинк". Таа беше активно вклучена во состаноците на одборот, завршната брифинг-средба со грантистите од првиот круг на програмата за мали грантови и во оценката на пријавите, изборот и обуката на организациите кои добија мали грантови во вториот круг. Таа исто така учествуваше на вебинарот под наслов „Медиумска писменост – терминологија и наставни помагала", на кој беа споделени досегашните искуства од проектите поддржани преку шемата за мали грантови од #КриТинк, како и во експертска фокус група за медиумска писменост. Претставници на регулаторното тело присуствуваа и на промоција на резултатите од

[20] Инфографик „Зад насловите", достапен на македонски јазик на: https://mediumskapismenost.mk/media/2019/09/MKD-Beyond-Fake-News.pptx и на албански јазик на: https://mediumskapismenost.mk/media/2019/09/1-ALB-Beyond-Fake-News.pptx

[21] Инфографик „Зад 'лажните вести", достапен на македонски јазик на: https://mediumskapismenost.mk/media/2019/09/MKD-Beyond-the-Headlines.pptx и на албански јазик на: https://mediumskapismenost.mk/media/2019/09/2-ALB-Beyond-the-Headlines.pptx

истражувањето „Критичко размислување и навиките на информирање кај младите“, спроведено во рамки на овој проект.

Претставници на Агенцијата учествуваа и во активности организирани во рамките на други проекти за медиумска писменост. Така, во февруари се одржа тркалезната маса „Предизвиците и проблемите на младите новинари“, во рамки на Проектот за младинско изразување финансиран од Европската Унија, а во организација на Радио МОФ и Младински образовен форум. На тркалезната маса присутните говореа за проблемите со кои се соочуваат младите новинари, прво во текот на образованието, а потоа и на работното место. Во декември, претставник на Агенцијата учествуваше на Конференцијата и презентација на истражување: Политичко учество на младите во Северна Македонија на МОФ и Фондација за демократија на Вестминстер - Младинско учество, каде презентираше и делови од истражувањето за нивото на медиумска писменост кај возрасната популација, кои се однесуваа на информирањето на младите.

### Активности за обезбедување пристап на лицата со сетилна попреченост

Измината 2019 година, на полето на обезбедувањето достапност до програмите за лицата со оштетен слух и вид, за Агенцијата беше година на сведување резултати и подготовка за следни крупни чекори.

Со оглед на фактот дека истече важноста на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, за периодот 2016-2018 година[22], најпрвин, во јуни, Советот на Агенцијата го усвои Извештајот за спроведување на Програмата[23]. Потоа, беа спроведени низа подготвителни активности со цел на почетокот од 2020 година, во рамките на проектот ЈУФРЕКС 2, да се одржи работилница со давателите на аудиовизуелните медиумски услуги, која беше продолжение на напорите на регулаторното тело да се изгради кај радиодифузерите свеста за потребата од саморегулациски акт за тоа како да ги направат своите програми достапни за лицата со сетилна попреченост[24]. Освен ова, до крајот на 2019 година беше изработен нацрт-документ за политика за обезбедување достапност до програмите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост. Тој треба да биде усвоен од Советот на Агенцијата во 2020 година, откако ќе ја помине фазата на јавна расправа.

Во текот на годината, регулаторот учествуваше и во низа други активности. Така, како дел од активностите за реализирање на правата на лицата со сетилна попреченост, на 6 февруари 2019 година, претставник на Агенцијата учествуваше на Конференцијата „Учество во изборниот процес на лицата со попреченост“. На настанот присуствуваа активисти од полето на правата на лицата со попреченост, меѓународни експерти, претставници на организациите на лицата со попреченост, претставници од Државната изборна комисија, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, меѓупартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост, поранешни парламентарни кандидати од редовите на лицата со попреченост, претставници на парламентарните политички партии, академската заедница, како и од локалните канцеларии на меѓународните организации. Покрај учеството во пленарниот дел на Конференцијата, претставникот на Агенцијата учествуваше и во

[22] Програма за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, за периодот 2016-2018 година, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Programa_za_obezbeduvanje_pristap_do_mediumite_so_setilna_popre.pdf

[23] Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, за периодот 2016-2018 година, достапен на: https://bit.ly/2GUqgrn

[24] Работилницата се одржа на 29 јануари, како дел од проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија“ (ЈУФРЕКС 2), финансиран од Советот на Европа и Европската Унија. Повеќе информации се достапни на: https://bit.ly/2UnCVel

работата на работната група посветена на темата „Видливост на прашањата поврзани со учеството на лицата со попреченост во изборниот процес".

Претставници на Агенцијата, во мај, учествуваа на Конференцијата "Размена на добри практики за недискриминација – работата на австриските механизми за еднаквост и националните механизми за еднаквост", организирана од Министерството за труд и социјална политика во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, која беше фокусирана на остварувањето на правата на лицата со попреченост. Во овој контекст, Агенцијата ги претстави резултатите од своите досегашни активности – како истражувањето на потребите на лицата со сетилна попреченост, брошурата за тоа какви видови попреченост има и како давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми достапни за овие лица[25], како и апликацијата за достапноста на двете веб страници што ги администрира регулаторното тело www.avmu.mk и www.mediumskapismenost.mk.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

Агенцијата, во рамки на своите надлежности, води сметка и за заштита на слободата на изразување и на медиумите, која е гарантирана со Уставот, и може да биде ограничена само врз база на законски утврдени основи. Во овој контекст, при своето постапување, таа, покрај македонската правна рамка, ги има предвид директивите на Европската Унија, актите на Советот на Европа, меѓународните конвенции кои ги ратификувала и кои станале дел од македонското законодавство, искуството на земјите - членки на Европската Унија, како и релевантните случаи на Европскиот суд за човекови права.

Основата на професионалноста на медиумите произлегува од нивната самостојност и од независноста на нивната уредувачка политика, како и од почитувањето на начелата на дејноста пропишани во член 61 од ЗААВМУ, кои пак, од своја страна, се засноваат на професионалните новинарски стандарди. Во вака поставена ситуација, професионалноста во работењето на медиумите во прв ред е саморегулациско прашање, и оттаму, Агенцијата ја почитува и ја поддржува улогата на саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ). Истовремено, имајќи предвид дека програмските стандарди и начела се и дел од Законот, кога е потребно, и Агенцијата го следи и нивното почитување.

Од друга страна, важна одредба која е поврзана со заштитата на слободата на изразување се посебните забрани за говор на омраза, поттикнување дискриминација, насилно уривање на уставниот поредок, воена агресија и оружен конфликт, кои се содржани во членот 48 од ЗААВМУ. Имајќи предвид дека секое ограничување на слободата на изразување мора да биде пропишано со закон, да има легитимна цел и да е неопходно во едно демократско општество, регулаторното тело и натаму ја следи својата практика, при надзорот на случаите во кои има индиции за говор на омраза да изработува анализи врз основа на „Водичот на мониторинг на говорот на омраза"[26].

Поради сложеноста на проблематиката на заштитата на слободата на изразување, Агенцијата за прашањата на професионалните стандарди и за посебните забрани, постапува во две насоки: спроведува надзори над програмите на радиодифузерите и реализира едукативни активности.

Надзорите за членовите 61 и 48 се вонредни и се преземаат или по добиена претставка или по службена должност. Кога при надзорите ќе утврди непочитување на начелата од членот 61 од ЗААВМУ, Агенцијата

---

[25] Сите материјали изготвени од Агенцијата се достапни на посебниот дел од веб страницата, посветен на достапноста: https://avmu.mk/licasosetilnapoprecenost/

[26] Водичот на мониторинг на говорот на омраза, достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

писмено му укажува на медиумот и извештајот од надзорот го објавува на својата веб страница. Освен тоа, Советот одлучи за непочитување на професионалните начела, дополнително да поднесува и претставка до Комисијата за жалби на Советот за етика во медиумите на Македонија. Во 2019 година не беше констатирано прекршување на член 48, па оттаму засега не е покрената ниту прекршочна постапка, која стана возможна со измените на ЗААВМУ од крајот на 2018 година со кои конечно се предвиде глоба за непочитувањето на овој член.

Што се однесува пак до едукативните активности, во Регулаторната стратегија за развој на аудиовизуелната дејност 2019-2023[27], нотирано е дека е „многу важно медиумите да водат сметка нивните новинари редовно да посетуваат обуки за професионалните стандарди, како и за други аспекти на професионалното известување, што зависи само од медиумите, а е предуслов за каков било друг развој на медиумскиот сектор“. Во овој контекст, во Стратегијата е предвидено преземање активности за заедничко дејствување со новинарските здруженија, Самостојниот синдикат на новинарите и на медиумските работници, Советот за етика во медиумите и Јавниот радиодифузен сервис, насочено кон заштита на новинарскиот интегритет и обезбедување повисок степен на почитување на професионалните новинарски стандарди.

**Надзори за почитување на начелата од член 61**

Во текот на 2019 година имаше 12 надзори на професионалните стандарди, некои врз основа на претставка, а некои по службена должност. Во четири немаше прекршувања, а кај другите беше констатирано прекршување на начелото за почитување на достоинството на личноста; потоа за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења; па за пресумпција на невиноста; за поттикнување на духот на толеранција; и на начелото за независност и самостојност во уредувачката политика.

Во јануари беше спроведен вонреден програмски надзор по претставка врз ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетните лица и на професионалните стандарди за емитување програма. Со надзорот беа опфатени содржините емитувани во вестите на ТВ Сител во текот на седмицата помеѓу 8 и 16 јануари 2019 година, поконкретно, прилозите кои се однесуваа на: епидемиолошката состојба во земјата по појавата на малите сипаници, соопштенијата од Министерството за здравство, текот и проблемите поврзани со вакцинацијата, како и интервјуто со д-р Венко Филипче, министер за здравство. Беше констатирано дека во овие прилози нема прекршување на член 61 од ЗААВМУ и на Правилникот за заштита на малолетните лица. За наодите од надзорот беа известени и подносителот на претставката и радиодифузерот.

Во февруари беа реализирани два вонредни надзори. Првиот, врз основа на претставка, за научно-популарната емисија „Малку повеќе“, емитувана на МРТ2 на 4 септември 2018 година. Имено, во претставката се тврдеше дека во емисијата се објаснува како може да се направи автоматска пушка со помош на 3Д принтер. Со надзорот беше констатирано дека целта на емисијата е да се претстават придобивките, но и опасностите од 3Д печатачите, а не како да се изработи оружје. Исто така, во конкретниот прилог искористени беа документарни материјали – референтни, проверливи податоци за конкретната тема, кои беа ставени во предупредувачки контекст. Оттаму, беше констатирано дека, и во конкретниот прилог, и во целата емисија нема прекршувања на законските одредби ниту во врска со посебните забрани од член 48 ниту со начелата за вршење на дејност од член 61 од ЗААВМУ. За наодите од надзорот беа известени и подносителот на претставката и радиодифузерот.

[27] Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година, стр.25 достапна на: https://bit.ly/2SdZZcT

Вториот надзор беше спроведен по службена должност и се однесуваше на актуелно-информативната говорна-шоу програма „Јади бурек“, емитувана на ТВ Сонце на 13 февруари 2019 година. Притоа беше констатирано дека водителот, кон дел од соговорниците во емисијата, се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум бидејќи користеше навредливи зборови, употреби повишен тон, карикираше, ги оневозможуваше соговорникот и соговорничката да одговорат, ги понижуваше, се потсмеваше со нив и со дадените (обиди за) одговори, со што го прекрши начелото за „заштита на ... достоинството на личноста“ од член 61 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ. На радиодифузерот му беше писмено укажано, а Писмениот извештај за извршен програмски надзор, заедно со снимката од емисијата, беше доставен до Комисијата за жалби на Советот за етика во медиумите.

Четири надзори беа спроведени во март.

Најпрвин имаше вонреден програмски надзор по претставка врз телевизискиот програмски сервис на 1 ТВ, за самопромотивна најава за емисијата „Македонски инсајдер - Досие 003“, која во неколку наврати беше емитувана на 15 и на 16 јануари 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не го почитуваше начелото за „заштита на ... достоинството на личноста“ од член 61 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, бидејќи подносителот на претставката во промотивната најава беше ставен во негативен контекст, односно во контекст на „градежна мафија“ и „мафија на квадрат“, без да бидат понудени докази или спротивен/поинаков став. На 1 ТВ му беше упатено писмено укажување, но не беше доставена претставка до СЕММ со оглед на фактот дека станува збор за самопромотивна најава, која не е програма во новинарска смисла на зборот. Известен беше и подносителот на претставката

Врз 1 ТВ беше спроведен уште еден надзор, овојпат по службена должност. Станува збор за емисијата „Печат на неделата“, емитувана на 27 февруари 2019 година. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 61 став 1 алинеи 1, 5 и 9 од ЗААВМУ, бидејќи во делови од емисијата новинарот, при интервјуто со претседателот на опозициската ВМРО ДПМНЕ – Христијан Мицкоски, не ги почитуваше начелата за „заштита на ... достоинството на личноста“, за „почитување на пресумпцијата на невиност“ и за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“, бидејќи не одржа професионална дистанца, го оневозможуваше соговорникот да се доискаже, повремено зборуваше со повишен тон и истовремено со соговорникот користеше лични дискредитации кои беа означени како навреди од страна на соговорникот, односно се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум. Медиумот доби писмено укажување, извештајот беше објавен на веб страницата и беше доставена претставка до СЕММ.

Последниот мартовски вонреден надзор беше спроведен по службена должност, а се однесуваше на актуелно-информативната емисија „Во центар“, емитувана на ТВ Алфа на 24 февруари 2019 година. Беше констатирано дека, при интервјуто со претседателот на Достоинство Стојанче Ангелов, новинарот не одржа професионална дистанца, го оневозможуваше соговорникот да се доискаже, користеше лични дискредитации, не го почитуваше изјаснувањето на другата страна за настаните во кои соговорникот бил учесник и направи негативни стереотипизирачки генерализации за цела етничка заедница базирани врз однесување на индивидуи, односно се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум, што е спротивно на начелата за „заштита на ... достоинството на личноста“, за „поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло“ и „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“, од член 61 став 1 алинеи 1, 3 и 9 од ЗААВМУ. До радиодифузерот беше испратено писмено укажување, извештајот беше објавен на веб страницата, а до СЕММ беше испратена претставка.

Во април беше реализиран еден вонреден програмски надзор по службена должност и се однесуваше на непочитување на професионалните стандарди од страна на ТВ Сонце**.** Надзорот беше направен врз основа на податоците од мониторингот на изборното медиумско претставување во периодот од распишување на Претседателските избори 2019 до почетокот на изборната кампања (од 9 февруари до 31 март 2019). Беше констатирано дека медиумот не ги почитува професионалните начела од член 61 став 1 алинеи 9 и 13 од ЗААВМУ, поради обемот информации во вестите за реакциите и ставовите на политичката партија Македонска Алијанса, чиј претседател е сопственикот на телевизијата (времето одвоено за оваа партија беше поголемо од времето за сите други политички партии и учесници во изборите заедно). Со ова, медиумот не обезбеди еднаков третман на различните политички гледишта и, наспроти начелата за редакциска самостојност и независност, беше искористен за промоција на ставовите на политичката партија Македонска Алијанса. Вообичаено, медиумот доби укажување, а до СЕММ беше упатена претставка.

Следниот вонреден надзор беше во мај и се реализираше врз основа на претставка, а се однесуваше на 1 ТВ, односно на изданието на емисијата „Правда и неправда“ емитувано на 16 април 2019 година, во кое учествуваа г. Киро Тошевски и г. Зоран Азманов, како и на самопромотивната најава за оваа емисија. Подносителот на претставката сметаше дека 1 ТВ ги прекршила „основните начела согласно Уставот на РСМ за основните човекови права и слободи“ затоа што била „тенденциозна и пристрасна“, и тоа: (1) со изданието на емисијата „Правда и неправда“ бидејќи во неа, како што се тврди – 75% од времето било посветено на г. Киро Тошевски, а 25% на г. Зоран Азманов, и (2) со самопромотивната најава во делот каде се наведува: „Нова измама на лицето Азманов или легални позајмици?“. По спроведениот надзор врз емисијата беше утврдено дека не се прекршени професионалните начела, а во поглед на самопромотивната најава, на радиодифузерот му беше укажано дека начелата за вршење на дејноста од член 61, вклучувајќи ја и пресумпцијата на невиност, треба доследно да се почитуваат во сите содржини што се емитуваат.

Во август, со вонреден програмски надзор по службена должност беше констатирано дека ТВ Алфа, во емисијата „Збор по збор“ од 26 август, со начинот на кој беше поставено прашањето за комуникација со гледачите - „Зошто Владата на Заев се однесува „педерски“ кон Србија?“, не ги почитуваше начелата за: „негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот...“ и за “еднаквост на слободите и правата независно од полот...“ од член 61 став 1 алинеи 1 и 2 од ЗААВМУ. За констатираното прекршување Агенцијата реагираше со соопштение за јавноста и испрати укажување на медиумот. До СЕММ не беше испратена претставка, бидејќи саморегулаторното тело веќе јавно го имаше соопштено својот став по ова прашање.

Во септември беше извршен увид во начинот на кој националните телевизии известија во централните вести за сексистичката и омаловажувачката изјава на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ Наум Стоилковски кон министерката за финансии Нина Ангеловска. Притоа беше констатирано дека четири телевизии известија за настанот, додека останатите донесоа уредничка одлука воопшто да не информираат. Три од телевизиите заседоа критичка позиција, а Јавниот радиодифузен сервис извести само на МРТ1, каде ги пренесе реакцијата на СДСМ и извинувањето од портпаролот, оставајќи ги гледачите без основната информација за тоа кој е настанот на кој се однесуваат реакциите и дека сексизмот не е прифатлив начин на комуницирање. За наодите од овој мониторинг беше известена јавноста преку соопштение.

Истиот месец, врз основа на допис од МВР за известувањето на неколку медиуми за инцидентот случен на фудбалскиот натпревар во село Волино, Дебрца, на 8 септември 2019 година Агенцијата спроведе мониторинг за начинот на известување за овој инцидент на националните телевизии и на телевизиите што емитуваат програма во подрачјето каде што се случил инцидентот. Притоа не констатираше прекршување на начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните

гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања". За резултатите од наодите беа известени МВР и јавноста (преку соопштение). Во одговорот до МВР, меѓу другото, беше нотирано и дека сите медиуми посочени во нивниот допис, а кои според нив „свесно пласираат лажни информации со цел поттикнување на омраза и насилство и нетрпеливост", се базирани на интернет и не подлежат на регулација од страна на Агенцијата.

**Надзори за почитување на посебните забрани од член 48**

Во 2019 година имаше само еден надзор за почитувањето на посебните забрани од член 48. Имено, во февруари имаше вонреден надзор по претставка за актуелно-информативната говорна шоу програма "Очи в очи", емитувана на ТВ 24 Вести на 13 февруари 2019 година. Подносителот на претставката сметаше дека сегментот од емисијата кога водителот вели „...Вас не Ве обврзува никој да имате пасош... ако не сакате, ако немате пари да патувате надвор, нема ни да имате пасош..." претставува „...класичен говор на омраза и навреда...". Не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ, но на радиодифузерот му беше испратено известување за претставката со потсетување дека контактот со граѓаните преку медиумите подразбира одредено ниво на комуникација, поради што потребно е сите новинари и радиодифузери да бидат свесни за фактот дека се обраќаат кон широка публика и притоа треба да бидат внимателни како се изразуваат. За наодите од надзорот беше известен и подносителот на претставката.

**Други активности за борба против говорот на омраза**

На 31 јануари Агенцијата стана членка на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите, формирана на иницијатива на Советот за етика во медиумите на Македонија, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Декларацијата против говорот на омраза во медиумите и интернетот со која беше формирана Мрежата, освен Агенцијата ја потпишаа и МВР, МИОА, министерот за комуникации, отчетност и транспарентност, Народниот правобранител на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Здружението на новинари на Македонија – ЗНМ, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници – ССНМ, Институтот за комуникациски студии – ИКС, Македонскиот институт за медиуми – МИМ, Центарот за развој на медиуми – ЦРМ, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, Коалицијата Маргини, Фондацијата Метаморфозис, Институтот за истражување на општествениот развој – РЕСИС и Центарот за интеркултурен дијалог – ЦИД.

Во ноември Агенцијата имаше две можности да ја претстави својата работа при анализите на говорот на омраза во програмите пред две значајни публики. Најпрвин, практиката на АВМУ беше презентирана на Тркалезната маса „Борба против расната дискриминација и нетолеранција во Северна Македонија", организирана од Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ) и Министерството за труд и социјална политика. Во вториот случај, начинот на кој АВМУ го применува трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права при утврдувањето прекршување на членот 48 од ЗААВМУ беше пред судии, јавни обвинители и новинари во рамки на работилницата „Безбедноста на новинарите и медиумските работници и ограничувањето на слободата на изразување", која се одржа во Велес, во организација на Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, Амбасадата на Кралството Норвешка, Здружението на новинарите на Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители.

Регулаторното тело постојано води сметка да ги надградува и знаењата на своите вработени, па во тој контекст, петмина вработени во Стручната служба, во април, се приклучија кон основната обука за справување со дискриминација и говор на омраза, организирана од Министерството за труд и социјална политика, иако таа беше наменета за државни службеници.

**Претставки и барања на други теми**

Во 2019 година имаше и неколку претставки кои не беа основа за надзор, туку бараат поинаква реакција од регулаторното тело.

Така, во февруари до Агенцијата беше доставена претставка за тоа дека Наша ТВ не ги почитува деновите на жалост прогласени по автобуската несреќа кај Ласкарци, врз основа на која на медиумот му беше укажано да ја усогласи програмата.

Во март, преку претставка беше поставено прашање во врска со ангажирањето на толкувачите на знаковен јазик во двојна улога - како толкувачи ангажирани од страна на организатори на политички кампањи за Претседателските избори 2019 и истовремено како толкувачи/новинари во рамките на програмите на радиодифузерите. Дилемата се однесуваше на забраната од Изборниот законик (член 75-в), според која: „Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања“. Имајќи ги предвид јавниот интерес за обезбедување повеќе програми достапни за лицата со сетилна попреченост и барањето на самите лица да добиваат информации и за изборните активности, ставот на Агенцијата беше дека оваа забрана не се однесува на толкувачите на знаковен јазик.

Во април до Агенцијата стигнаа неколку дописи кои беа поврзани со Претседателските избори што тогаш беа во тек.

Најпрвин, ДИК бараше реакција поради тоа што електронскиот медиум Дојче Веле (https://m.dw.com/mk/теми) на 28 март 2019 година, во време на забрана за емитување резултати од истражувања на јавното мислење, објавил две содржини во кои имало резултати од испитувања на јавното мислење за претседателските кандидати Стево Пендаровски и Гордана Силјановска – Давкова. Агенцијата потсети дека медиумите базирани на интернет не се во нејзина надлежност.

Господинот Шабан Салиу бараше мислење дали може да учествува во програми на медиумите по повод 8 Април, светскиот ден на Ромите, во време на изборната кампања за Претседателските избори 2019 година. Му беше посочено дека регулаторното тело не може да даде такво мислење a priori, односно пред емитување на емисијата, зашто надзорот се врши само врз емисии кои се веќе емитувани, а право на медиумите е да ја информираат својата публика за актуелните настани, но тоа да го прават така што ќе ги почитуваат професионалните стандарди и ќе внимаваат на правилата од Изборниот законик.

Имаше и претставка во која се оценуваше оти е „неприфатливо да се дозволува ВМРО ДПМНЕ да не го употребува уставното име на државава во рекламни спотови, што се емитуваат на сите медиуми“. Агенцијата потсети дека својот мониторинг на платеното политичко рекламирање го врши врз основа на почитувањето на правилата пропишани во Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и нема надлежност да го следи начинот на кој се употребува уставното име на државата.

Здружението Млади европски федералисти – Македонија бараше информации и инструкции во врска со информирање за јавен настан кој се одржува на ден на изборен молк. Беше посочено дека Агенцијата нема надлежност врз предвидениот стриминг, односно емитувањето во живо преку интернет, додека радиодифузерите би можеле целосно да известат по завршувањето на изборниот молк, а во меѓувреме би

можеле да информираат само доколку не ги прикажат (со слика или снимка) и не пренесат изјави (преку директен говор или прекажано) од претставници од државни институции и политички чинители.

Агенцијата постапи и по препратена претставка од Министерството за култура. Претставката беше од граѓанин на Пробиштип, во врска со користењето писмен македонски јазик на приватните телевизии. На подносителот на претставката му беше испратен одговор за надлежностите на Агенцијата во врска со употребата на јазикот во програмите на радиодифузерите и во врска со преземените активности.

Во врска со доследната примена на македонскиот литературен јазик при нахсинхронизацијата на содржините, Агенцијата доби претставка и за странскиот програмски сервис „PIKABOO". Во врска со оваа претставка, Агенцијата испрати известување до ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје, застапник на правата за склучување договори за реемитување на територијата на Република Северна Македонија, во кое побара сервисот да обрне внимание при нахсинхронизацијата на нивните содржини на македонски јазик.

Во мај Агенцијата одговори на уште една претставка од физичко лице за играниот серијал што се емитуваше на ТВ Сител, „Далеку од дома". Бидејќи за овој серијал веќе беше направен вонреден програмски надзор врз основа на други две претставки, во кој не беше констатирано прекршување на правилата за заштита на малолетните лица, подносителот на претставката беше известен за наодите од надзорот.

Беше одговорено на две претставки од физички лица - првата во врска со емитувањето турски серии и нивната нахсинхронизација на македонски јазик, а втората за снимките со кои се инсертираат прилозите поврзани со вакцинацијата од морбили. Двете претставки беа неосновани. Нивните подносители беа соодветно известени. Во однос на првата претставка подносителот беше известен дека медиумите се независни во својата уредувачка политика и дека само тие одлучуваат што ќе емитуваат и на кој начин, а дека нахсинхронизацијата на странските програми со домашни актери комерцијалните телевизии ја прават со сопствени средства, а не со средства од Буџетот на државата. Во однос на втората претставка подносителот беше известен за надлежностите на Агенцијата и за тоа дека е забранета цензурата во државата, затоа што бараше цензура на снимките на кои се прикажува вакцинирање.

Во мај имаше уште една претставка поради прикажувањето снимки од вакцинација на деца на телевизиите „без никаква цензура", на што беше одговорено дека слични снимки и пред тоа биле користени од медиумите за прилози во кои се известуваше за вакцинирањето и епидемијата од морбили, но ретките реакции укажуваа на тоа дека значаен дел од јавноста не ги оценува како вознемирувачки, а известувањето во самите прилози беше професионално.

Исто така во мај, со претставка се бараше АВМУ да реагира за употребата на придавката "северномакедонски" во текст објавен на Македонската информативна агенција – МИА, но регулаторното тело има надлежност само врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги – што МИА не е.

Во јуни, претседателот на Унијата за култура на Власите од Македонија Димо Н. Димчев изнесе низа забелешки кои се однесуваа на работата на уредничката на Редакцијата за влашки јазик на националниот сервис Јана Михајлова. Имајќи предвид дека ова се аспекти од работењето на Јавниот сервис кои се во надлежност на Програмскиот совет на Македонската радиотелевизија, претставката беше доставена до него.

Агенцијата одговори на претставка и од Мара Мијановска во врска со јазикот на емитување на една документарна програма на 1 ТВ. Подносителката на претставката беше известена дека Агенцијата веќе има изречено мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (емитување содржини без

превод на македонски јазик) и дека по истекот на рокот даден за усогласување ќе биде извршен контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот го отстранил прекршокот.

Во јуни имаше реакција и зошто „национална телевизија ... не пренесува во живо натпревар на својата репрезентација", на што беше дадено појаснување дека радиодифузерите се независни при создавањето на програмите и креирањето на својата уредувачка политика, а Агенцијата нема надлежност да се меша во неа.

## РОДОТ ВО МЕДИУМИТЕ

Агенцијата, во втората половина на 2019 година, преку јавна набавка, го ангажираше Институтот РЕСИС да го реализира истражувањето – „Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите" кое овој пат се реализира врз примерок од емисиите за деца емитувани на програмите на терестријалните национални ТВ сервиси во периодот од 15 септември до 15 октомври. До крајот на годината заврши првата фаза од обемното истражување, кое ќе биде промовирано во почетокот од 2020 година.

Со цел да се обезбедат што повеќе релевантни показатели за состојбата со родовите не само на екранот туку и зад него, во 2019 година беше направена и мета-анализа „Родовата структура на сопственоста кај телевизиите и радијата 2019", претставена во декември, на четвртиот јавен состанок во 2019 година. Всушност, овој јавен состанок на Агенцијата беше реализиран како работилница за различни аспекти на родот во медиумите. Како основа за дебата, на присутните им беа презентирани „Водич за новинари: Етичко известување за трансродовите лица и прашањата кои ги засегаат" (од страна на претставничка на Коалиција Маргини), резултатите од анализата за начинот на известување на медиумите за манифестацијата „Скопје Прајд 2019" (од страна на претставничка на Хелсиншкиот Комитет за човекови права) и резултатите од анализата на АВМУ за застапеноста на родовата структура во сопственоста кај телевизиите и радијата во 2019 година. Последнава анализа е дел од поголема мета-анализа во која се вклучени и споредбени податоци од 2012 до 2018 година за родовата структура на вработените во аудио и аудиовизуелната индустрија. Изработена е врз основа на податоците на анализите за структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија од 2012 до 2018 година[28], а ќе биде отпечатена и промовирана во почетокот на 2020 година.

Во делот на пружање поддршка за истражувањата за родот во медиумите пошироко, на 4 ноември, како дел од „Деновите на медиумска писменост 2019" во Агенцијата се одржи презентација на „Извештајот од мониторингот: Родовиот баланс во известувањето кај медиумите во државава", во организација на ЖГИ Антико. Агенцијата логистички го поддржа овој настан, а на презентацијата присуствуваа медиуми и заинтересирани граѓани.

Активностите на регулаторното тело на полето на родовата еднаквост и воведувањето на родот во главните општествени токови се препознаени и од другите субјекти во општеството. Така, претставници на Агенцијата учествуваа во активности поврзани со родовите прашања во земјава, организирани од Собранието. Во февруари се одржа јавната расправа во врска со Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2017 година, организирана во рамки на 9-та седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието; АВМУ учествуваше на расправата за претставување на Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година во Собранието

[28] Анализите за медиумската сопственост се достапни на: https://bit.ly/3beg8YK, а на структурата на вработените во индустријата на: https://bit.ly/2SikQM5

на РСМ, а учествуваше и на средба со граѓанските организации, организирана во рамките на Неделата на женски права и родова еднаквост, на која се говореше за досегашната соработка и идните предизвици. Во септември, на покана од Националниот демократски институт, претставничка на Агенцијата беше панелистка на тркалезната маса: „Како медиумски се покриваат политичарките и како да го елиминираме говорот на омраза упатен кон жените во политиката“. Настанот се одржа во рамки на Неделата на женски права и родова еднаквост што ја организираа НДИ, УСАИД и ОБСЕ.

Агенцијата имаше и свој претставник во Работната група за превенција во рамките на подготовката на Предлог-закон за родово базирано насилство, кој активно учествуваше во сите фази на подготовката на предлог-текстот на законот (давање предлози за конкретни одредби, учество на средби на кои се разгледуваа верзиите на предлог-законот и забелешки и сугестии за подобрување во фазата на финализирање и на јавна расправа за документот).

Регулаторното тело беше активно во изработката на извештајот на РСМ за имплементацијата на Пекиншката декларација. Најпрвин беше подготвен текст како придонес кон извештајот, а потоа, претставници на Агенцијата активно учествуваа на Работилницата - Резултати од и Платформа за акција во Република Северна Македонија+25, на која се разгледуваше првата верзија на Нацрт-извештајот по прашалникот за Пекинг+25.

Како и секоја година, и овојпат, до Министерството за труд и социјална политика навреме беше доставен Годишниот извештај од АВМУ за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите за 2018 година, изработен од координаторката и заменикот-координаторот за еднакви можности во Агенцијата. Тие, подоцна во текот на годината, учествуваа на состанок по повод претставувањето на резултатите за Родов индекс на РСМ, а на крајот од годината пак, беа дел и од Работилницата за разгледување на препораките на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW).

Вкупно седуммина вработени во Стручната служба на Агенцијата учествуваа во двата циклуси на обуката за родовоодговорно буџетирање, која ја организираше МТСП, а имаше за цел вклучување на родовата перспектива при стратешкото планирање.

Две претставнички на регулаторното тело беа активни учеснички во менторската програма „Жени за жени во јавниот сектор“ – едната како менторка, а другата како менторирана. Станува збор за програма за поттикнување на професионалниот развој и лидерство на жените во јавниот сектор, во вид на Менторска програма наменета за жени во редовен работен однос во државните институции во земјата, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика.

Исто така, претставници на Агенцијата учествуваа и во активности поврзани со работата на меѓународни субјекти. Во јуни тие учествуваа на работилница за Планот за родова акција на Европската комисија што ја организираа Фондацијата Kvinna till Kvinna (Жена за жена) и Реактор - Истражување во акција, со поддршка од Европската Унија и на Конференцијата „Интегрирање на родовата перспектива во процесите на ЕУ интеграција - вклучување на женските граѓански организации“, во рамки на проектот „Родово рамноправна ЕУ интеграција? градење капацитети на женските граѓански организации“, во организација на фондацијата Kvinna till Kvina и Реактор - Истражување во акција. Вработена во Стручната служба, пак беше поканета како модераторка на две сесии на Конференцијата „Улогата на жените во сочувувањето на мирот и безбедноста/Резолуција 1325 основа за акција“. Дводневната Конференција беше организирана од НЕКСУС Граѓански концепт, Институтот за родови студии при филозофскиот факултет УКИМ во Скопје, НАТО Јавна дипломатија од Брисел, Белгија и ЦИВИКА Мобилитас.

Во мај Агенцијата го пополни онлајн прашалникот од Советот на Европа во врска со Препораката ЦМ/Рец(2013)1 на Комитетот на министри на Советот на Европа за родова еднаквост во медиумите, а чија цел беше да се утврди дали и како се спроведува оваа препорака. Претходно, регулаторното тело му обезбеди на Министерството за труд и социјална политика податоци за да може тоа да го одговори прашалникот од свој аспект.

На крајот од годината, до Министерството за труд и социјална политика беа доставени Оперативниот план за 2020 година за реализирање на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018-2023 (Истанбулска Конвенција) и Оперативниот план за 2020 година за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

## ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО И РАДИО ЕМИТУВАЊЕ

### Доделување дозволи за телевизиско/радио емитување по пат на јавен конкурс[29]

Во 2019 година, Агенцијата донесе една одлука (Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година) за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански јазик и на македонски јазик, на државно ниво, на физичкото лице Фисник Татеши од Струга. Јавниот конкурс за доделување на дозолата беше распишан во 2018 година.

Две писмени барања од заинтересирани страни за донесување одлуки за објавување јавен конкурс беа одбиени, односно јавни конкурси не беа распишани. Станува збор за:

- едно писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. Барањето беше одбиено затоа тоа што поради вообичаените ограничувања за измени на финансискиот план и планот за јавни набавки во период кога се распишани избори не постоеше можност да се спроведе постапка за јавна набавка за избор на специјализирана агенција која ќе изработи студија со која ќе се утврди оправданоста од објавување конкурс за доделување дозвола. Имајќи го предвид сето ова, Советот на Агенцијата одлучи сите потребни активности да се преземат веднаш по завршувањето на Претседателските избори, доколку подносителот на барањето е сè уште заинтересиран;
- едно писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга, кое беше одбиено затоа што со Студијата (арх.бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година) се утврди дека нема оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на ова подрачје.

### Доделување дозволи за телевизиско/радио емитување без јавен конкурс[30]

[29] Деталните податоци за постапките за доделување на дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс“ (Прилог бр.2)

[30] Деталните податоци за постапките за доделување на дозволи за телевизиско и радио емитување без објавување на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи за телевизиско и радио емитување без објавување на јавен конкурс“ (Прилог бр.3)

Во 2019 година беа поднесени шест барања од заинтересирани страни за доделување дозволи за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, при што беа донесени две одлуки за доделување дозвола, и тоа на:

- Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат, во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на државно ниво (овој субјект претходно имаше дозвола да емитува преку сателит, а новата дозвола беше издадена за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс); и

- Друштво за трговија и услуги КИСС & МЕНАДА ДОО Тетово, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво за регионот Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце, Теарце).

Во однос на преостанатите четири барања беа донесени четири решенија за нивно отфрлање поради тоа што беше констатирано дека беа нецелосни, односно не беа уредно пополнети и не ги содржеа сите податоци предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од ЗААВМУ.

**Престанок на важност на дозволи за телевизиско емитување по сила на закон**

Во 2019 година, по сила на закон им престана важноста на дозволите за телевизиско емитување на вкупно шест радиодифузери, и тоа:

- на две телевизии (ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово и РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп) поради тоа што доставија писмена изјава дека престануваат со емитување телевизиска програма и

- на четири телевизии (ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје и ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје) со одземање на дозволата од страна на Агенцијата.

По сила на закон, а со одземање од страна на Агенцијата, престана да важи и дозволата на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип. Причината за одземање на дозволата беше неисполнување на обврската од член 80 став 5 од ЗААВМУ, односно оваа телевизија не го плати надоместокот за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок. Поради тоа што по одземањето на дозволата овој субјект поведе управен спор и го плати надоместокот за дозволата, Советот на Агенцијата донесе одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

## ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

**Евидентирање во регистарот**

Во текот на целата година, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беа евидентирани два субјекти: Акционерското друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје и Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје. Кон крајот на годината беше евидентиран уште еден субјект - Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, но во извештајната година овој субјект немаше започнато да ја врши на дејноста.

**Програмски надзор**

Редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, согласно Годишниот план за вршење програмски надзор во 2019 година, беше предвиден да се спроведе двапати во текот на годината. Надзорот на Акционерското друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје и Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје беше спроведен во мај и ноември. Предмет на надзорот беше исполнувањето на обврските од ЗААВМУ, коишто се однесуваат на забраната за пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49), заштитата на малолетни лица (член 50) и промоцијата на производство и пристап до европски дела (член 60). Со четирите редовни надзори беше констатирано дека давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнуваат обврските од Законот.

Имајќи предвид дека Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје беше евидентирано во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање на крајот од извештајната година, а со оглед на тоа дека ја извести Агенцијата дека нема да почне со работа до крајот на годината, надзор врз овој субјект не беше спроведен.

## ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

**Евидентирање во регистарот**

На крајот на 2019 година, вкупниот број на евидентирани субјекти во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети изнесуваше 35 субјекти, од кои 29 кабелски оператори (не вклучувајќи ги нивните подружници), пет IPTV оператори и еден DVB-S оператор.

Во 2019 година во регистарот беше евидентиран само еден нов субјект - Друштвото за телекомуникации и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, а беа избришани два субјекти: Друштвото за услуги,трговија и производство МОБИ СЕРВИС увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп (во септември) и Друштвото за трговија и услуги ИПТВ БАЛКАН ДОО Скопје (во декември), откако овие два оператори ја известија Агенцијата дека престануваат со вршење на дејноста.

**Регистрација на програмски пакети**

Во извештајната година, од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи до Агенцијата беа доставени вкупно 344 пријави за регистрација на пакет програмски сервиси. По извршена проверка на комплетноста и уредноста на доставените пријави, Агенцијата издаде вкупно 336 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Во 2019 година Агенцијата донесе осум решенија со кои се смета дека пријавата не е доставена, а врз основа на доставено барање од страна на подносителот, донесе и едно решение за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**Програмски надзор**

Редовниот програмски надзор врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, согласно Годишниот план за вршење програмски надзор за 2019 година, беше спроведен двапати во текот на годината, односно по еднаш во секое полугодие од годината беше направен редовен надзор над сите

оператори евидентирани во регистарот што го води Агенцијата. Вонредниот надзор се спроведува врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност, а контролниот надзор по истекот на рокот утврден во изречената мерка.

Во 2019 година Агенцијата спроведе вкупно 84 надзори на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 70 редовни, пет вонредни и девет контролни надзори. Подолу во текстот се наведени сите надзори според месецот кога беа спроведени:

**Јануари**

- Четири редовни надзори на операторите Инел Интернационал од Кавадарци, КДС Кабел Нет од Прилеп, Скрембл од Ново Село и Роби од Штип. Кај четирите оператори не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ.

- Еден вонреден надзор на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје, со кој беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси што не беа регистрирани.

**Февруари**

- Четири редовни надзори на операторите Инфел од Охрид, Кабел Нет од Лабуништа, А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје (во тој период ОНЕ.ВИП ДОО Скопје) и Траншпед Трејд од Крива Паланка. Кај четирите оператори не беа констатирани прекршувања.

- Контролен надзор на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје, со кој беше утврдено дека не постапил по претходно изречената мерка и беше предложено покренување прекршочна постапка. Во отпочната постапка за порамнување, операторот изврши порамнување во законски предвидениот рок.

**Март**

- Шест редовни надзори на операторите Нафи Беко од Гостивар, Овер Тхе Топ од Скопје, Глобал Сат од Скопје, ИП Системс од Куманово, Комбо од Куманово и КДС ВТ од Пробиштип. Не беа констатирани прекршувања кај ниеден оператор.

**Април**

- Во месец април беа извршени осум редовни надзори, и тоа врз следните оператори: Македонски Телеком од Скопје, Канал 16 од Ресен, Кабел ДОО од Струмица, Пет Нет од Гевгелија, Каблекалл од Кичево, Алтра Сат од Охрид, Кабел Нет од Струмица и Спајдер Нет од Гевгелија. Прекршувања на член 141 беа констатирани кај операторите Кабел ДОО од Струмица, Пет Нет од Гевгелија, Каблекалл од Кичево и Алтра Сат од Охрид, за што Агенцијата им изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

**Мај**

- Шест редовни надзори на операторите Скупи Кабле од Скопје, Теленет од Тетово, Мултимедиа Нет од Куманово, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Вива Нет од Берово и Неотел од Скопје. Прекршувања на

член 141 беа констатирани само кај Вива Нет од Берово и Неотел од Скопје, за што Агенцијата им изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

- Четири контролни надзори на операторите Кабел ДОО од Струмица, Каблекалл од Кичево, Пет Нет од Гевгелија и Алтра Сат од Охрид, со кои беше утврдено дека постапиле по претходно изречената мерка.

**Јуни**

- Шест редовни надзори на операторите Винсат Кабел од Виница, Сигнал Нет од Куманово, Бив Пирамида од с.Звегор Делчево, Тотал ТВ од Скопје, Кабел Ас од Македонски Брод и Моби Сервис од Кривогаштани. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Два контролни надзори на операторите Неотел од Скопје и Вива Нет од Берово. Со надзорот беше утврдено дека само операторот Вива Нет од Берово не постапил по претходно изречената мерка и беше предложено покренување прекршочна постапка. Во отпочната постапка за порамнување операторот изврши порамнување во законски предвидениот рок.

**Јули**

- Шест редовни надзори на операторите Инфел од Охрид, Глобал Сат од Скопје, Инел Интернационал од Кавадарци, Спајдер Нет од Гевгелија, Траншпед Трејд од Скопје и Пет Нет од Гевгелија. Прекршување на член 141 беше констатирано само кај операторот Спајдер Нет од Гевгелија, за што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

- Два вонредни надзори на Канал 16 од Ресен и Вива Нет од Берово. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

- Контролен надзор на операторот Спајдер Нет од Гевгелија, со кој беше утврдено дека во целост постапил по претходно изречената мерка.

**Август**

- Осум редовни надзори на операторите Канал 16 од Ресен, Инфел од Охрид, Глобал Сат од Скопје, Роби од Штип, Комбо од Куманово, Македонски Телеком од Скопје, Кабел Нет од Струмица и Дрим Сат од с.Чегране Гостивар. Кај ниту еден од операторите не беа констатирани прекршувања на законскит обврски.

**Септември**

- Пет редовни надзори на операторите А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, Алтра Сат од Охрид, БИВ Пирамида од с.Звегор Делчево, Кабел Л Нет од Лабуништа и Кабел ДОО од Струмица, со кои не беа констатирани прекршувања.

**Октомври**

- Седум редовни надзори на операторите ИП Системс од Куманово, Каблекалл од Кичево, КДС Кабел Нет од Прилеп, КДС ВТ од Пробиштип, Мултимедија Нет од Скопје, Неотел од Скопје и Вива Нет од Берово. Прекршување на член 141 беше констатирано само кај операторот Каблекалл од Кичево. Со оглед на тоа што Агенцијата на овој оператор во месец април му изрече мерка за опоменување и за исклучување на

реемитувањето на програмските сервиси, беше предложено покренување прекршочна постапка. Во отпочната постапка за порамнување операторот изврши порамнување во законски предвидениот рок.

- Два вонредни надзори, од кои еден на операторот Вива Нет од Берово, а вториот на сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи за исполнувањето на обврската од член 143 став 5 од ЗААВМУ. Со надзорот на Вива Нет од Берово беше констатирано повторно прекршување на член 141 и беше предложено покренување прекршочна постапка. Во отпочната постапка за порамнување операторот изврши порамнување во законски предвидениот рок. Со надзорот кој ги опфати сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи беше констатирано дека во целост е исполнета обврската од член 143 став 5, односно дека програмските пакети на сите оператори ги содржат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

**Ноември**

- Девет редовни надзори на операторите Сигнал Нет од Куманово, Нафи Беко од Гостивар, Кабел АС од Македонски Брод, Скупи Кабле од Скопје, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Теленет од Тетово, Скрембл од Ново Село, Тотал ТВ од Скопје и Овер Тхе Топ од Скопје. Прекршување на член 141 беше констатирано само кај операторот Скрембл од Ново Село, за што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

**Декември**

- Еден редовен надзор на операторот Винсат Кабел од Виница, со кој не беа констатирани прекршувања и еден контролен надзор на операторот Скрембл Ново од Село, со кој беше утврдено дека овој оператор во целост постапил по претходно изречената мерка.

## НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во текот на 2019 година Агенцијата изврши 16 надзори на работењето на издавачите на печатени медиуми. Од нив, 14 ( седум редовни и седум вонредни) беа спроведени за да се констатира дали тие ја исполнуваат обврската за објавување импресум (член 14 став 1 од Законот за медиуми), а два (еден редовен и еден вонреден) за да се констатира дали ја исполнуваат обврската за обезбедување јавност во своето работење (член 15 став 2 од истиот закон).

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2019 година, редовните надзори во врска со исполнувањето на обврската од член 14 став 1 беа спроведени во февруари (еден надзор), во јуни (три надзори) и во октомври 2019 година (три надзори). Со надзорот во февруари (на 22 издавачи) беа опфатени 28 печатени медиуми, со трите надзори во јуни (на 20 издавачи) беа опфатени 26 печатени медиуми, а со надзорите во октомври (на 19 издавачи) 23 печатени медиуми.

Два од седумте вонредни надзори во врска со оваа обврска беа извршени во март (на МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ Битола, издавач на „Битолски весник“, и на ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“), два во април (на АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на „Либи“ и „Мини Либи“ на албански јазик, и на КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Home Style“ и „Добра храна), два во јули (на КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Home style“, на ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“, и на АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на „Мини Либи“ и „Либи“ на албански јазик) и еден во ноември (на МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас“).

Со надзорите беше констатирано дека сите издавачи на печатени медиуми во целост ја исполнуваат обврската за објавување импресум.

Обврската за јавност во работењето издавачите на печатени медиуми се должни да ја исполнат на начин што податоците за сопственичката структура ќе ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година, и исечок од објавата ќе и доставaт на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во врска со оваа законска обврска, Агенцијата во извештајната година изврши еден редовен и еден вонреден административен надзор. Со надзорите беа опфатени 22 издавачи на печатени медиуми (21 издавач со редовниот надзор и еден издавач со вонредниот надзор), при што беше констатирано дека дека сите во целост ја исполниле наведената обврска.

## ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик, а во врска со Упатството за начинот на спроведување на одредбите од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година, арх.бр.01-1802/1 од 29.03.2019 година**

За констатирани прекршувања на Изборниот законик, сторени за време на изборот на претседател на државата и за предвремените избори за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар во 2019 година беа покренати четири прекршочни постапки[31] пред надлежен суд против радиодифузерите и одговорните лица на радиодифузерите, и тоа:

- за прекршувања на член 75 ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од Упатството за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година (арх.бр.01-1802/1 од 29.03.2019 година[32]), поведени се две прекршочни постапки пред надлежен суд против два радиодифузера, односно:

  - една прекршочна постапка поради одвојување повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на еден реален час за кандидатот за претседател Блерим Река, поддржан од политичките партии во опозиција; и

  - една прекршочна постапка поради одвојување повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите на политичките партии на власт – за кандидатот за претседател Стево Пендаровски и за кандидатот за градоначалник на Општина Охрид Константин Георгиески;

- за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик, поведена е една прекршочна постапка пред надлежен суд против еден радиодифузер поради емитување платено политичко рекламирање во посебна информативна програма; и

[31] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на изборите на Претседател на Република Македонија и за предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на Општина Ново Село и градоначалник на Општина Дебар во 2019 година се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Поведени прекршочни постапки против радиодифузерите за констатирани прекршувања за време на изборите на претседател на Република Македонија и за предвремените избори за градоначалник на Општина Охрид, градоначалник на Општина Ново Село и градоначалник на Општина Дебар во 2019 година“ (Прилог бр.1)

[32] Достапно на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/legislativa/domasna-legislativa/podzakonski-akti/leg-izbori/

- за прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик, поведена е една прекршочна постапка пред надлежен суд против еден радиодифузер поради прекршување на изборниот молк.

**Преземени мерки кон издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси**

Во текот на 2019 година, за констатирани непочитувања на одредбите од ЗААВМУ, Законот за медиуми и на подзаконските акти, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа беа преземени вкупно 136 мерки, од кои:

- 112 решенија за преземање мерка – јавна опомена (103 решенија за преземање мерка – јавна опомена за радиодифизерите[33] и девет решенија за јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи[34]);
- 12 прекршочни постапки[35] (осум против радиодифузери и одговорни лица на програмата во правните лица и четири против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и одговорните лица на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа);
- пет одлуки за одземање на дозвола[36], и
- седум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[37].

**Преземени мерки против радиодифузерите**
**Изречени мерки – опомени**

Агенцијата во текот на 2019 година донесе вкупно 103 решенија за преземање мерка – јавна опомена, и тоа:

- едно поради констатирана повреда на член 49 од ЗААВМУ – поради објавување, односно пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права;
- едно поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица[38], односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој - емитување програма без аплицирање на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нејзиното емитување;
- едно поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 17 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – погрешно означување на категоријата програма и емитување програма која пред

[33] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон радиодифузерите се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузерите за 2019 година“ (Прилог бр.4)
[34] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за 2019 година“ (прилог бр.5).
[35] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување за констатирани прекршувања на ЗААВМУ и ЗМ во 2019 година“ (Прилог бр.6).
[36] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување се наведени во дел од табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Постапки во врска со одземање на дозволи за телевизиско/радио емитување за 2019 година“ (Прилог бр.7).
[37] Деталните податоци за донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери за 2019 година“ (Прилог бр.8).
[38] Достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк:http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf

почетокот на емитувањето не е означена со предупредувачка сигнализација која ја означува категоријата програма;

- едно поради констатирана повреда на член 54 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што во спонзорирана аудиовизуелна медиумска програма директно е поттикнувано купување или изнајмување стоки или услуги, преку нивно посебно промотивно препорачување;
- едно поради констатирана повреда на член 54 став 2 од ЗААВМУ, односно поради тоа што во спонзорирана аудиовизуелна медиумска програма не е јасно означено дека се работи за спонзорирана програма, односно спонзорите не се јасно идентификувани;
- едно поради констатирана повреда на член 55 став 5 од ЗААВМУ, односно поради пласирање производи без да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи;
- едно поради констатирана повреда на член 55 став 7 од ЗААВМУ, односно поради непочитување на правилата за пласирање производи;
- едно поради констатирана повреда на член 55 ставови 5 и 7 од ЗААВМУ, односно поради непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации – нејасно означување дека се работи за програма во која има пласирање производи и придавање претерана важност на производот за кој станува збор;
- едно поради констатирана повреда на член 64 став 3 од ЗААВМУ, односно поради емитување програма на странски јазици без преводи на македонски јазик;
- едно поради констатирана повреда на член 98 став 1 од ЗААВМУ, односно поради емитување реклами што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства;
- едно поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники, односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники - емитување блок реклами на поделен екран, во издание на емисија покусо од 15 минути;
- едно поради констатирана повреда на член 100 став 1 од ЗААВМУ, односно поради емитување рекламни блокови со вкупно времетраење подолго од дозволените 12 минути на еден реален час;
- две поради констатирана повреда на член 41 став 1 и став 2 од ЗААВМУ, односно поради спроведена промена на сопственичката структура од страна на радиодифузери без претходно да ја известат Агенцијата и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата;
- две поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица - емитување програма во несоодветен временски период од денонoќието;
- две поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – погрешно означување на категоријата програма;
- две поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – емитување програма во несоодветен временски период од денонoќието и со погрешно означување на категоријата програма;
- две поради констатирана повреда на член 92 став 4 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за обезбедување најмалку 50%, односно 30% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори;
- две поради констатирана повреда на член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно поради неисполнување во целост на обврската за доставување податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2018 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2018 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2018 година;

- три поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица поради емитување програми без нивно обележување со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува;
- три поради констатирана повреда на член 92 став 1 од ЗЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела;
- три поради констатирана повреда на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот;
- три поради констатирана повреда на член 15 став 3 од Законот за медиуми, односно поради необјавување на сопствената програма на податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и недоставување снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата;
- четири поради констатирана повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радија за емитување домашна музика, односно поради констатирано непочитување на преземената обврска за доброволно пријавениот процент за емитување музика на македонски јазик;
- четири поради констатирана повреда на член 92 став 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за емитување половина од законскиот минимум програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот;
- седум поради констатирана повреда на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно поради необезбедување на информации достапни за корисниците;
- осум поради констатирана повреда на член 64 став 1 од ЗААВМУ, односно поради емитување делови од емисии на странски јазик, без истите да бидат преведени на македонски јазик;
- осум поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники[39], односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники – емитување на поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути;
- 12 поради констатирана повреда на член 14 од Законот за медиуми, односно поради неисполнување на обврската за објавување на податоци (со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн.), што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис и
- 24 поради констатирана повреда на член 15 став 5 од Законот за медиуми, односно поради неисполнување на обврската од страна на радиодифузерите во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) за доставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа.

[39] Достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Pravilnik_za_novi_reklamni_tehniki.pdf

**Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување како постапки за издавање на прекршочен платен налог за констатирани прекршувања на ЗАВМУ**

Во текот на 2019 година, врз основа на извршен програмски/административен надзор на радиодифузери кои претходно беа јавно опоменати, односно им беше наложено да го усогласат своето работење со одредбите од ЗААВМУ, беше констатирано дека шест радиодифузери продолжиле со вршење на истата повреда за која биле опоменати во текот на годината.

Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беа спроведени вкупно шест постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог. Од нив, една заврши успешно, односно сторителите ги платија глобите по издадениот прекршочен платен налог, а за преостанатите пет, кои завршија неуспешно, беа поведени прекршочни постапки пред надлежен суд.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување како постапки за издавање на прекршочен платен налог за констатирани прекршувања на Законот за медиуми**

Заради тоа што и покрај изречената јавна опомена радиодифузерите продолжиле со истата повреда на Законот за медиуми за која биле опоменати, а согласно со Законот за прекршоците, во текот на 2019 година беа спроведени вкупно три постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог.

Една од нив заврши успешно во целост, односно сторителите ги платија глобите по издадениот прекршочен платен налог, а за другите две постапки Агенцијата поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд (Прилог бр.6 кон Извештајот).

**Одземање на дозволата на радиодифузерите**

Во извештајната година Советот на Агенцијата покрена вкупно 26 постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување. Најголем дел од нив (22) беа покренати поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата, три поради неисполнување на минималните кадровски услови, а една поради тоа што радиодифузерот не ја исполнил обврската да спроведе најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела.

Поради тоа што во периодот од покренувањето на постапката до донесувањето одлука за одземање на дозволата, радиодифузерите ги отстранија прекршувањата и го усогласија своето работење со законот, Советот на Агенцијата запре 21 од покренатите постапки.

Следните пет покренати постапки завршија со одземање на дозволите:

- Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мулиплекс, на регионално ниво, за подрачјето на регионот Д1 – Црн Врв – Скопје (Скопје, Петровец, Арачиново, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Илинден) – имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок;
- Трговско радиодифузно друштво К ТРИ Телевизија ДООЕЛ Куманово, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво, за подрачјето на регионот Д2 – Страцин (Куманово, Липково, Старо нагоричане, Ранковце, Крива Паланка, Кратово) - имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок;

- Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку сателит, на државно ниво - имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок;
- Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво, за подрачјето на регионот Д3 – Туртел (Штип, Карбинци, рновци, Чешиново – Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово) - имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок и
- Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДОО Скопје, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на државно ниво – поради неисполнување на минималните кадровски услови, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

По донесувањето одлука со која на Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип му се одзеде дозволата за телевизиско емитување, радиодифузерот ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од ЗААВМУ, односно го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување и во законски утврдениот рок поведе управен спор, по што Советот на Агенцијата донесе одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

**Бришење од регистарот на радиодифузери**

Во текот на 2019 година беа донесени седум решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, и тоа:

I. На два радиодифузери кои емитуваа телевизиска програма им престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата дека престанува со емитување на телевизиска програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ), и тоа на:

- ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово и
- РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

II. На пет радиодифузери кои емитуваа телевизиска програма им престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон – со одземање на дозволата од страна на Агенцијата (член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ), и тоа на:

- ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје,
- ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово,
- ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје,
- ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип и
- ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

**Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

**Изречени мерки – опомени**

Врз основа на извршен програмски надзор на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во извештајната година беа донесени вкупно девет решенија за јавно

опоменување и  исклучување на реемитувањето на програмските сервиси, кои мерки им беа изречени на операторите заради прекршувања на член 141 од ЗААВМУ.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување како постапки за издавање на прекршочен платен налог за констатирани прекршувања на ЗААВМУ**

Во извештајната година, врз основа на извршен програмски надзор на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, на кои претходно им беше наложено да го усогласат своето работење со одредбите од ЗААВМУ, беше констатирано дека три од нив продолжиле со вршење на истата повреда за која биле опоменати во текот на годината.

Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, Агенцијата спроведе вкупно четири постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог (две од нив со еден оператор), кои завршија успешно, односно сторителите ги платија глобите по издадениот прекршочен платен налог (Прилог бр.6).

## АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

**Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиусмки услуги за 2018 година[40]**

Агенцијата во јули ја изработи  годишната Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година, во која се анализирани податоците за работењето на радиодифузерите во 2018 година, односно податоците за остварените приходи, структурата на приходите, направените трошоци, структурата на трошоците, финансискиот резултат од работењето на крајот од годината, просечниот број на вработени во редовен работен однос, како и податоците за нивната слушаност и гледаност во анализираната година. Анализата се состои од три засебни дела, при што во првиот се претставени податоците за јавниот радиодифузен сервис, во вториот за комерцијалните телевизии и во третиот за комерцијалните радиостаници. Во рамките на вториот и третиот дел засебно се анализирани податоците на телевизиите/радијата кои емитуваат програма на државно, регионално и локално ниво.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, на подрачјата на општините Дебар и Струга[41]**

По прием на писмено барање од заинтересирана страна, а со цел да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радиоемитување на локално ниво во Дебар и Струга, Агенцијата во август изработи студија во која се анализирани постојната понуда на радиостаниците кои емитуваат програма на подрачјето на Струга, нивното економско работење во последните три години, нивната слушаност во 2018 година, како и податоците за потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи во Струга и Дебар. Наодите од оваа студија покажаа дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво во Струга и дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво во

[40] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2019/07/Анализа-на-пазарот-на-аудио-и-аудиовизуелни-медиумски-услуги-за-2018-година.docx.pdf
[41] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Студија-за-радио-на-локално-ниво-во-Дебар-и-Струга-В1..pdf

Дебар, и тоа за програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски и на албански јазик.

**Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2018 година**[42]

Оваа анализа Агенцијата ја изработи во септември 2019 година и во неа се претставени податоците за бројот и структурата на вработените во индустријата, заклучно со состојбата на 31.12.2018 година. Имено, во неа се анализирани податоците за вработените во јавниот и приватниот радиодифузен сектор, и тоа според работните места на коишто се ангажирани, полот, образованието, статусот (во редовен работен однос или хонорарно ангажирани) и етничката припадност.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово**[43]

По прием на писмено барање за отворање локално радио во Куманово, а имајќи го предвид членот 70 од ЗААВМУ, во декември беше изработена „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово". Во студијата се претставени податоците за постојната понуда на радиостаниците во Куманово, нивните економски перформанси во последните три години, податоците за слушаноста во последните три години, како и податоците за потенцијалот на пазарот, односно потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи на ова подрачје. Студијата покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување, и тоа за музичко-говорно радио на македонски јазик, од специјализиран формат, кај кое народната музика е застапена со најмалку 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово**[44]

Тетовскиот универзитет во декември достави писмено барање до Агенцијата, со кое ја изрази својата намера за отворање непрофитно радио кое ќе емитува програма на подрачјето на Тетово. По добиеното барање, а со цел да ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс (од аспект на исполнувањето на целта на ЗААВМУ и од аспект на потребите на публиката), Агенцијата изработи „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово". Во Студијата, покрај законската рамка за непрофитните радиостаници, претставени се податоци за програмската понуда на постојните радиостаници на подрачјето на Тетово, за нивната слушаност во периодот од 2017 до 2019 година и за потенцијалната публика.

---

[42] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2019/09/Структура-на-вработените-во-аудио-и-аудиовизуелна-медиумска-индустрија-во-2018-година.pdf

[43] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-конкурс-за-доделување-дозвола-за-радио-во-Куманово.pdf

[44] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-конкурс-за-непрофитно-радио-во-Тетово.pdf

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

**Измени на претходно донесени подзаконски акти**

Во текот на 2019 година беа извршени измени и дополнувања на следните подзаконски акти:

- Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, и
- Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите**

Имајќи ја предвид својата законска надлежност да врши мерење на гледаноста и слушаноста на програмите на радиодифузерите, а постапувајќи согласно „Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија“, Агенцијата во текот на 2019 година, преку редовни истражувања на публиката кои за неа ги спроведуваше истражувачката агенција МАРКЕТ ВИСИОН од Скопје, обезбедуваше податоци за гледаноста на телевизиските станици и податоци за слушаноста на радиостаниците. Имено, станува збор за податоци кои се однесуваат на: просечниот дневен и неделен досег на слушаноста на радиостаниците; местото каде испитаникот слушал радио (дома, во автомобил, на работа, во ресторан и друго); периодот од денот во кој испитаникот слушал радио; видот на програмската содржина што испитаникот ја слушал; просечниот дневен и неделен досег на гледаноста на телевизиите; учеството во вкупната гледаност на територијата на која телевизиите емитуваат програма и уделот во вкупната гледаност; периодот од денот во кој испитаникот гледал одредена телевизија; видот на програмската содржина што ја гледал; демографската структура на слушателите на радиостаниците и на гледачите на телевизиските станици според пол, возраст и етничка припадност на испитаниците; просечниот дневен и неделен досег на домашните и странските телевизии; и начинот на којшто испитаниците го примаат телевизискиот сигнал. Ваквите податоци беа добивани врз основа на троетапен стратифициран репрезентативен примерок од 2.400 испитаници квартално (9.600 испитаници годишно), од населението на возраст од 10 до 70 години, со користење на методот телефонска анкета. Тие беа доставувани во Агенцијата на квартална основа, и тоа: во јануари 2019 година беа доставени податоци за четвртиот квартал од 2018 година и годишен извештај за цела 2018 година, во април 2019 година беа доставени податоци за јануари, февруари и март, во јули податоци за април, мај и јуни, а во октомври податоци за јули, август и септември 2019 година. Податоците за гледаноста и слушаноста во последното тримесечје од 2019 година Агенцијата ги обезбеди во јануари 2020 година. Извештаите со податоците се објавени на веб страницата на Агенцијата[45].

На крајот на 2018 година, до Уставниот суд на РС Македонија беше поднесена Иницијативата со барање за поведување постапка за оценување на законитоста на „Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија“ поднесена од страна на адвокатот Љупчо Докузов, застапник на ТВ 24 Вести ДООЕЛ од Штип. На 06.09.2019 година, Уставниот суд во Агенцијата го достави Решението бр.127/2018 од 02.09.2019 година, од коешто е

[45] Достапно на: https://avmu.mk/гледаностслушаност/

видно дека на седницата одржана на 3 јули 2019 година, судот одлучил да не се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на „Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија", поради тоа што Агенцијата го донела Упатството согласно законот. Попрецизно, во решението на Уставниот суд е наведено дека *„...на Агенцијата и е дадено законско овластување да го утврди начинот на мерењето на гледаноста или слушаноста на програмите што во конкретниов случај Агенцијата со оспореното упатство го уредила начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите при што според Судот начинот на кој го уредила прашањето на гледаноста и слушаноста на програмите бил во согласност со начелата на транспарентност и можност за вклучување на сите вршители на оваа специфична дејност да учествуваат во фазата на формирање на комитет за мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, од каде Судот оцени дека Агенцијата не ги пречекорила законоските овластувања".*

**Активности на Агенцијата во насока на заштита на имателите на авторските и сродните права**

Во извештајната година, до Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање организиран и сериозен криминал, Агенцијата достави две информации со барање за преземање на службени дејствија. Првото барање се однесуваше на добиена информација по претставка дека преку операторот Македонски Телеком АД Скопје се реемитува нелегален интернет програмски сервис „БАЛКАН МЈУЗИК ДООЕЛ" од Република Бугарија, кој „зрачи" од Скопје. Втората информација се однесуваше на постоење основи за сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, односно емитување кинематографски дела без уредени права со имателот.

Согласно законската обврска утврдена во член 141 став 13 од ЗААВМУ, до имателите на права беа доставени 32 известувања дека оператори на јавна електронска комуникациска мрежа бесправно реемитуваат програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Во 2019 година до Агенцијата беа упатени две известувања за стекнати ексклузивни права за емитување/реемитување спортски содржини.

Едното беше доставено од 24 Вести ДООЕЛ Штип, за стекнати ексклузивни права со времетраење од 01.03.2019 до 31.12.2020 година, за пренос преку (земска) терестријална телевизија, кабелска телевизија, сателитска телевизија, IPTV, интернет телевизија и мобилна телевизија на линеарна и нелинеарна основа, слободна и платена основа, и тоа за територија на Македонија на македонски јазик, на натпревари од Формула 1 шампионатот. За ваквите стекнати права Агенцијата ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и им укажа на тоа дека е потребно да ги почитуваат стекнатите ексклузивни права и да постапуваат согласно Законот за авторското право и сродните права.

Второто известување беше упатено од Македонски Телеком АД Скопје, а се однесуваше на стекнати ексклузивни права за реемитување на програмските сервиси „Арена Спорт 1", „Арена Спорт 2", „Арена Спорт 3", „Арена Спорт 4" и „Арена Спорт 5", вклучително и содржините кои се емитуваат на овие програмски сервиси (Уефа Лига Шампиони и Уефа Лига Европа). Агенцијата ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи за стекнатите ексклузивни права на Македонски Телеком АД Скопје.

Во март 2019 година, во Агенцијата пристигнаа две информации од имателите на права, кои се однесуваа на реемитување телевизиски серијали. Имено, странскиот програмски сервис ХАЈАТ ДОО ја информираше Агенцијата дека ги има регулирано ексклузивните права за емитување на телевизиската серија „Snaha" (Истамбулската невеста) само за територијата на Босна и Херцеговина. Другата информација беше

доставена од Опосум Филм Кфт, а се однесуваше на програмскиот сервис „RTV 21“ од Косово, кој има уредени права за емитување на турската серија „Elimis Birakma“ само за територијата на Косово. Овој програмски сервис се реемитува преку операторите на јавни електронски комуникациски мрежи во нашата држава. И во двата случаеви, Агенцијата упати известување до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, посочувајќи дека, согласно член 143 од ЗААВМУ, должни се да реемитуваат програмски сервиси на радиодифузери врз основа на регулирани авторски и сродни права.

**Учество во различни работни групи за изготвување закони и стратегии, како и во давање придонес кон изготвување извештаи за домашни и странски документи.**

Во јануари се одржаа два состаноци на Националното координативно тело за проценка на ранливост од хибридни закани (НКТ), на кои учествуваше претставник на Агенцијата. Првиот состанок, всушност, претставуваше подготвителна средба на лицата вклучени во координативното тело за следната средба која се одржа два дена подоцна, а на која присуствуваа претставници на ЕУ. На состаноците, на претставниците на институциите во Националното координативно тело им беа дадени насоки за понатамошните активности во однос на одговарање на добиениот прашалник, преку кој требаше да се добијат сознанија за актуелната состојба во земјата поврзана со проценка на ранливоста од хибридни закани. Од страна на претставниците на ЕУ беше констатирано дека Унијата го согледува процесот кој претстои како инвестиција во идна членка на ЕУ. Како цели на процесот беа наведени: разбирање на проблемот/заканите, создавање на способности за рана детекција и за начини за превенција од хибридни закани и создавање отпорност и способност за справување со последиците од хибридни закани. Како клучно за справување со хибридни закани беше истакнато дека е создавање способност за рана детекција и процес на одлучување за превенција на хибридните закани, заради што ЕУ формирала Fusion Cell Hybrid Threats, како тело за собирање разузнавачки информации за хибридни закани. Работната група за градење отпорност од хибридни закани имаше состанок и на 12 февруари, кога беа разгледани пристигнатите предлози за одговори на прашалникот што требаше да се достави до ЕУ и беше утврдена понатамошната динамика за работење на одговорите. На барање од Министерството за одбрана, вработен во Стручната служба на Агенцијата е номиниран за учесник на Јадранскиот регионален семинар за справување со хибридни закани, во организација на НАТО штабот за специјални операции „SHARE“, планиран за периодот од 5 до 7 мај 2020 година во Шибеник, Р. Хрватска.

На покана на Државната изборна комисија, претставник од Агенцијата, учествуваше на стручната тркалезна маса на тема „Примена на нови технологии во изборните процеси“, која се одржа на 17 јануари 2019 година во хотел „Холидеј Ин“. На настанот беа презентирани експертски мислења за практиките, предизвиците и препораките за примена на нови технологии во изборните процеси. Исто така, во периодот од 27 до 29 ноември, на покана на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), претставник на регулаторното тело учествуваше на работилницата за изборни системи со помош на методологијата и приодот „Градење на ресурсите за управување на демократијата и изборите“ (BRIDGE) во Скопје. Со цел да се има увид во поширокиот контекст на изборите, претставнички на Агенцијата учествуваа и на „Конференција за изборни реформи: Перспективите на македонските избори“, организирана од ЦИВИЛ. На покана од Министерството за правда, Агенцијата учествуваше на неколку состаноци во врска со планирани измени на Изборниот законик.

Регулаторното тело беше активно вклучено во работната група за изработка на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот, и тоа како во работата на состаноците на кластерот медиуми, на кој беа презентирани анализа на состојбата и се дискутираше за предлог-приоритетите и стратешките цели на Националната стратегија во делот за медиумите, така и преку давање мислење за Нацрт-верзијата на оваа стратегија.

Агенцијата подготви и свој придонес кон Извештајот по петтиот круг на набљудување на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, кој беше доставен до Министерството за надворешни работи.

На 23 јануари, претставник на АВМУ учествуваше на дебатата „Кон уредничка слобода: саморегулација на програмските аспекти во јавниот сервис". Таа беше прва реализирана во поширок состав на медиумските чинители во функција на уредничка слобода преку саморегулација. Се дебатираше за програмскиот правилник на јавниот радиодифузер МРТ, по идеите и констатациите изнесени од страна на работната група во која учествуваат претставници на Програмскиот совет на МРТ, уредници на МРТ, правен експерт, претставници на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје и Здружението на новинари на Македонија.

Во ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на завршниот настан од проектот „Мисли, изрази се, информирај се!", организиран од Македонскиот институт за европски студии и од Агенцијата за млади и спорт, на теми младинско информирање и медиумска писменост. Тој се обрати до студентите – оратори, заедно со проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ од Правен факултет, Насер Селмани, поранешен претседател на ЗНМ, Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ и доц. д-р Христина Рунчева Тасев, раководителка на проектот.

Претставници на Агенцијата активно партиципираа во изработката на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020-2024, процес којшто го координираше Државната комисија за спречување на корупцијата. Учеството на Агенцијата беше во делот од овој стратешки документ којшто се однесува на медиумите и граѓанското општество. Покрај присуството на работните средби, Агенцијата во неколку наврати до Државната комисија за спречување на корупцијата достави и забелешки на предложениот текст во писмена форма. Агенцијата ја искажа својата целосна поддршка за дел од стратешките цели утврдени во овој документ, како што е на пример потребата да се изготви „Стратегија на Владата на РСМ во која ќе бидат дефинирани јасни цели кои Владата сака да ги постигне во медиумскиот сектор", како и потребата од „подигнување на свеста и зајакнување на интегритетот на сопствениците и уредниците на медиумите", но упати забелешки во врска со одредени решенија предвидени за остварување на стратешката цел „законски измени и обезбедување целосна транспарентност на финансиското работење" во смисла на појаснување и допрецизирање на мерките предвидени за постигнување на оваа цел, а даде и свое мислење во однос на стратешката цел „евидентирање на сите онлајн медиуми во РСМ".

**Учество на советувања, семинари и обуки во насока на подигнување на капацитетот на вработените**

Вработените во Агенцијата учествуваа на различни средби, семинари и обуки и тоа:

- Советување на тема: „Кумулација на тужбени барања: истакнување на повеќе тужбени барања во една тужба, спојување на повеќе тужби во една парница, тужба и противтужба и посебен осврт на посебни закони за истакнување на повеќе тужбени барања во една тужба низ судска и адвокатска пракса", одржано на 15-ти февруари 2019 година;
- Работилница за Експертската работна група при Меѓуресорското тело за човекови права, посветена на подобрување на вештините за следење и менаџирање на препораките за имплементација на меѓународните договори, организирана од Министерството за надворешни работи, а под покровителство на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН во Скопје, одржана од 14-ти до 17-ти април 2019 година во Крушево;

- Обука за државни службеници за справување со дискриминација и говор на омраза, организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика, одржана на 17-ти април 2019 година во Скопје;
- 80-та Средба на правниците одржана во периодот од 10-ти до 11-ти мај 2019 година во Охрид и 81-ва Средба на правниците одржана во периодот од 31-ви октомври до 2-ри ноември 2019 година во Охрид, организирани од страна на Здружение на правници на РСМ;
- Обука за вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање, во рамки на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиски подржана од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој, организирана и спроведена од UN Women – тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, одржана на 2-ри јули 2019 година во Скопје;
- Обука на тема: „Насоки за ефективна и ефикасна примена на одредбите од Законот за електронско управување и електронски услуги, чија примена започна на 29.08.2019 година и неговите импликации врз секојдневното работење на институциите каде истиот се применува во корелација со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги", организирана од страна на ДИПРУ Правоматика ДООЕЛ Скопје, одржана на 23-ти септември 2019 година;
- Обука во рамки на програмата „Жени за жени во Јавниот сектор", за поттикнување на професионалниот развој и лидерство на жените во јавниот сектор, во вид на Менторска програма наменета за жени во редовен работен однос во државните институции во земјата, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика, одржана од 24-ти до 26-ти и на 30-ти септември 2019 година во Скопје;
- Работилница за менторки и менторирани жени во рамки на програмата „Жени за жени во Јавниот сектор", програма за поттикнување на професионалниот развој и лидерство на жените во јавниот сектор, во вид на Менторска програма наменета за жени во редовен работен однос во државните институции во земјата, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика, одржана од 12-ти до 14-ти ноември 2019 година во Гевгелија;
- Работилница на тема: „Ажурирање на Планот за спроведување на препораките од механизмите за човекови права", организирана од Министерството за надворешни работи, а под покровителство на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН во Скопје, одржана од 2-ри до 4-ти октомври 2019 година во Велес,;
- Работилница, како член на Експертската работна група на Меѓуресорското тело за човекови права, организирана од Министерството за надворешни работи, а под покровителство на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН во Скопје, одржана од 18-ти до 20-ти декември 2019 година во Велес.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Учество во работата на асоцијациите на регулаторни тела од аудиовизуелната област – Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела во регионот**

На 29 и 30 јануари во Брисел, Кралството Белгија, претставници на Агенцијата учествуваа на работен состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА за имплементација на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги и на Работната група 1, формирана во рамките на Подгрупата 3, посветена на промените кои се однесуваат на аудиовизуелните медиумски услуги. На 29 јануари се одржа првиот состанок на трите работни групи формирани во рамки на Подгрупата 3. На почетокот на состанокот беа претставени генералните цели и задачи на Подгрупата и на работните групи, беа разменети мислења за плановите за работа, дилеми околу задачите и очекувања и преференции во рамки на различните области што се предмет на интерес на Подгрупата 3. Вториот дел од состанокот беше посветен на поделба на конкретни работни задачи и на други организациски прашања. На 30 јануари се одржа и првиот состанок на Работната група 1, посветена на промените во Директивата кои се однесуваат на аудиовизуелните медиумски услуги. Дебатата на состанокот се фокусираше на правилата за комерцијални комуникации, независноста на регулаторните тела, интегритетот на сигналот, новите обврски за услугите видео на барање, правилата за заштита на малолетниците, одредбите поврзани со заштита од поттикнување насилство или омраза, обврските за обезбедување пристап до програмите за лица со попреченост и одредбата за обезбедување видливост на аудиовизуелните медиумски услуги од јавен интерес. На состанокот беше договорен принципот на работа за секоја од темите, беа поделени работни задачи и беше договорен планот за работа на наредните два состанока на работната група.

Претставници на Агенцијата, во периодот од 17 до 20 март во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа на два настани организирани во рамки на Европската недела за медиумска писменост, односно на работилницата на Академијата на ЕРГА за медиумска писменост, во организација на ЕРГА и Европската комисија, како и на Конференцијата на високо ниво: Информирани граѓани во дигиталното доба, чиј домаќин беше комесарката за дигитална економија и општество.

Во периодот од 29 до 31 мај во Сараево, Босна и Херцеговина, се одржа 49-от состанок на ЕПРА, на кој присуствуваа и претставници на Агенцијата. Состанокот беше поделен во две пленарни сесии – „Заштита на малолетниците во онлајн сферата“ и „Спортските права“. На средбата се одржаа и состаноци на трите работни групи - групата за европските права, за спречување на говор на омраза во медиумите и за медиумска писменост, каде свое излагање имаше и претставничка на Агенцијата.

На 3 јуни во Брисел, Кралството Белгија, се одржа состанок на Контакт мрежата на ЕРГА, во чии рамки на состанокот заседаваа и четирите подгрупи: Подгрупата 1 - за внатрешен и надворешен плурализам/работна група за дезинформации и Подгрупата 2 - за иднината на ЕРГА, разговараа за досега испорачаните резултати од нивната работа и за идните активности. На состанокот на Подгрупата 3 - за имплементација на ревидираната Директива за АВМУ и Подгрупата 4 - за Родова разноличност беше разгледан постигнатиот прогрес од нивната работа.

На 20 и 21 јуни, претставничка на Агенцијата учествуваше на 11-от пленарен состанок на ЕРГА што се одржа во Братислава, Словачка Република. На првиот ден од состанокот, Подгрупата 2 на ЕРГА, по ревизијата на Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја презентираше предлог-изјавата на ЕРГА за целите на организацијата. Во документот на кратко се потенцирани задачите и принципите на работа на ЕРГА и нејзините стратешки приоритети за периодот 2020 – 2023 година. Подгрупата 4 на ЕРГА ги презентираше првичните резултати од истражувањето на подгрупата за претставувањето на жените во медиумите. Подгрупата 1 го презентираше предлог-извештајот на ЕРГА за мониторингот на почитувањето на Кодексот на постапување со дезинформациите од страна на платформите за споделување видеа, што неколку платформи во соработка со Европската комисија го потпишаа во 2018 година. Вториот ден беше посветен на информациите од Европската комисија во однос на статусот на Насоките што ЕРГА треба да ги изработи како обврска од ревидираната Директива. Станува збор за насоките за практична примена на критериумот „суштинска функционалност“ од дефиницијата на поимот „услуга – платформа за споделување

видеа“, како и за насоките за пресметка на уделот на европските аудиовизуелни дела во каталозите на услугите видео по барање за дефинирање на поимите мала публика и мал обрт.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Агенцијата за комуникациски мрежи и услуги на Република Словенија (АКОС), на 2 и 3 септември во Скопје, одржаа билатерална средба на којашто се разговараше за надлежностите на регулаторите и нивното постапување во насока на спречување недозволена медиумска концентрација. Беа разменети искуства и за законските одредби за говорот на омраза, начинот на констатирање на овие појави, нивното санкционирање, како и за медиумската писменост и активностите што се преземаат во насока на нејзиното промовирање и за законската регулатива за задолжително пренесување на програмски сервиси (must carry). На средбата беше оценето дека соработката меѓу двете регулаторни тела е на високо ниво и дека со ваквата добра практика треба да се продолжи и во иднина.

Претставничка на Агенцијата од 3 до 5 септември 2019 година во Брисел, Кралство Белгија, учествуваше на три состаноци на работните групи на ЕРГА. На 3 септември присуствуваше на состанокот на работната група 1 посветена на студии на случај за дезинформирање од Подгрупата 1 Медиумски плурализам (ERGA SUBGROUP 1/Taskforce 1 “Media Plurality” – Special Taskforce on “Case studies – Disinformation”), кој беше посветен на мониторингот на почитувањето на Кодексот на постапување со дезинформациите од страна на платформите за споделување видеа, потпишан во 2018 година. Првиот дел од состанокот беше посветен на искуствата и научените лекции од мониторингот на почитувањето на Кодексот од страна на Гугл (Google), Фејсбук (Facebook) и Твитер (Twitter), направен во пресрет на европските избори во поглед на политичкото и тематското рекламирање. Вториот дел од состанокот беше посветен на потребата за изработка на методологија за втората фаза од мониторингот на платформите за споделување на видеа, која треба да се фокусира на други две групи обврски од Кодексот: Д. Зајакнување на публиката (Empowering Audiience) и Е. Зајакнување на истражувачката заедница (Empowering the Research Community). На состанокот беше заклучено дека методологијата ќе се изработи откако платформите ќе ги достават извештаите за преземените активности во контекст на исполнување на овие две групи обврски. На 4 септември, состанокот на работната група 1 од Подгрупата 3 за промените во материјалните правила за аудиовизуелните медиумски услуги (ERGA SUBGROUP 3/Taskforce 1 “Changes to the material rules for audiovisual media services”) беше посветен на извештајот од оваа работна група, во кој треба да бидат нотирани промените во материјалните правила за аудиовизуелните медиумски услуги во Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, заедно со предизвиците што тие ги наметнуваат за регулаторите и препораките на ЕРГА за секоја од променетите одредби. На состанокот на работната група 3 од Подгрупата 3 за конкретните механизми на регулација (ERGA SUBGROUP 3/Taskforce 3 “Concrete mechanisms of regulation”), одржан на 5 септември, беше даден пресек на статусот на сите активности на четирите работни целини во рамки на групата.

На 9 септември во Брисел, Кралство Белгија, се одржа 53-та Средба на Контакт-комитетот на ЕРГА за Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, на кој Агенцијата имаше свој претставник. Состанокот беше посветен на разгледување на два документи:

- Нацрт-насоките за практична примена на критериумот „суштинска функционалност“ (essential functionality) од дефиницијата на поимот „услуга - платформа за споделување видеа“ (video-sharing platform service), што ги изготви Европската комисија, според обврската што произлегува од ревидираната Директива, и
- Нацрт-насоките за пресметување на уделот на европски аудиовизуелни дела во каталозите на услугата видео на барање и за дефинирање на поимите ‘мала публика’ (low audience) и мал обрт (low turnover), според обврската на Европска комисија од член 13, параграф 7 од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги.

Во дискусиите, учесниците на средбата утврдија дека и двете нацрт-насоки, Европската комисија имаше задача да ги подготви како обврски што произлегуваат од ревидираната Директива, ги содржат сугестиите и решенијата предложени и разгледани на претходните состаноци на Контакт комитетот посветени на овие две теми.

Претставници на Агенцијата на 26 и на 27 септември во Брисел, Кралство Белгија, присуствуваа на состанок на подгрупата 3 на ЕРГА/работна група 2. На состанокот беа разгледани и се дискутираше за нацрт документите „Рамка за идентификација на платформите за споделување видео“, „Правно мапирање на одговорностите на националните регулатори“ и „Прашања за разгледување од страна на членовите на ЕРГА“, за транспонирањето на одредбите од Директивата АВМС за платформите за споделување видео, а се одржа и работилница насловена „Иднината на регулацијата на медиумите: одговорностите на платформите за споделување видео содржини?“.

Делегација на Агенцијата од 23 до 26 октомври 2019 година во Атина, Република Грција, учествуваше на 50-тиот состанок на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА). За време на состанокот беа одржани две пленарни сесии. На сесијата „Заштита на малолетниците во онлајн светот: кои се предизвиците на националните регулаторни тела и дирекциите за заштита на податоци?“, главниот фокус беше ставен на тоа како да се постигне безбедноста и приватноста на малолетниците, без да се загрози слободата на изразување и правото на информирање. На почетокот на сесијата „Вештачка интелигенција и машинско учење“, беше објаснето што се подразбира под поимите „вештачка интелигенција“ и „машинско учење“, а потоа дебатата се фокусираше на прашањата за лимитите во развојот на оваа технологија и за опасностите од нејзина злоупотреба.

Во рамки на состанокот заседаваа и трите работни групи, во кои учествуваа и претставници на Агенцијата. Работната група за „Медиумска писменост“ беше посветена на активностите што ги преземаат платформите за споделување видеа за поттикнување на медиумската писменост кај своите корисници и на тоа како да се подготват успешни кампањи за медиумска писменост. Втората работна група беше посветена на новините поврзани со обврската на давателите на аудиовизуелните медиумски услуги за емитување/обезбедување „Европски аудиовизуелни дела“. Фокусот беше на алатките за мониторинг на исполнувањето на обврските за европски аудиовизуелни дела од страна на радиодифузерите и услугите видео на барање, како и за аспектите на соработка во овој контекст меѓу регулаторите. Во третата работна група беа разработени „Новитетите во достапноста на ТВ и аудиовизуелните медиумски услуги по барање за лицата со сетилна попреченост“, предвидени со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, а се разговараше и за различните решенија за регулација на оваа материја во европските држави и за улогата на националните регулатори.

Од 8 до 11 декември, претставници на Агенцијата учествуваа на 12-от пленарен состанок на ЕРГА во Брисел. На 9 декември 2019 година се одржа работилницата посветена на политиките на Фејсбук за модерирање на содржините (Deep Dive on Content Moderation Policies Session), организирана од ЕРГА во соработка со оваа платформа за споделување видеа, и на стратегиската сесија организирана од Академијата на ЕРГА посветена на надворешниот медиумски плурализам (ERGA Academy Strategy Session: External Media Plurality – New Challenges for Regulation). Претставници од социјалната мрежа им презентираа на регулаторите од земјите членки на ЕУ какви мерки преземаат за да ги исполнат своите нови обврски што им произлегуваат од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги и од Кодексот на постапување со дезинформациите, што Фејсбук и други платформи го потпишаа во 2018 година. Работилницата беше организирана во неколку модули и ги опфати следниве прашања: како ги развиле нивните стандарди и правилата за тоа кои содржини се дозволени на платформата со фокус на содржините со говор на омраза; како ја користат технологијата и вештачката интелигенција за спроведување на правилата за содржината; како ги користат човечките ресурси за да и служат на заедницата; и кои се

механизмите што владите и корисниците може да ги искористат за отстранување на нелегалните содржини објавени на платформата. На крајот од работилницата беше направена симулација на процесот на ревизија на објавените содржини со конкретни примери и одлуките на Фејсбук во врска со нив. Истиот ден Академијата на ЕРГА организираше и стратегиска сесија посветена на надворешниот медиумски плурализам.

Редовниот пленарен состанок на ЕРГА, 12-ти по ред, се одржа на 10 декември 2019 година, а на него беа презентирани и усвоени извештаите и другите материјали подготвени од четирите подгрупи на ЕРГА што функционираа во текот на 2019 година (Подгрупа 1 – Медиумски плурализам/работна група посветена на дезинформациите; Подгрупа 2 – Иднината на ЕРГА; Подгрупа 3 – Имплементација на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги; и Подгрупа 4 – Родова разновидност), а беше усвоена и Програмата за работа за следната година.

**Соработка со ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОДИХР и со други меѓународни тела чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

Делегација на ОБСЕ/ОДИХР, предводена од Корин Јонкер, шеф на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за набљудување на претседателските избори 2019 година, на 21 март беше во работна посета на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Претставниците на Агенцијата информираа за текот, опфатот и наодите од мониторингот на известувањето на радиодифузерите, во периодот од 9 февруари до 6 март 2019 година. Воедно, на средбата се разговараше за последните измени на Изборниот законик, со акцент на имплементацијата на одредбите поврзани со платеното политичко рекламирање.

На 14 мај, претставници на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР беа во работна посета на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На состанокот се разговараше за активностите на Агенцијата за време на претседателските избори, односно мониторингот на медиумското известување.

Делегација на ОБСЕ/ОДИХР, повторно предводена од г-ѓа Кориен Јонкер, на 16 септември оствари работна средба со претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по повод наодите од Конечниот извештај на Набљудувачката мисија за претседателските избори одржани на 21 април и 5 мај 2019 година. На средбата се разговараше за законските измени во поглед на начинот на финансирање на Агенцијата и Македонската радиотелевизија и нивното влијание врз независноста, функционирањето и планирањето на активностите на регулаторот и јавниот радиодифузен сервис; за последните измени на Изборниот законик, со акцент на издвојувањето средства од Буџетот за финансирање на платеното политичко рекламирање за време на избори и за потребата од измени на Изборниот законик, пред се имајќи ја предвид неусогласеноста меѓу одделни законски одредби.

**Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот на човекови права на Обединетите нации**

Активностите на Агенцијата во рамките на Меѓуресорското тело за човекови права (МТЧП), координирано од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија, беа реализирани во рамките на трите работилници кои беа одржани во април, октомври и декември 2019 година, со учество на членот на Експертската работна група (ЕРГ) во Меѓуресорското тело за човекови права. Работилниците беа одржани со цел да се даде придонес при подготовката на Среднорочниот извештај на Република Северна Македонија за напредокот во спроведувањето на препораките добиени во рамки на третиот циклус на УПП на Советот за човекови права на ОН. Среднорочниот извештај се поднесува на доброволна основа од страна на

државите членки на ОН на средина меѓу два универзални периодични прегледи, а таква пракса прифати и Република Северна Македонија.

Работилниците беа посветени на подобрување на вештините за следење и менаџирање со информациите и препораките добиени во однос на имплементацијата на меѓународните договори и препораките од механизмите за човекови права, како и Агендата 2030, односно Целите за одржлив развој. Во рамки на работилниците беа споделени искуства за капацитетот за управување со информации преку пристапот заснован на човекови права, индикаторите за човекови права, беше разгледана можноста за развивање национална датабаза за следење на добиените препораки и мониторирање на нивна имплементација, а преку практична работа беше направен пресек на досегашните постигнувања и констатираните предизвици во тој контекст, согласно капацитетите на Меѓуресорското тело за човекови права и неговата Експертска работна група. На работилницата одржана во октомври 2019 година беа донесени одредени заклучоци, односно покрај потребата од континуирано и координирано функционирање на ЕРГ, констатирана беше и потреба од: поголема визибилност на самото МТЧП, вклучување на повеќе невладини организации и граѓанскиот сектор во работата на ЕРГ, јакнење на институционални капацитети на одделни министерства (Министерството за правда) во доменот на човековите права, како и вклучување во работата на МТЧП на други институции кои се особено значајни за процес на имплементација на добиени препораки по дел од одговорните тела (Комисијата за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Академијата за обука на судии и обвинители).

Имајќи ги предвид донесените заклучоци, на работилницата одржана во декември 2019 година, учествуваа претставници од граѓанскиот сектор, при што беше дискутирано за модалитетите за јакнење на транспарентноста на работата на МТЧП/ЕРГ и процесот на консултации, како и за можноста за учество на граѓанскиот сектор во процесот на подготовка и следење на процесот на имплементација на препораките по договорните тела за човекови права, што од страна на граѓанскиот сектор беше оценета како особено значајна и основана. Во делот на поголемата визибилност на МТЧП/ЕРГ повторно беше потенцирана потребата што поскоро сајтот на МТЧП да се стави во употреба, преку достапност на сите релевантни информации во однос на неговата работа.

Третиот Универзален периодичен преглед земјава го достави во ноември 2018 година, а неговата презентација се одржа на 25 јануари 2019 година, за време на 32-та сесија на Работната група за УПП. Исходот беа 169 препораки, од кои од страна на Владата на Република Северна Македонија беа прифатени 167 препораки. Следниот четврт циклус на УПП е за пет години, односно земјава би требало да го достави својот следен извештај во 2024 година.

**Други меѓународни активности**

На 25 јануари аташето за култура од амбасадата на Франција во Република Северна Македонија беше во работна посета на Агенцијата. Теми на состанокот беа македонската медиумска сцена и можностите за соработка во областа на културата.

На 19 и на 20 март во Советот на Европа во Стразбур, Република Франција, се одржа Конференцијата „Медиумски плурализам – како да испорачаме“, на која учествуваше и претставник на Агенцијата. Конференцијата, која беше организирана во соработка со „Репортери без граници“, беше можност за регулаторите на медиуми, академиците, меѓународните организации и претставниците на владите да разменат мислења, искуства и да изнајдат иновативен начин за соработка во областа на медиумската регулација и образованието. Дискусијата на конференцијата се фокусираше на најдобрите практики и

пристапи во легислативата во однос на медиумската и информациската писменост, како и на медиумскиот плурализам и контролата на медиумската концентрација.

Делегација на Агенцијата на 4 и 5 април 2019 година, во Сараево, Босна и Херцеговина, присуствуваше на завршната конференција на проектот„Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)". На посебна сесија што се одржа првиот ден од завршната конференција, претставниците на регулаторните тела на шесте земји кориснички на оваа програма ги презентираа своите искуства со JUFREX програмата. Претставничката на Агенцијата зборуваше за сите активности, обуки и работилници што беа реализирани и на кои присуствуваа вработените во регулаторот, како и за посебните документи (студијата Медиумска регулаторна рамка и онлајн медиумите – македонскиот случај и документот Политика за медиумска писменост) кои беа изработени со поддршка на Советот на Европа, а во рамки на JUFREX.

На 28 мај во Сараево, Босна и Херцеговина, се одржа регионалната конференција „Финансирање на јавните радиодифузни сервиси (JPC) во Западен Балкан", на која претставник на Агенцијата беше еден од панелистите. Во своето излагање на панелот посветен на обезбедувањето стабилно и независно финансирање на јавниот сервис, претставникот се осврна на постојните законски решенија за финансирање на МРТ, проблемите со коишто нашиот јавен сервис се соочува во изминатите години и посочи на нужноста од итно изнаоѓање на сигурен, стабилен, одржлив модел на финансирање којшто истовремено ќе обезбеди независност на јавниот сервис. Тој укажа дека законските измени што беа направени во изминатите години не произлегоа од некаква сериозна економска анализа со која би се проценило колку средства реално и се потребни на МРТ за да ги исполнува функциите на вистински јавен сервис, иако овој проблем Агенцијата го нотираше уште во 2012 година во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2013 – 2017 година.

На 30 мај, во просториите на Агенцијата се одржа работен состанок со ко-известителите на Мониторинг комисијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, норвешката пратеничка Лисе Кристоферсен од Групата на Социјалисти, Демократи и Зелени, молдавската пратеничка Валериу Гилечи од Групата на Европската народна партија и секретарот на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ Силви Афхолдер. На средбата се разговараше за случувањата во земјата по последната посета на ко-известителите во јуни 2018 година, односно за состојбата во медиумската сфера, слободата и независноста на медиумите. Посебен акцент беше ставен на медиумските реформи, измените на ЗААВМУ и како тие се одразуваат врз самостојноста и независноста на регулаторот, јавниот радиодифузен сервис и медиумите воопшто.

Во периодот од 19 до 20 мај 2019 година, претставник на Агенцијата престојуваше во Љубљана, Република Словенија, заради студиска посета на Радио Телевизија Словенија и средба на Раководниот комитет на Проектот за поддршка на јавните медиумски сервиси во Западен Балкан, во комплетна организација и финансирање на регионалниот проект на ЕУ. На студиската посета и средбата на Раководниот комитет учествуваа претставници на раководствата од сите корисници на овој проект – шесте јавни сервиси од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија, како и претставници на регулаторните тела, владите, парламентите и невладини организации од овие земји. Целта на студиската посета на Радио Телевизија Словенија беше да се истражи најдобрата пракса на јавниот сервис од аспект на управување, регулатива и законодавство. Беше претставен начинот како јавната радиодифузна регулаторна рамка може да гарантира уредувачка независност, а со тоа и да ја гради довербата на јавноста. На средбата со Раководниот комитет на Проектот за поддршка на јавните медиумски сервиси во Западен Балкан беа презентирани предизвиците и достигнувањата на проектните активности кои беа спроведени во периодот од јули 2018 до јули 2019 година, како и планирани активности во периодот јули 2019 - јули 2020

година. На крајот на средбата колективно се разгледуваа и дискутираа идеи за содржината на можната идна фаза од проектот.

Претставник на Агенцијата, во периодот од 23 до 29 јуни 2019 година, беше дел од Информативната тура низ Сојузна Република Германија, насловена како „Четврта Сила“ – Улога и одговорности на медиумите, организирана од Германската амбасада во Скопје, во соработка со Гете Институтот, во рамките на посебната програма за гости на Сојузната влада на Германија. За време на еднонеделната посета, наменета за претставници од медиумите, владините служби за печат и медиумските агенции, беа организирани посети на приватни и јавни медиумски претпријатија, средби со претставници од Сојузната служба за печат, Сојузната конференција за печат (здружение на професионални новинари кои известуваат исклучиво за германски медиуми, претежно од Берлин или Бон) и разговори со политички актери во Министерството за надворешни работи на Германија, во Бундестагот, но и во граѓанскиот сектор, Германското здружение на новинари. За време на средбите се разговараше за независноста на медиумите, слободата на печатот, медиумските стандарди, улогата на новинарството, социјалните медиуми, јавното информирање, лажните вести и други прашања од интерес за медиумската сфера. Во рамки на посетата, која почна во германскиот град Хамбург, се одржа и предавање на тема „Медиумското опкружување во Германија: системот и актуелните предизвици,“ од страна на вишиот истражувач Херман Дитер Шродер од Институтот за истражување на медиуми, при Хамбуршкиот Универзитет.

На 2 и на 3 јули, во Сараево, Босна и Херцеговина, претставничка на Агенцијата присуствуваше на Работилница наменета за јавните радиодифузни сервиси и регулаторните тела, за обезбедување релевантни податоци од мерењето на публиката, организирана во рамки на проектот „Поддршка на јавните радиодифузни сервиси во земјите од Западен Балкан (ЈРСЗБ)“. Проектот, чијашто цел е да придонесе за нивно реформирање и професионален развој, е во организација на Конзорциум кој го сочинуваат Европската радиодифузна унија (EBU), Меѓународната федерација на новинари (IFJ), Европската федерација на новинари (EFJ), Јавниот радиодифузен сервис на Австрија (ORF), Балканската истражувачка репортерска мрежа (BIRN) и Мрежата за размена на вести во Југоисточна Европа (ERNO).

Претставничка на Агенцијата, на 9 јули 2019 година во Брисел, Кралство Белгија, учествуваше на работилница посветена на ИКТ Дијалогот помеѓу Европска Унија и Западен Балкан (EU – Western Balkan ICT Dialogue), организирана во рамки на инструментот TAIEX од Генералниот директорат на Европската комисија за соседство и приговори за проширување (European Commission DG for Neighborhood and Enlargement Negotiations) во соработка со Генералниот директорат за комуникациски мрежи, содржина и технологија (European Commission DG for Network, Content and Technology). Целта беше запознавање со напредокот во спроведувањето на Дигиталната агенда што Европската комисија ја почна во 2018 година и информирање на учесниците за најновите случувања во релевантното законодавство на Европската Унија.

На 4 и на 13 септември се одржаа работни состаноци со претставнички од канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, за дефинирање на активностите кои во следните три години ќе се реализираат во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2. Во овој контекст, планирани се следните активности: работилница за Агенцијата и за радиодифузерите за креирање саморегулаторен документ за обезбедување пристап до медиумите за лица со сетилна попреченост; работилница за новата европска Директива за аудиовизуелни медиумски услуги; обука за вработените во Агенцијата и Советот за етика во медиумите за саморегулација и мониторинг за примена на новинарските стандардите при информирање на родово базирано насилство, како и студиска посета и изработка на студија за Плурализмот на медиумската сопственост во новата медиумска средина.

Трочлена делегација на Агенцијата, во периодот од 8 до 10 септември 2019 година, присуствуваше на регионална конференција на тема „Аудиовизуелни медиумски услуги и улогата на регулаторните органи за

медиуми", организирана од Советот на Европа во рамки на проектот JUFREX, која се одржа во Игало, Црна Гора. На конференцијата се говореше за обврските кои произлегуваат од ревидираната Директива за АВМУ, за капацитетот на регулаторите за справување со новите услуги (платформи за споделување видеа), заштитата на малолетниците во поглед на примена на мерки за заштита на платформи за споделување видеа, како и за потенцијалната соработка меѓу регулаторите во оваа област. Претставничка на Агенцијата ја презентираше студијата „Регулаторна рамка за медиуми и онлајн медиуми – македонски случај", којашто на барање на Агенцијата ја изработи Советот на Европа.

Претставник на Агенцијата на 12 и 13 септември во Подгорица, Црна Гора, присуствуваше на 3-то издание на Денови на медиумите на ЕУ-Западен Балкан, организирано од Европската комисија. Во рамки на настанот се одржа и конференцијата „Политиката и медиумите", на која стана збор за новите бизнис модели, програмите за поддршка на медиумите, регионалната соработка, како и за предизвиците со справувањето со дезинформациите. Конференцијата ја отвори еврокомесарот за проширување и добрососедска политика Јоханес Хан, кој се осврна на загриженоста на Европската Унија поради мешањето на политиката во работата на јавните сервиси, нетранспарентното користење на јавните фондови за медиуми и заплашувањето на новинари, кое сè уште продолжува. Главниот панел на конференцијата беше посветен на „Обезбедување слобода на медиумите и одржливост на независните медиуми во Западен Балкан, по што се одржаа три паралелни работилници: „Поттикнување на нова генерација новинари и нови бизнис модели", „Помирување и регионална соработка: надминување на националистичкиот наратив" и „Независно информирање: Како да се справи со манипулациите во информативниот простор".

## ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

### Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2019 и во работните групи формирани за оваа цел

Во рамки на процесот за европска интеграција, во март Агенцијата подготви придонес кон Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија-ревизија 2019-2021 година за Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми и го достави до Министерството за информатичко општество и администрација и за Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права и материјалот го достави до Министерството за правда.

За споменатите две поглавја беше изготвен и материјал во насока на ажуриран придонес кон годишниот извештај на Европска Унија за Северна Македонија, согласно забелешките на Европската комисија дадени во Годишниот извештај за напредок на земјата, Итните реформски приоритети, Извештаите на Прибе, Планот 18, како и укажувањата и препораките од состаноците на Поткомитетот за правда и внатрешни работи и напредокот во однос на исполнување на преземените обврски од овој поткомитет одржан во октомври 2018 година во Брисел.

### Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област

Претставници на Агенцијата на 7 февруари во Брисел, Кралството Белгија, како дел од работната група за Поглавје 07 – Право на интелектуална сопственост, учествуваа на објаснувачкиот состанок за ова поглавје. На состанокот, кој беше организиран во 13 сесии, претставници на службите на Европската комисија ја презентираа целокупната регулатива од поглавјето, која се однесува на усогласување на правилата за користење дела кои се заштитени со авторски права и сродни права во рамки на внатрешниот пазар. За

време на сесијата „Емитување преку сателит и реемитување преку кабелски оператори“ учествуваа и претставниците на Агенцијата со прашања кои произлегоа од новиот Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој предвидува дополнителни обврски за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и за радиодифузерите. На прашањето дали обврските за регулирање на правата за реемитување на програмските сервиси се однесуваат на радиодифузерите и/или на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, претставникот на Европската комисија посочи дека таквата обврска се однесува на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

На 27 и 28 февруари во Брисел, Кралството Белгија, се одржаа работни состаноци посветени на подготовка на Насоките што Европската комисија треба да ги изработи како обврска од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. На 27 февруари Европската комисија организираше два состаноци со заинтересирани страни, од кој едниот беше посветен на подготовка на Насоките за практична примена на критериумот „суштинска функционалност“ од дефиницијата на поимот „услуга – платформа за споделување видеа“, додека другиот состанок беше во контекст на подготовка на Насоки за пресметка на уделот на европски дела во каталозите на услугите видео на барање, како и за дефинирање на поимите мала публика и мал обрт. На 28 февруари се одржа 50-от состанок на Контакт-комитетот на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, на кој се разговараше за истите прашања, но од регулаторна перспектива. Целта на состанокот беше консултација на Европската комисија со земјите членки на ЕУ, во врска со подготовката на Насоките кои произлегуваат од ревидираната Директива, а се однесуваат на платформите за споделување видео и на новите обврски за услугите по барање во поглед на промоција на европски аудиовизуелни дела.

Во периодот од 4 до 6 ноември, претставници на Агенцијата, како дел од работната група за Поглавје 08 – Политика на конкуренција учествуваа на објаснувачкиот состанок кој се одржа во Брисел, Кралството Белгија. Во текот на тридневниот состанок детално беше презентирана регулативата на ЕУ која се однесува на државна помош, антитраст и концентрации. Првиот ден беше посветен на регулативата со која се уредуваат основните правила на државната помош. Првата сесија, насловена „State aid rules and TFEU“ се однесуваше на одредбите од Договорот за функционирање на Европската Унија (TFEU) кои се суштински за политиката на конкуренција. Втората и третата сесија - „State aid – rules of substance – The notion of aid – Article 107 (1) TFEU” беа посветени на членот 107 од Договорот за функционирање на Европската Унија, кој ги уредува суштинските правила кај државната помош, односно поимите претпријатие/деловен потфат и економска активност, државни ресурси, економска предност, селективност, влијание на трговијата, нарушување на конкуренцијата и помош од мало значење (de minimis). Последните две сесии „State aid – rules of substance – Compatibility” беа посветени на прашањата во врска со компатибилноста, и тоа правната основа и принципите на државната помош, сервисите од општ економски интерес и општата регулатива за групно изземање.

Посебен дел - “Audio-visual, broadcasting and broadbend”, во рамките на третата сесија, беше посветен на државна помош во аудиовизуелната продукција и во радиодифузијата. Беше даден осврт на документот на Европската комисија „Информација од Комисијата за примената на правилата за државна помош на јавните радиодифузни сервиси“/Communication from the Commision on the application of State aid rules to public service broadcasting (2009/C 25/01), особено во делот во којшто се уредуваат општите принципи и начела - слободата на земјите членки да организираат јавен радиодифузен сервис и негово финансирање, како и критериумите за компатибилност на финансирање од страна на државата. Исто така, беше обрнато внимание и на критериумите за кои треба особено да се води сметка – потребата од јасна дефиниција на задачите на јавниот радиодифузен сервис, потребата од мониторинг на исполнувањето на обврските на јавниот сервис, како и за пропорционалноста на државната помош, односно нужноста да се внимава државната помош да не ги покрива т.н. комерцијални активности на јавниот радиодифузен сервис за да не

се создадат нарушувања на пазарот преку рушење на цените на рекламниот пазар. Беше посочено и дека земјите-членки треба да разгледаат, со претходна постапка за проценка, заснована врз отворена јавна консултација, дали новите аудиовизуелни услуги предвидени за јавните радиодифузери ги исполнуваат барањата на Амстердамскиот Протокол, односно дали тие им служат на демократските, социјалните и културните потреби на општеството, при што треба да се имаат предвид нивните потенцијални ефекти врз условите на тргување и конкуренцијата. Во делот кој беше предвиден за прашања и одговори, претставничката на Агенцијата праша каква е праксата во врска со ова прашање, поточно дали некоја од земјите членки има спроведено таква постапка за проценка или има започнато јавна консултација и какви се досегашните сознанија од таквите активности. Беше одговорено дека во моментот не располагаат со такви информации и дека одговорот дополнително ќе биде доставен по електронска пошта. Во врска со доделување државна помош за аудиовизуелната продукција, беше даден осврт на документот на Европската Комисија „Информација на Комисијата за државна помош за филмови и други аудиовизуелни дела"/Communication from the Commision on State aid for films and other audiovisual works (2013/C 332/1), и тоа во делот во којшто се уредуваат општите критериуми како и предвидените ограничувања (државната помош да покрива најмногу 50% од буџетот за продукција, може и 100% од трошоците за претпродукција, да не се доделува државна помош за одредени специфични продукциски активности – на пример постпродукција и друго), а беше укажано и за потребата од транспарентност, односно јавно да се објавуваат податоците за доделените средства. Сесиите од третиот ден се однесуваа на регулативата што ги уредува прашањата во врска со правилата за антитраст и концентрации.

На 21 ноември, претставници на Агенцијата, како дел од работната група за Поглавје 10 – Информатичко општество и медиуми учествуваа на објаснувачкиот состанок што се одржа во Брисел, Кралството Белгија. На состанокот беше презентирана легислативата на ЕУ која се однесува на Стратегијата за безбедност на интернет, вклучувајќи ги мрежните и информатичките системи, работата на Агенцијата на ЕУ за сајбер-безбедност ENISA и CERT; ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, која сега ги опфаќа и платформите за споделување видеа; европските медиумски стандарди кои се однесуваат на јавната радиодифузија; Директивите за авторски и сродни права за единствен дигитален пазар; Директивата за приватност и електронски комуникации; Услугите на информатичкото општество; Заштита на малолетниците на Интернет и другите комуникациски технологии и Директивата за пристапноста на веб страниците и мобилните апликации на јавните институции за лицата со сетилна попреченост.

**Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика**

Агенцијата во февруари 2019 година изготви материјал во насока на подготовката на 15-от Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, и истиот го достави до Секретаријатот за европски прашања и Министерството за информатичко општество и администрација. Во него се наведени ставовите на Агенцијата за законските измени и за финансирањето на регулаторното тело и активностите поврзани со мониторингот на медиумското известување за референдумот од 2018 година, локалните избори во три општини и претседателските во 2019 година. Агенцијата исто така информираше и за нејзините активности на полето на медиумската писменост, говорот на омраза, следењето на сопственоста на радиодифузерите и недозволената медиумска концентрација, за направените анализи, истражувања, публикации, како и за донесената Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејноста за периодот 2019 – 2023 година.

Претставници на Агенцијата на 11 април присуствуваа на 15-от Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација. Тема на состанокот во делот за Информатичко општество и медиуми беа напредокот на препораките од Извештајот за напредокот 2018, електронските комуникации и

услуги, развојот на информатичкото општество и информативните услуги и аудиовизуелната политика. На прашање од Европската комисија, министерот за информатичко општество и администрација информираше дека постапката на именување членови на Агенцијата ќе продолжи по претседателските избори. Во препораките од Поткомитетот се повикуваат националните власти да го подобрат искористувањето на ИПА средствата преку размена на добри практики во рамки на јавната администрација и при изработка на стратегии и легислатива да прават консултации со заинтересираните страни, како и да се распределуваат средства соодветни на целите на стратегиите, да се подобри собирањето статистички податоци и да се обезбеди мониторинг механизам за нивна имплементација. Во однос на аудиовизуелната политика, заклучокот е идните измени на легислативата од оваа област да бидат во линија со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

**Поткомитет за правда и внатрешни работи**

На 9 октомври Агенцијата достави одговор на прашалникот за 14-тиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Европската Унија и земјава, којшто се одржа на 26 ноември во Скопје. Агенцијата реферираше за реакциите поврзани со вербалните и физичките напади врз новинари, притисоците со закани за тужби, покренати обвиненија за дискредитирање и етикетирање, како и за пониският процент на исплатени средства на сметка на Агенцијата од законски предвидените. Овие прашања беа покренати и на Поткомитетот, каде директорот на Агенцијата соопшти дека не само што со ребалансот на буџетот на Република Северна Македонија не беше решен проблемот, туку дека и со новиот Буџет за 2020 година се предвидени помалку средства од законски предвидените.

**Придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија**

На 22 ноември, на барање на Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата достави материјали од својот делокруг на работење за придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија.

Во прашалникот за Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми, Агенцијата реферираше за организациските, техничките, финансиските и човечки ресурси на регулаторот, надзорите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, мониторингот на изборното медиумско претставување за време на Претседателските избори и Локалните избори за градоначалници во Дебар, Ново Село и Охрид, како и активностите на полето на медиумската писменост. Регулаторот извести и за постапката за утврдување дали националната телевизија 1 ТВ има таен содружник, активностите коишто ги презеде за утврдување на фактичката состојба, како и за одземањето на дозволата на овој радиодифузер.

Во прашалникот за Слобода на изразување, Агенцијата извести за реакциите за напади и притисоци врз новинари, за техничките и човековите ресурси со кои располага и дека има потреба од дополнителен кадар поради зголемениот обем на работа, проактивниот пристап во повеќе области и преземените нови обврски и активности. Исто така, посети и дека и се префрлаат помалку финансиски средства од законски утврдените. Во делот за медиумскиот плурализам и транспарентноста во однос на сопственоста на медиумите, се осврна на своите законски обврски за нејзиното следење, за изготвениот Извештај за медиумската сопственост, како и на изработената посебна електронска база на податоци за сопственоста на радиодифузерите, објавена на нејзината веб страница. Во однос на тоа дали функционирањето на пазарот на медиумите се одвива на фер и независен начин, Агенцијата истакна дека последните измени на Изборниот законик според кои платеното политичко рекламирање на учесниците во изборните процеси се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а политичките партии ги изготвуваат медиа плановите за платено политичко рекламирање, можат да ја нарушат независноста на медиумите и оти

претставуваат мешање во уредувачката слобода на медиумите. Во однос на застапеноста на владиното рекламирање на пазарот, регулаторот истакна дека со измените на ЗААВМУ бил направен обид да се ограничи владиното рекламирање, но дека целта не е постигната затоа што законската одредба предвидува забрана за рекламирање за државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции како и на правните лица со јавни овластувања и на трговските друштва во целосна државна сопственост, но не и за радиодифузерите.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

### Организирање јавни состаноци на Агенцијата

Согласно својата законска обврска за транспарентност, Агенцијата во 2019 година одржа четири јавни состаноци, со кои им овозможи на сите заинтересирани страни подетално да се информираат за работата и активностите на Агенцијата, согласно Годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година и да ги изнесат своите ставови и мислења во врска со развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во Република Северна Македонија, како и со состојбите на пазарот.

Агенцијата на 29 март го одржа првиот јавен состанок за 2019 година, на кој беа презентирани реализираните активности во првото тримесечје. Во пресрет на кампањата за претседателските избори 2019 година и за локалните избори во општините Дебар, Ново Село и Охрид, Агенцијата на состанокот потсети на правилата кои се однесуваат на изборното медиумско претставување на радиодифузерите, а посебен акцент беше ставен на имплементацијата на одредбите за платено политичко рекламирање.

На 17 јуни Агенцијата го одржа вториот јавен состанок, на кој беа презентирани реализираните активности во вториот квартал, а беа промовирани и двете публикации „Политика за медиумска писменост“ и „Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица“, подготвени во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа - Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (Јуфрекс).

Третиот јавен состанок Агенцијата го одржа на 24 септември, на кој покрај реализираните активности за третиот квартал, беа презентирани наодите од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година и новите инфографици за медиумска писменост - Зад насловите и Зад „лажните вести“.

На 25 декември Агенцијата го одржа последниот јавен состанок за 2019 година, на кој покрај реализираните активности за четвртиот квартал ги презентираше и резултатите од застапеноста на родовата структура во сопственоста кај телевизиите и радијата кои емитувале програма на национално, регионално и локално ниво во 2019 година. На настанот, Коалицијата Маргини го презентираше Водичот за новинари: „Етичко известување за трансродовите лица и прашањата кои ги засегаат“, додека претставничка од Хелсиншкиот комитет за човекови права ги пренесе резултатите од начинот на известување на медиумите за време на манифестацијата „Скопје Прајд“.

### Пренос во живо на седниците на Советот на Агенцијата и на други настани

На својот YouTube канал, Агенцијата во 2019 година во живо ги пренесуваше сите редовни и јавни седници на Советот и четирите јавни состаноци за 2019 година на Агенцијата, како и Конференцијата „Денови на медиумска писменост 2019“, која во рамки на истоимената манифестација се одржа на 14 и 15 ноември.

**Комуникација со јавноста**

Во насока на што поголема транспарентност, покрај јавните состаноци чие одржување е законска обврска, Агенцијата за своето работење редовно ја информираше јавноста и преку други средства за комуникација. Во оваа насока, редовно беа доставувани соопштенија за јавност до сите радиодифузери, печатени медиуми и интернет портали.

Беа објавени и реакциите на Агенцијата за нападите врз новинари и медиумски работници - нападот врз новинар и фоторепортери за време на одбележувањето на верскиот празник Водици во Скопје, нападот врз новинарот и снимателот на ТВ 21 во селото Арачиново пред и во зградата на општината, како и за однесувањето на синот на сопственикот на 1 ТВ, Бојан Јовановски, кој во февруари вербално се закани на новинарката Мери Јордановска, поради нејзините јавни критики за емисијата „Македонски инсајдер", емитувана на оваа телевизија.

Во контекст на настаните во медиумот „Слободен печат" и оставката на главниот и одговорен уредник Бранко Геровски, Агенцијата во мај потенцираше дека независноста и самостојноста на уредниците и новинарите мора да биде гарантирана. По заканите упатени кон новинарот Бранко Героски, во јуни уште еднаш преку соопштение беше нагласено дека каков било обид за спречување на слободата на изразување е неприфатлив.

По предочените информации во јавноста за истовремен ангажман на две лица и како активно вработени новинари во телевизии и како советници на премиерот Зоран Заев, Агенцијата на 5 јуни преку соопштение посочи дека улогата на медиумите е да бидат критичари и коректори на власта, и во тој контекст, неопходно е при ангажманот на кадарот, да водат сметка дека треба да обезбедат самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

Во врска со изјавата на генералниот секретар на Владата дадена на прес-конференција, дека ќе покрене тужби против новинари и медиуми, Агенцијата на 2 јули преку соопштение истакна дека ваквите постапки преставуваат директен притисок врз работата на медиумите. Агенцијата потсети дека постојано апелира првенствено да се користи правото на исправка или одговор наместо директно да се прибегнува кон тужби против новинари и медиуми, особено кога станува збор за носители на јавни функции.

Во јули беше осудено и повикувањето на разговор на новинарите Горан Момироски и Љупчо Златев во просториите на СВР Скопје, поради нивните написи за наводна злоупотреба на службената положба на Генералниот секретар на Владата на РСМ и барањето да ги откријат своите извори на информации. Во соопштението меѓу другото беше посочено дека домашната и меѓународната легислатива го гарантираат правото на новинарите да ги штитат своите извори.

На 13 август Агенцијата најостро ја осуди изјавата на премиерот Зоран Заев во врска со случајот „Рекет", каде беше посочено дека премиерот, како носител на јавна функција, наместо да ја прифати и да ја почитува улогата на новинарите како критичари на работата на власта, се обидува да дискредитира новинар не почитувајќи ја ниту пресумпцијата на невиност. Агенцијата потсети дека обврска на политичарите е да ги почитуваат европските стандарди за слобода на информирање, да ги почитуваат различностите и да се воздржат од употреба на јазик којшто може да ги поткопа овие вредности.

Агенцијата во август, преку соопштение ги повика политичарите да се воздржат од тужби кон медиумите и да не ја загрозуваат слободата на изразување. Во соопштението беше посочено дека најавите за тужби

претставуваат директен притисок врз работата на медиумите, особено кога известуваат за теми од висок степен на јавен интерес.

По повод одлуката на Основното јавно обвинителство да покрене обвинителен акт за оддавање службена тајна против Александар Митовски од порталот „Infomax.mk", Агенцијата во септември посочи дека објавувањето документи со информации од висок јавен интерес е една од суштинските задачи на слободните и независни медиуми затоа што ваквиот јавен надзор гарантира одговорност и транспарентност на политичките и јавните органи.

Во однос на законските измени, Агенцијата во два наврати реагираше на нивното донесување по скратена постапка, без притоа да бидат земени предвид препораките и забелешките на стручната јавност и на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во февруари реагираше на измените на ЗААВМУ и на Изборниот законик, наведувајќи дека со измените повторно не се решаваат клучните проблеми и дека тие не ја унапредуваат регулацијата на медиумите и нивната слобода. Агенцијата во март реагираше на измените на Изборниот законик, направени на само пет дена пред почетокот на изборната кампања, истакнувајќи дека со нив е внесена дополнителна конфузија и контрадикторност на законските одредби, особено во поглед на платеното политичко рекламирање.

Во однос на претседателските и предвремените локални избори за градоначалници, Агенцијата информираше за почетокот на мониторинг на изборното медиумско известување на радиодифузерите, резултатите од медиумското известување пред почетокот на изборната кампања, резултатите од изборното медиумско известување во првите девет дена од кампањата и вторите десет дена од првиот круг од кампањата за Изборите 2019.

Бидејќи во првите денови од изборната кампања, во дел од ТВ спотовите на кандидатите за Претседателски избори 2019 беше регистрирано учество на малолетници, Агенцијата потсети дека не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање. Во два наврати, во првиот и вториот круг од изборниот процес, радиодифузерите беа информирани и за правилата за објавување анкети на јавното мислење и за датумите за почеток на изборниот молк.

Во однос на надзорите врз почитување на програмските обврски на радиодифузерите, Агенцијата во февруари соопшти дека првичните наоди од извршениот надзор на интервјуто на новинарот Сашо Ордановски со претседателот на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски, емитувано на 27 февруари, укажуваат дека во делови од интервјуто, новинарот ги прекршува начелата за почитување на достоинството на личноста, за пресумпција на невиноста и за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења од член 61 од ЗААВМУ. Регулаторното тело истакна дека професионалното работење на медиумите подразбира почитување на сите начела за вршење на дејноста кои се потпираат на новинарските стандарди.

Во врска со законската можност на радијата за доброволно пријавување процент на емитување домашна музика, Агенцијата информираше дека Советот на 4 февруари на седница донесе Насоки, со кои се утврдуваат роковите за пријавување, жанрот и времето за емитување на музика, согласно кои ќе се утврдува висината на надоместокот за дозвола.

По повод Деновите на жалост, прогласени поради трагичната автобуска несреќа на патот Скопје – Тетово, Агенцијата ги повика радиодифузерите на 14 и 15 февруари да ја прилагодат програмата, така што музиката ќе биде од жанрови соодветни за денови на жалост.

Преку соопштение во септември, беше истакнато дека согласно својата надлежност да го следи информирањето на радиодифузерите за родовите теми и прашања, извршен е увид во начинот на кој националните телевизии, во централни вести емитувани на 4 септември, известија за сексистичката и омаловажувачката изјава на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ Наум Стоилковски кон министерката за финансии Нина Ангеловска. Агенцијата потсети дека медиумите се независни во креирањето на својата уредувачка политика, меѓутоа треба да имаат предвид дека согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите имаат обврска да „придонесуваат за развивањето и подигањето на свеста за еднаквите можности“.

Во септември беше информирано дека Министерството за внатрешни работи до Агенцијата достави допис со кој побара реакција во врска со начинот на известување на неколку медиуми базирани на интернет за инцидентот случен на фудбалскиот натпревар во село Волино, Дебрца, на 8 септември 2019 година. Во соопштението беше посочено дека Агенцијата нема надлежност врз медиумите базирани на интернет, за што го извести МВР, но го провери начинот на известување на националните телевизии и на телевизиите што емитуваат програма во подрачјето каде што се случил инцидентот, при кој не се утврдени прекршувања на програмските принципи и стандарди.

Агенцијата ја информираше јавноста и за други прашања и случувања:

Агенцијата информираше дека стана дел од Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите, формирана на иницијатива на Советот за етика во медиумите на Македонија, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во соопштението беше истакнато дека основна цел на Мрежата е превенција на ширењето на говорот на омраза во јавната сфера, зајакнување на професионалното и етичко вршење на новинарската дејност и подигнување на свеста на пошироката популација, како и дека Агенцијата ќе продолжи со нотирање на случаите на појава на говор на омраза во медиумските содржини и согласно надлежностите кои и се доделени со последните измени на ЗААВМУ истите ќе ги санкционира.

Советот на Агенцијата на 8 февруари преку соопштение ја информираше јавноста дека Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), два месеца по ред, на Агенцијата и префрла помалку средства од законски утврдените за финансирање на радиодифузната дејност за 2019 година.

По повод одбележувањето на 13 февруари - Светскиот ден на Радиото, Агенцијата потсети дека радиото како универзален медиум кој досега до различни заедници и маргинализирани групи, е совршена платформа за едуцирање, поттикнување јавни дебати, но и за борба против насилството и конфликтите. Исто така, во светло на одбележувањето на Светскиот ден на слобода на медиумите, кој се одржа под мотото „Медиуми за демократија: новинарството и изборите во време на дезинформации“, Агенцијата потсети дека само професионалните и независни медиуми придонесуваат за општествен и демократски развој и потенцираше дека како и досега, ќе продолжи да делува проактивно на полето на унапредување на професионалните стандарди и на зголемување на свеста кај медиумите за улогата и одговорноста што ја имаат во општеството и пред граѓаните.

Агенцијата во април ја информираше јавноста дека е непријатно изненадена од одлуката на Владата да даде негативно мислење за Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година и да побара нејзино ревидирање поради тоа што не е усогласена со „другите стратешки документи за развој на оваа област“. Агенцијата посочи дека со одлуката да даде мислење и да бара ревидирање, Владата ги надмина своите надлежности и постапи спротивно на насоките од извештаите на Европската комисија за напредокот на РСМ и на препораките на Советот на Европа, за гарантирање на независноста на регулаторните тела во областа на медиумите.

Во врска со информациите во дел од медиумите дека Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) отворила предмет за две вработувања во Агенцијата, преку соопштение за јавност Агенцијата потврди дека врз основа на претходно поднесено барање од Секторот за правни работи, за потребите на мониторингот на изборниот процес, на определено време се ангажирани двајца правници. Агенцијата истакна дека ангажманот е во согласност со Изборниот законик, како и дека и стои на располагање на ДКСК и ќе и ја достави потребната документација, веднаш откако истата ќе биде побарана. На 9 мај Агенцијата ја објави Одлуката на Државната комисија за спречување корупција, со која се оценува дека Агенцијата не го прекршила Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со времено ангажирање на две лица – правници во текот на изборниот процес за претседателските избори 2019 година.

Агенцијата, во рамки на заложбите за транспарентност и отвореност, ја извести јавноста за трошоците на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски во 2019 година во два наврати - за периодот од 1 јануари до 30 јуни и за периодот од 1 јули до 31 декември.

Преку соопштение, Агенцијата ги демантираше тврдењата на Центарот за граѓански комуникации изнесени на 9 јули 2019 година за време на презентирањето на третиот извештај во рамки на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch II“, дека во однос на јавните набавки Агенцијата „има висок процент на најнепопуларното поништување односно за неприфатлива понуда“, како и дека по тој основ биле поништени 40 проценти од јавните набавки. Во соопштението меѓу другото беше истакнато дека во 2018 година, Агенцијата има реализирано 30 јавни набавки, а поради неприфатлива понуда беа поништени само две јавни набавки, па оттука, целосно е неточно дека е висок процентот на поништување.

Агенцијата преку соопштение во јули го повика Министерството за внатрешни работи, меѓуинституционалната соработка и транспарентноста кон јавноста да не ги етикетира како ширење дезинформации. Ова следеше откако МВР реагираше на изјавата на директорот на Агенцијата Зоран Трајчевски дадена за емисијата „Код“. Во соопштението беше посочено дека Агенцијата се обрати до МВР за да ги провери сознанијата дека на лицето Бојан Јовановски му било доделено обезбедување како сопственик на 1 ТВ и дека има започнато постапка за утврдување дали е прекршена законската одредба која забранува тајно содружништво. Откако МВР истиот ден достави одговор до Агенцијата, преку соопштение Агенцијата ја информираше јавноста дека МВР нема преземено никакви мерки и активности за обезбедување на наведеното лице, врз основа на што и воопшто не се ангажирани полициски службеници за негово лично обезбедување. Агенцијата посочи дека продолжува со постапката за утврдување на фактичката состојба за можното тајно содружништво во 1 ТВ, поради што се обрати и до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, и најави дека информации ќе бидат побарани и од други институции.

Агенцијата реагираше и на наводите објавени во „Топ листа на дезинформации во случајот Рекет“, изработена од F2N2, проект на Граѓанската асоцијација МОСТ – Скопје, дека директорот Зоран Трајчевски во емисијата „Код“ пласирал дезинформација, и потенцираше дека наводите се неточни и се само уште еден пример дека отсуството на проверка на фактите доведува до создавање и ширење дезинформации. Во листата, изјавата на директорот на АВМУ беше оквалификувана како дезинформација и покрај тоа што од неа беше сосема јасно дека се информира за активностите на Агенцијата во врска со покренатата постапка против 1 ТВ за утврдување тајно содружништво, односно за барањето на Агенцијата до МВР за проверка на добиените сознанија и за добивање информации од значење за постапката.

Во јули Агенцијата реагираше дека е непријатно изненадена од соопштението на Здружението на новинари на Македонија, во кое тенденциозно се сугерира дека Агенцијата не постапила во врска со можната злоупотреба на 1 ТВ за нелегални активности. Агенцијата посочи дека дејствувањето на Бојан Јовановски

и евентуалната злоупотреба на медиумот од негова страна се предмет на постапување на обвинителството, судството, финансовата полиција, а не на Агенцијата, којашто го следи почитувањето на законите за медиуми и континуирано врши надзор врз радиодифузерите, при што правилата за сопственичка структура не се исклучок, но дека Законите за медиуми не му даваат надлежност на регулаторот да го испитува потеклото на капиталот.

Во врска со написите во медиумите дека телевизија 1ТВ има нов сопственик, Агенцијата во октомври преку соопштение ја извести јавноста, дека согласно ЗААВМУ, радиодифузер, вклучувајќи ја и 1ТВ, не смее да направи промена на сопственичка структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата, додека Централниот регистар не треба да впишува промена на сопственичката структура, без одлука на Агенцијата со која се дозволува планираната промена. Беше посочено и дека од Агенцијата ниту е побарана, ниту пак е одобрена промена на сопственичката структура на 1ТВ, а имајќи ги предвид случувањата поврзани со 1ТВ, се спроведуваат низа активности за утврдување дали оваа телевизија ги исполнува условите и обврските утврдени во Законот и во дозволата за телевизиско емитување. Воедно, беше посочено дека, покрај проверката на посебните минимални просторни и кадровски услови, како и исполнувањето на програмскиот концепт за кој е доделена дозволата, Агенцијата е во координација и со Министерството за внатрешни работи во врска со одредени аспекти од работењето на оваа телевизија.

Агенцијата преку соопштение во декември ја извести јавноста дека Советот на Агенцијата на 45-та седница за 2019 година донесе одлука за доделување финансиска помош во висина од еден милион денари – донација за санирање на последиците од земјотресот што го погоди градот Драч, Република Албанија.

Беше информирано и за посетата на студенти од катедрата за медиуми и новинарство на Факултетот за Правни студии и новинарство, при Универзитетот во Тетово, кои во декември ја посетија Агенцијата.

**Редовно ажурирање на веб страниците на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик (www.avmu.mk, www.mediumskapismenost.mk)**

Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата, веб страницата www.avmu.mk беше ажурирана во текот на целата година на три јазика: македонски, англиски и албански. Имено, беа објавувани информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред беа известени сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници; записници од седници; одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- мерките изречени на радиодифузерите и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- извештаите од извршените надзори врз телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и печатените медиуми;
- ажурираните регистри на телевизии, радија, печатени медиуми, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и издадените потврди за регистрирање на програмски пакети;
- регистарот на застапници на програмски сервиси и филмски, спортски и други права и регистрираните пакети и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- поднесените претставки до Агенцијата и нивен одговор;

- поднесените барања за информации од јавен карактер и нивен одговор;
- месечните гласила (newsletters) на Агенцијата, за сите месеци - од јануари до декември 2019 година, каде се опфатени сите поважни реализирани активности на Агенцијата на месечно ниво; и
- посебниот банер „ИЗБОРИ 2019“, во кој се објавуваа сите извештаи, соопштенија, документи и други материјали поврзани со изборните процеси.

На веб страницата www.mediumskapismenost.mk на македонски, англиски и албански јазик, беа споделени сите реализирани активности на Агенцијата и Мрежата за медиумска писменост.

**Постапувања по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

До Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2019 година беа поднесени 26 барања за информации од јавен карактер. На 24 барања беше одговорено позитивно, а две барања беа отфрлени поради тоа што Агенцијата не располагаше со бараната информација од јавен карактер.

**Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера**

Во 2019 година, Агенцијата издаде публикација за застапеноста на родот во медиумите во 2018 година, која говори за состојбата со учеството на жените и мажите зад екранот и тоа на сите нивоа, од сопствениците до помошниот кадар, како и за резултатите од анализата на ТВ програмата на првиот и вториот канал на Јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните терестријални телевизии на државно ниво, од аспект на присуството и третманот на родово релевантните теми и од аспект на прикажувањето и претставувањето на мажите и жените. Публикацијата е издадена на македонски, албански и англиски јазик.

Отпечатени се и два инфографика за медиумска писменост – Зад насловите и Зад „лажните вести“, кои во оригинален формат на англиски јазик беа подготвени од Меѓународната организација ЕАВИ. Во едниот инфографик се прикажани насоки за препознавање на различните видови заведувачки вести, како што се вести кои се мамка за кликнување, спонзорирана содржина, пропаганда, дезинформации, измислици и слично. Во вториот инфографик е прикажана игра со едукативна содржина наменета за проверка на вестите на интернет – валидност на датумот на објава на содржината, дали се идентификувани авторите или се користат псевдоними и слично. Инфографиците се отпечатени на македонски и албански јазик.

**Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

Во рамки на своите заложби за транспарентност во работењето, Агенцијата на својот YouTube канал објави снимки од сите четири јавни состаноци одржани во 2019 година, видео материјалот од отворањето на Конференцијата Денови на медиумска писменост 2019, две панел дискусии – „Критичко мислење, основа за препознавање на медиумски манипулации“ и „Вклучување на медиумската писменост во образованието“ и дебатата „Младите и онлајн консумеризмот“.

**Ажурирање на содржините на Facebook страната на Агенцијата**

Агенцијата на својата Facebook страница редовно ги споделуваше сите најави за седници на Советот и за јавни состаноци на Агенцијата, како и информации за одржани настани и други активности. За активностите кои на различни локации се одвиваа за време на манифестацијата Денови на медиумска писменост 2019

година, на социјалната мрежа Facebook беа креирани четири настани (events). Линкови од настаните се достапни и на веб страницата mediumskapismenost.mk.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Во текот на 2019 година, согласно Стратешкиот план на Одделението за внатрешна ревизија за периодот од 2018 до 2020 година (бр.02-5512/1 од 12.12.2017 година) и Годишниот план на Одделението за внатрешна ревизија за 2018 година (бр.02-5511/1 од 12.12.2017 година), беа извршени три ревизии, и тоа: ревизија врз управување со ризици во Агенцијата; ревизија на процесот за јавни набавки и спроведување на договорите од јавни набавки; и Follow-up ревизија (следење на спроведувањето на препораките од претходни ревизии).

Ревизијата врз управувањето со ризици во Агенцијата беше извршена во периодот од 14 јануари до 22 мај 2019 година, а конечниот извештај беше изготвен на 21.06.2019 година. Целта на ова ревизија беше да обезбеди разумно уверување дека процесот за управување со ризици во Агенцијата е соодветен и ефективен кон постигнувањето на целите на Агенцијата. Согласно Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година (бр.02-5299/1 од 06.12.2018 година), оваа ревизија беше предвидено да се изврши од 14 јануари до 15 мај 2019 година, односно конечниот извештај од ревизијата да се изготви најдоцна до 31 мај 2019 година.

Втората ревизија се однесуваше на процесот за јавни набавки и спроведување на договорите од јавни набавки во Агенцијата, и истата имаше за цел да обезбеди разумно уверување дека овој процес е соодветен и истиот обезбедува дека набавките и плаќањата се вршат на соодветен начин и во согласност со целите на Агенцијата. Ова ревизија се реализираше во периодот од јуни до 30 септември 2019 година, а конечниот извештај се изготви на 29.10.2019 година. Согласно Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година, ревизијата на процесот за јавни набавки и спроведување на договорите од јавни набавки требаше да се реализира од 01 јуни до 13 септември 2019 година, односно конечниот извештај од ревизијата да се изготви најдоцна до 30 септември 2019 година.

Во текот на декември беше извршена Follow-up ревизија (следење на спроведувањето на препораките), која имаше за цел следење на спроведувањето на препораките и на ефективноста од нивната реализација. Оваа ревизија се спроведуваше од 05 декември до 23 декември, а конечниот извештај беше изготвен на 17.01.2020 година. Согласно Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година, Follow-up ревизијатабеше планирана да се реализира во периодот од 20 ноември до 15 декември 2019 година, односно конечниот извештај од ревизијата да се изготви најдоцна до 31 декември 2019 година.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансискиот план на Агенцијата за 2019 година се однесуваше на планирани расходи во износ од 125.145.352,00 денари и планирани приходи во износ од 135.620.000,00 денари. Во усвоениот финансиски план беа предвидени активности согласно надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од ЗААВМУ.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2019 година се однесуваа на приходи кои беа планирани да се остварат од Буџетот на РСМ за изборниот процес во 2019 година, во износ од 4.000.000,00 денари, планирани приходи од средства за финансирање на

радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 71.500.000,00 денари, планирани приходи од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 51.220.000,00 денари, планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 8.300.000,00 денари и планирани приходи од транзитни фактури во износ од 600.000,00 денари. Вкупно беа планирани приходи во износ од 135.620.000,00 денари.

<u>Вкупните остварени приходи</u> во 2019 година изнесуваат 123.104.182,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори:

- Приходи од Буџетот на РСМ за изборниот процес во 2019 година (претседателски избори) во износ од 1.892.179,00 денари;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 72.750.244,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 38.061.013,00 денари;
- Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 9.265.856,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 645.153,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 2.031,00 денари и
- Други приходи во кои влегуваат и тендерските документации во износ од 487.706,00 денари.

На 07.02.2019 година, Владата на РСМ, со Одлука бр.45-1186/1 за изборните активности во 2019 година (претседателските избори) ѝ одобри на Агенцијата средства од Буџетот на РСМ во вкупен износ од 5.250.000,00 денари. Овие средства беа наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборниот процес и беа префрлени на посебна сметка. Агенцијата средствата ги искористи за следните намени:

- за привремени вработувања беа искористени вкупно 1.563.741,00 денари со вклучен ДДВ и доплата по една фактура во вкупен износ од 44.659,00 денари, со провизија од 46 денари;
- за услугата – пренос на податоци од далечински локации со неограничен вклучен сообраќај во двата правци (download/upload), за период од три месеци беа потрошени средства во вкупен износ од 264.024,00 денари и
- за канцелариски материјали беа потрошени средства во вкупен износ од 14.040,00 денари.

Исто така од оваа сметка се платија и банкарски провизии во износ од 1.419,00 денари, месечни провизии во износ од 2.200,00 денари и дополнителни средства за затварање на сметката во износ од 2.050,00 денари.

Неискористените средства во вкупен износ од 3.357.821,00 денар, Агенцијата ги врати на трезорската сметка на Министерството за финансии.

Во 2019 година, согласно член 105 од ЗААВМУ, Министерството за информатичко општество и администрација на Агенцијата од Буџетот на РСМ ѝ исплати 72.000.000,00 денари. Исплатата се одвиваше на месечно ниво, односно месечниот износ што го добиваше Агенцијата изнесуваше 6.000.000,00 денари. Агенцијата оствари приходи и од заостанати побарувања за радиодифузна такса, кои на сметката на Агенцијата се евидентираа на дневна основа и истите за 2019 година изнесуваат 750.244,00 денари.

Во однос на горенаведеното, вкупните приходи кои се остварија за 2019 година изнесуваат 72.750.244,00 денари.

Вкупно остварените средства од дозволи за телевизиско и радио емитување во 2019 година изнесуваат 38.061.013,00 денари, а приходите од надоместокот за надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање изнесуваат 9.265.856,00 денари.

Во 2019 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 645.153,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 2.031,00 денари.

Агенцијата исто така оствари и други приходи во износ од 487.706,00 денари, од кои поголем дел се наплатени средства по судска одлука, како и уплати за тендерски документации за јавни конкурси за доделување на дозволи за емитување на телевизиска и радио програма.

<u>Вкупно направените расходи</u> во 2019 година изнесуваат 79.645.161,00 денари.

Направените расходи се однесуваат на следните цели:

- потрошени суровини и материјали, односно за набавка на ситен инвентар во употреба, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 816.946,00 денари;
- потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија во износ од 2.273.517,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување и сервис на компјутерскиот систем на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) на Агенцијата, за одржување на постојната WEB страна на Агенцијата, за одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми (НАВС), за одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи', за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 5.738.269,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 168.291,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.506.654,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 536.356,00 денари;
- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на 8 различни локации во Република С.Македонија се потрошени средства во износ од 1.197.155,00 денари;

- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, стручна литература и интернет пристап на електронски изданија на Службен весник на Република Македонија и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 196.561,00 денари;
- за расходи за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 25.682,00 денари;
- за расходи за одржување на работилници и организација на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 57.975,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 83.394,00 денари;
- за осигурување на опремата која ја поседуваме, како и деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 266.216,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 2.146.898,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 381.458,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 976.874,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 8.490.667,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 47,00 денари;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА), се потрошени средства во износ од 209.610,00 денари;
- за други видови членарини се потрошени средства во износ од 1.000,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања и тоа: надворешни соработници за мониторинг во сектор за програмски работи, правници во сектор за правни работи, еден надворешен соработник во сектор за стратешко планирање и авторски права, еден надворешен соработник во сектор за поддршка на работата на директорот и на советот, надворешни соработници во сектор за информатичка поддршка и општи работи, за ангажирање на биро за преведување и одржување на хигиената во деловните простории се потрошени средства во износ од 3.505.293,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 337.170,00 денари;
- за нотарски услуги и услуги од извршители се потрошени средства во износ од 12.531,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 222.354,00 денари;
- за анализа на родовите прашања, за податоци од електронското мерење на гледаноста на ТВ програмите и за податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, се потрошени средства во износ од 1.525.573,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на WEB страната на Агенцијата, за службени огласи, за систематски прегледи, за доставување на сигнал за системот за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која се испорача согласно ИПА проектот 2011), односно за пренос на податоци од далечински локации и за други трошоци, како што е изработката на пропаганден материјал се потрошени средства во износ од 2.082.999,00 денари;
- за исплата на рати за купеното службено моторно возило на Агенцијата се потрошени средства во износ од 396.168,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема – компјутери, се потрошени средства во износ од 4.212.120,00 денари;

- за набавка на друга опрема за потребите на Агенцијата се потрошени средства во износ од 132.460,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен и за ISO (9001:2015) сертификација по постоечки договор, се потрошени средства во износ од 29.441,00 денари и
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба, се потрошени средства во износ од 42.115.482,00 денари.

Во 2019 година, вкупно реализираните приходи се поголеми за 43.459.021,00 денари отколку вкупните расходи.

**Бр.**01-1364/1
25.03.**2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

# ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ

**ПРИЛОГ БР. 1**

## Поведени прекршочни постапки против радиодифузерите за констатирани прекршувања за време на изборите на претседател на Република Северна Македонија и за предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на Општина Ново Село и градоначалник на Општина Дебар во 2019 година

| 1. Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово | |
|---|---|
| Подрачје на емитување | Регионално ниво за подрачјето Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино) |
| Прекршена одредба | Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од Упатството за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година бр.01-1802/1 од 29.03.2019 година |
| Опис на прекршувањето | Програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово во повеќе реални часови емитувана програма на 1, 2, 5 и 6 април 2019 година, одвои повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање во еден реален час за кандидатот за претседател Блерим Река, поддржан од политичките партии во опозиција |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот, за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 08.04.2019 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | Бр.03-2124/1 од 08.04.2019 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2124/1 од 08.04.2019 година<br>2. Пресуда на Основниот суд Тетово ПРК-О-130/19 од 11.06.2019 година (наш.арх.бр.03-2124/6 од 01.07.2019 година) со која обвинетите се огласуваат за виновни и им се изрекува прекршочна санкција - глоба (2000 евра во денарска противвредност за правното лице и 600 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице) |

| 2. Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Подрачје на емитување | Територија на Република Македонија |
| Прекршена одредба | Член 76 став 4 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | Програмскиот сервис на на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 22 април 2019 година, емитуваше платено политичко рекламирање во посебната информативна програма „Отворено студио 1“, во која на тема избори се разговараше со Влатко Ѓорчев од ВМРО-ДПМНЕ, Мухамед Зекири од СДСМ и Арбен Таравари од Алијанса за Албанците |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот, за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 24.04.2019 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | Бр.03-2399/1 од 24.04.2019 година |
| Тек на постапката | Завршена |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2399/1 од 24.04.2019 година<br>2. Писмена одбрана од обвинетото ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, преку бранител адвокат Иво Савиќ наш арх.бр.03-2399/3 од 03.05.2019 година<br>3 .Писмена одбрана од обвинетата Јасна Ерцеговиќ наш арх.бр.03-2399/4 од 03.05.2019 година<br>4. Одговор од страна на Агенцијата на писмена одбрана поднесена од страна на обвинетото |

| | |
|---|---|
| | ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, преку бранител адвокат Иво Савиќ, наш арх.бр.03-2399/5 од 06.05.2019 година<br>5. Одговор од страна на Агенцијата на писмена одбрана поднесена од страна на обвинетата Јасна Ерцеговиќ наш арх.бр.03-2399/6 од 06.05.2019 година<br>6. Пресуда на Основниот суд Скопје I Скопје 20 ПРК-О-292/19 од 06.05.2019 година (наш арх.бр.03-2399/7 од 20.05.2019 година) со која на обвинетите (ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и Јасна Ерцеговиќ) им се изрекува прекршочна санкција – Опомена<br>7. Жалба од Агенцијата бр.03-2399/8 од 22.05.2019 година против Пресудата на Основен суд Скопје 1 Скопје 20ПРК-О-292/19 од 06.05.2019 година<br>8. Пресуда на Апелациониот суд Скопје ПРКЖ-909/19 од 12.07.2019 година (наш арх.бр.03-2399/9 од 29.08.2019 година) со која Жалбата на Агенцијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА, а Пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје ПРК-О-292/19 од 06.05.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА. Пресудата 292/19 од 06.05.2019 година е правосилна на 12.07.2019 година, а извршна на 29.07.2019 година |

| **3. Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ** | |
|---|---|
| Подрачје на емитување | Регионално ниво за подрачјето Д6 - Мали Влај (Охрид, Струга, Вевчани, Дебарца) |
| Прекршена одредба | Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од Упатството за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година бр.01-1802/1 од 29.03.2019 година |
| Опис на прекршувањето | Програмскиот сервис на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, во текот на четири реални часа емитувана програма на 2 и на 3 мај 2019 година, одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите на политичките партии на власт - за кандидатот за претседател Стево Пендаровски и за кандидатот за градоначалник на Охрид, Константин Георгиески |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот, за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 08.05.2019 година |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | Бр.03-2635/1 од 08.05.2019 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2635/1 од 08.05.2019 година |

| **4. Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш** | |
|---|---|
| Подрачје на емитување | Регионално ниво за подрачјето на Д4 - Боскија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран, Гевгелија) |
| Прекршена одредба | Член 76-б став 3 од Изборниот законик |
| Опис на прекршувањето | Програмскиот сервис на ТРД телевизија КОБРА ДОО Радовиш, во вестите емитувани на 4 мај во 17:30 часот, 20:00 часот и во 23:00 часот како и во вестите емитувани на 5 мај во 17:30 часот, емитуваше изјави од носителите на функции во органите на власта - премиерот Зоран Заев и вицепремиерот за економски прашања Кочо Анѓушев |
| Пропишани глоби во закон | 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот, за одговорното лице на радиодифузерот |
| Датум на спроведување на постапката | 08.05.2019 година |

| | |
|---|---|
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | Бр.03-2636/1 од 08.05.2019 година |
| Тек на постапката | Во тек |
| Фаза на прекршочната постапката | 1. Поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2636/1 од 08.05.2019 година<br>2.Решение на Основниот суд Радовиш ПРК-О-129/19 од 25.06.2019 година (наш.арх.бр.03-2636/4 од 01.07.2019 година) со која на обвинетите им се изрекува опомена<br>3.Жалба од Агенцијата наш арх.бр.03-2636/5 од 05.07.2019 година против Решение на Основниот суд Радовиш ПРК-О-129/19 од 25.06.2019 година<br>4. Одговор на жалба бр.03-2636/6 од 26.09.2019 година<br>5. Одговор во врска со доставениот одговор на жалба од страна на обвинетите од Агенцијата бр.03-2636/7 од 27.09.2019 година<br>6. Решение од Апелациониот суд Штип ПРКЖ-351/19 од 28.10.2019 година (наш арх.бр.03-2636/8 од 05.12.2019 година) со кое жалбата на Агенцијата се уважува и по повод жалбата и по службена должност Решението на Основниот суд Радовиш Прко.129/19 од 25.06.2019 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување |

**ПРИЛОГ БР. 2**

## Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и одбиени барања за распишување јавен конкурс

### Дозволи за телевизиско емитување

| **1. Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера /Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање бр.03-1542/1 од 17.12.2018 година (наш Уп1 бр.08-555 од 19.12.2018 година, со дополнување од 09.01.2019 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Дигитален терестријален мултиплекс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/ Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр.085-555 од 08.02.2019 година, за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што, поради нерасполагање со нови податоци за економското работење на радиодифузерите од претходната година (2018 година) и ограничувањата за подготвување и целосно спроведување на јавна набавка за ангажирање на специјализирана агенција која ќе спроведе јавно истражување, поради вообичаените забрани за спроведување на постапките за јавни набавки по распишување на избори, активностите за изработка на нова Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, која Агенцијата има обврска да ја изработи согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се преземат веднаш по завршувањето на Претседателските избори во Република Македонија 2019 година, по прием на писмено барање од заинтересирана страна (доколку барателот е се уште заинтересиран) |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување на одлука | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Февруари 2019 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одбивање на писмено барање |

**Дозволи за радио емитување**

| 1. Фисник Татеши од Струга | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера /Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | По службена должност од страна на Агенцијата |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Радиофреквенција |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/ Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола Уп1 бр.08-527 од 23.11.2018 година<br>Одлука УП1 бр.08-527 од 25.01.2019 година за изменување на одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола Уп1 бр.08-527 од 23.11.2018 година<br>* Врз основа на Барање за одлагање на извршување поднесено од страна на ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип и Слободанка Блажевска од Штуп (Уп1 бр.08-527 од 30.04.2019 година), Советот на Агенцијата на 20-та седница, одржана на 03.05.2019 година донесе Решение Уп1 бр.08-527 од 03.05.2019 година за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Пријава Уп1 бр.08-84 од 22.02.2019 година, со дополнување од 26.02.2019 година (доставено во пошта на 23.02.2019 година) |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување на одлука | Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Службен весник на РМ (бр.216 од 26.11.2018 година)<br>Службен весник на РМ (бр.18 од 28.01.2019 година) |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Април 2019 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Доделување на дозвола |

| 2. Газменд Лечини | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера /Писмено барање за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Барање бр.08-2732/1 од 15.05.2019 година, со дополнување од 22.07.2019 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола/ Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука за одбивање на барањето за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подачјето на општина Струга<br>Уп1 бр.08-436 од 26.08.2019 година,затоа што со Студијата бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година, се утврди дека не постои оправданост за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Струга |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување на одлука | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на одбивање на барањето | Август 2019 година |
| Доделување на дозвола/Одбивање на барање | Одбивање на писмено барање |

**ПРИЛОГ БР. 3**

## Одлуки за доделување на дозвола за телевизиско и радио емитување без објавување на јавен конкурс и отфрлени барања за доделување дозвола

### Дозволи за телевизиско емитување

| 1. Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп | |
|---|---|
| Број и датум на Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс | Барање бр.08-528 од 21.11.2018 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи органичен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Уп1 бр.08-528 од 11.01.2019 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на отфрлање на барање | Јануари 2019 година |
| Доделување на дозвола/Отфрлање на барање | Отфрлање на барање |

| 2. Трговско радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово | |
|---|---|
| Број и датум на Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс | Барање бр.08-566 од 27.12.2018 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Уп1 бр.08-566 од 04.02.2019 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на отфрлање на барање | Февруари 2019 година |
| Доделување на дозвола/Отфрлање на барање | Отфрлање на барање |

| 3. Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп | |
|---|---|
| Број и датум на Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс | Барање бр.08-46 од 08.02.2019 година со дополнувања од 21.02.2019 година и 22.02.2019 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Државно |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Уп1 бр.08-46 од 25.02.2019 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на отфрлање на барање | Февруари 2019 година |
| Доделување на дозвола/Отфрлање на барање | Доделување на дозвола |

| 4. Љеонит Мусаи и Друштво за аудио и видео продукција ЛЕДИ ПРОДУЦТИОН ДООЕЛ Струга - Подружница ДИАСПОРА ФОЛК Струга | |
|---|---|
| Број и датум на Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс | Барање бр.08-207 од 12.04.2019 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Уп1 бр.08-207 од 30.05.2019 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на отфрлање на барање | Мај 2019 година |
| Доделување на дозвола/Отфрлање на барање | Отфрлање на барање |

| 5. Трговско радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово | |
|---|---|
| Број и датум на Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс | Барање бр.08-325 од 19.06.2019 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Уп1 бр.08-325 од 07.08.2019 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на отфрлање на барање | Август 2019 година |
| Доделување на дозвола/Отфрлање на барање | Отфрлање на барање |

| 6. Друштво за трговија и услуги КИСС & МЕНАДА ДОО Тетово | |
|---|---|
| Број и датум на Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс | Барање бр.08-466 од 17.09.2019 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување на дозвола/ Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс | Уп1 бр.08-466 од 19.11.2019 година |
| Месец и година на доделување на дозвола/година на отфрлање на барање | Ноември 2019 година |
| Доделување на дозвола/Отфрлање на барање | Доделување на дозвола |

**ПРИЛОГ БР. 4**

**Решенија за преземање мерка - јавна опомена кон радиодифузери во 2019 година**

| Реден број | Назив на радиодифузер кој е опоменат | Архивски број (Уп 1 број ) и датум на решението за јавна опомена | Одредба од ЗААВМУ/ЗМ која е повредена | Опис на повредата | Месец на изрекување на мерката |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | Уп1 бр.03-30 од 26.02.2019 година | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 11 и 25 декември 2018 година, во рамки на изданијата на „24 Отворено" емитувани се делови од емисиите на бугарски, односно на српски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик. | февруари |
| 2 | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) | Уп1 бр.03-72 од 08.03.2019 година | Член 14 од Законот за медиуми | ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 16 јануари 2019 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. | март |
| 3 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Втор програмски сервис (МРА2) | Уп1 бр.03-122 од 08.03.2019 година | Член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Втор програмски сервис (МРА2), во рамките на својот радио програмски сервис емитуван на 17 јануари 2019 година, не обезбеди најмалку 30% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. | март |
| 4 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Прв програмски сервис (МРА1) | Уп1 бр.03-82 од 08.03.2019 година | Член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Прв програмски сервис (МРА1), во рамките на својот радио програмски сервис, емитуван на 18 јануари 2019 година, не обезбеди најмалку 50% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. | март |
| 5 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Трет програмски сервис (МРА3) | Уп1 бр.03-123 од 08.03.2019 година | Член 14 од Законот за медиуми | ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Трет програмски сервис (МРА3), во рамките на својот радио програмски сервис емитуван на 16 јануари 2019 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. | март |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-71 од 11.03.2019 година | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 14, 15, 16, 17, 21 и 22 јануари 2019 година, играниот серијал „Животинско царство“, го емитуваше погрешно како програма од Трета категорија (12+) и во несоодветен временски период од денонокието, пред 22 часот. | март |
| 7 | Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-88 од 18.03.2019 година | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица | ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 23 јануари 2019 година, промотивните најави за играните серијали „Викинзи“ и „Падот“, не ги обележал со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. | март |
| 8 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-80 од 18.03.2019 година | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис на 4 февруари, делови од емисиите „Фчерашни новости“, „Зевзекманија“ и „Најдобрите совети“ ги емитуваше на странски јазици, без превод на македонски јазик. | март |
| 9 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-139 од 18.03.2019 година | Член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 2 февруари 2019 година, во емисијата „Избор на најдобри рецепти“ им е придадена претерана важност (истакнување или упатување) на повеќе производи на фирмите „Макс“ и “Златиборац“. | март |
| 10 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-138 од 18.03.2019 година | Член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 2 февруари 2019 година, во емисијата „Ново лото“ емитуваше три блока рекламирање на поделен екран, иако изданието на емисијата е покусо од 15 минути. | март |
| 11 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-178 од 22.03.2019 година | Член 14 од Законот за медиуми | ТРД друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емиуван на 2 февруари 2019 година, во емитуваната програма „Незадолжително“ не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. | март |
| 12 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | Уп1 бр.03-136 од 03.04.2019 година | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | На телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип погрешно беа означени 14 епизоди од италијанскиот криминалистички серијал „Прашање на чест“, емитувани на 5, 6, 7, 8, 12, 13, 14, 15, 16, 19, 20, 21, 22 и 26 февруари 2019 година. | април |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-200 од 25.04.2019 година | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На телевизискиот програмски сервис на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Отворено студио 1“ е емитуван разговор (интервју) со претседателот на Либерално-демократска партија од Србија, Чедомир Јовановиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. | април |
| 14 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | 03-202 од 25.04.2019 година | Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Програмскиот сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 4 февруари 2019 година не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик и половина од неа не ја емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот. | април |
| 15 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп бр.03-203 од 25.04.2019 година | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица | ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис емитуван на 2 февруари 2019 година не ги означи промотивните најави за играниот серијал – „Vajzat e diellit“ со сигнализацијата за заштита на малолетните лица. | април |
| 16 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп бр.212 од 25.04.2019 година | Член 14 од Законот за медиуми | ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис во дел од емитуваните програми на 2 февруари 2019 година не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. | април |
| 17 | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | Уп бр. 03-215 од 25.04.2019 година | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис, на 15, 16 и 17 април 2019 година, во рамки на две изданија на емисијата КЛИК ПЛУС, репризирани по двапати, во текот на истиот, односно наредниот ден, говорот на водителот на емисијата Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или на македонски јазик. | април |
| 18 | Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ – РАДИО ОХРИД ДООЕЛ | Уп бр.03-221 од 09.05.2019 година | Член 15 став 3 од Законот за медиуми | ТРД Зоран Здравковиќ МХ – РАДИО ОХРИД ДООЕЛ, во првиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. | мај |
| 19 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-210 од 09.05.2019 година | Член 14 од Законот за медиуми | ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, во дел од емитуваните програми на 2 февруари 2019 година не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. | мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-211 од 09.05.2019 година | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, на 2 февруари 2019 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. | мај |
| 21 | Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-209 од 09.05.2019 година | Член 14 од Законот за медиуми | ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во дел од емитуваните програми на 2 февруари 2019 година не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. | мај |
| 22 | Трговско радиодизуфно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово | Уп1 бр.03-201 од 09.05.2019 година | Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | ТРД КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 4 февруари 2019 година не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик. | мај |
| 23 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр.03-223 од 22.05.2019 година | Член 15 став 1 од Законот за медиуми | ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2018 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2018 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност во 2018 година. | мај |
| 24 | Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола | Уп1 бр.03-222 од 30.05.2019 година | Член 15 став 1 од Законот за медиуми | ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2018 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2018 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната слушаност во 2018 година. | мај |
| 25 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес | Уп1 бр.03-262 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
| 26 | Друштво за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип | Уп1 бр.03-272 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Трговско друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица | Уп1 бр.03-258 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
| 28 | Радиодифузно трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани | Уп1 бр.03-276 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
| 29 | Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Уп1 бр.03-279 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
| 30 | Трговско радио – дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово | Уп1 бр.03-270 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа | јуни |
| 31 | Трговско радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица | Уп1 бр.03-273 од 06.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
| 32 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница | Уп1 бр.03-277 од 07.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Трговско радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-275 од 07.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување,ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
| 34 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО 106 Битола ДООЕЛ | Уп1 бр.03-271 од 07.06.2019 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. | јуни |
